# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК 6

## УЧЕБНИК ЗА ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ДЕВЕТГОДИШНОТО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК 6**
УЧЕБНИК ЗА ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ДЕВЕТГОДИШНОТО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Автори:**
Адриана Ѓоргиев
Евгенија Дика Талеска

**Рецезенти:**
Виолета Јанушева
Александра Ангелевска
Александра Лазаревска

**Лектура:**
Евгенија Дика Талеска

Со одлука за одобрување на учебникот по предметот Македонски јазик за шесто одделение во деветогодишно основно образование, бр. 26-2253/1 од 26.09.2023 година донесена од Националната комисија за учебници.

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК 6

## УЧЕБНИК ЗА ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ДЕВЕТГОДИШНОТО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## СОДРЖИНА:

1. ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА ........ 7

2. КОМУНИКАЦИЈА ........ 8
— Поим и елементи на комуникацијата ........ 8
— Видови комуникација ........ 10
— Повторување (провери го знаењето) ........ 11

3. НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ ........ 12

4. ФОНЕТИКА ........ 13
— Поделба на гласовите ........ 14
— Поделба на согласките според звучноста ........ 16
— Гласовни промени ........ 17
— Акцент — поим и правила за акцентирање ........ 19
— Акцентирање на сложени зборови ........ 21
— Повторување ........ 23

5. МОРФОЛОГИЈА ........ 24
— Именки — поим и видови ........ 25
— Граматички категории на именките ........ 26
— Придавки — поим и видови ........ 29
— Граматички категории на придавките ........ 29
— Заменки — лични и показни ........ 31
— Глаголи — поим, значење и класификација ........ 34
— Граматички категории на глаголите (лице, број и вид) ........ 35
— Прости глаголски форми ........ 38
— Категорија време на глаголите (сегашно, минато определено и идно време) ........ 38
— Повторување ........ 42

6. СИНТАКСА ........ 43
— Модална карактеристика на реченицата ........ 44
— Граматичка структура на реченицата ........ 45
— Главни реченични членови (глаголски прирок, зборови во функција на подмет) ........ 46
— Повторување ........ 51

7. ЛЕКСИКОЛОГИЈА ........ 48
— Лексичко значење на зборовите (видови зборови според лексичкото значење) ........ 50
— Повторување ........ 51

8. ПРАВОПИС ........ 52
— Употреба на голема буква ........ 52
— Интерпункциски знаци (точка, запирка, прашалник, две точки, три точки, извичник, наводници) ........ 54
— Делење на зборовите на крајот од редот (цртичка) ........ 56
— Читање и слушање со разбирање ........ 57
— Пишување текстови со користење податоци ........ 59

9. ПОИМ ЗА ЛИТЕРАТУРА ... 62
— Поделба на литературата според формата на пишување ... 64
— Поделба на литературата според внатрешните својства (литературни родови) ... 65
— Поделба на литературата според авторството ... 67
— Повторување ... 70

10. ЛИРИКА — СТРУКТУРНИ БЕЛЕЗИ НА ПОЕЗИЈАТА ... 71
— Да го препознаеме лирскиот субјект ... 74
— Стих и строфа (видови строфи) ... 76
— Слободен и врзан стих ... 80
— Мотив и видови лирски песни ... 82
— Родољубиви песни ... 82
— Описни (пејзажни) лирски песни ... 84
— Поетски слики ... 86
— Рима ... 87
— Стилски фигури ... 88
— Епитет ... 88
— Компарација ... 90
— Ономатопеја ... 92
— Персонификација ... 95
— Повторување ... 97

11. ЕПИКА ... 98
— Раскажувач — видови раскажувачи ... 101
— Елементи на прозен текст ... 104
— Мит ... 108
— Сказни ... 110
— Реалистични приказни ... 114
— Споредба помеѓу фантастична сказна и реалистична приказна ... 117
— Повторуваме за да запомниме ... 119
— Расказ — поим и елементи ... 120
— Роман — поим и елементи ... 124
— Авантуристички роман ... 126
— Повторуваме за да запомниме ... 127

12. ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ ... 128
— Раскажување и прераскажување ... 129
— Опишување (природна појава, пејзаж, предмет, лик, личност и настан) ... 132
— Самостојно пишување текстови ... 139

13. МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ ... 140
— Улогата на новинарството ... 141
— Слободата на изразувањето и етичкото однесување во дигиталниот простор ... 144
— Стереотипи и говор на омраза во медиумите и на социјалните мрежи ... 146
СПИСОК НА НЕПОЗНАТИ И ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ЗБОРОВИ ... 148
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ... 152

# ДРАГ УЧЕНИКУ/ДРАГА УЧЕНИЧКЕ,

Пред тебе е учебникот по македонски јазик за шесто одделение, изработен според наставниот план и програма, во согласност со сите педагошки барања, стандарди и цели. Нашата основна цел е да ти понудиме учебник во кој ќе ги најдеш сите потребни и корисни информации и кој истовремено ќе ти биде интересен и забавен.

Започнувајќи ја оваа учебна година во шесто одделение, ти свртуваш сосема нов лист, започнуваш ново, поинакво поглавје од твоето образование. Секој ќе ги доживее нештата што ги учи на посебен начин, со посебно задоволство, различно од останатите бидејќи секој е посебна индивидуа, различна од сите, што се развива и расте во ова општество на промени и секојдневни нови откритија.

Овој учебник ќе ти биде неповторливо искуство затоа што само еднаш ќе бидеш шестоодделенец/шестоодделенка, а сите знаења што ќе ги усвоиш годинава, ќе можеш да ги надградуваш понатаму. Твоите знаења и способности ќе те прават подобра личност што ќе се насочи кон остварување на замислените цели и желби во иднината која те очекува.

Часовите по мајчин, македонски јазик не треба да бидат здодевни, па, затоа, направивме учебник, близок до новите стандарди што ги нуди ова наше општество, но близок и до твоите желби и интереси. Не плаши се ако некои наставни единици, на прв поглед, изгледаат тешки и комплицирани. Затоа сме тука ние, твоите наставници/наставнички, да те водиме по сите угорнини и надолнини и само така заедно ќе успееме во совладувањето на тешкотиите и во извојувањето на „конечната победа“, наречена успешно завршена учебна година! А, награда ќе бидат твоите добри оценки, но и твоите нови знаења. Знаеме и веруваме дека на крајот на оваа учебна година, ти ќе бидеш побогат/а за многу нови знаења и вештини.

Наставните единици од областа Јазик и комуникација ќе ти ги покажат правилата и законитостите на нашиот јазик за да можеш појасно и попрецизно да ги изразиш твоите мисли и ставови. Ако го сакаш и почитуваш твојот мајчин јазик, се почитуваш себеси, но ги почитуваш и твојата татковина и народот на кој му припаѓаш. Исто така ги почитуваш твојата националност и твојот идентитет. Преку солидно познавање на мајчиниот јазик, ќе имаш поголеми можности за изучување и на туѓите јазици.

Наставните единици од Литература, заедно со оние од Изразување и творење и Медиумска писменост, пак, ти овозможуваат да ја опишеш, изразиш и претставиш убавината на зборот создавајќи една голема уметност. И, можеби, најважно од сè, успешно да пливаш во морето од информации што нè опкружува во ова наше денешно секојдневие. Читањето ти отвора нови бескрајни хоризонти и визии, те води по нови, досега за тебе непознати патишта, те поттикнува да мислиш, самостојно да изведуваш заклучоци и да правиш правилни избори. Ти помага и полесно да го разбереш светот околу тебе, те прави послободен/пслободна и поуспешен/поуспешна. Така, заедно со тебе, ќе можеме да го направиме светот што те очекува, подобро место за живеење.

Овој учебник ќе те научи и ќе те насочи кон идните постапки, за кои сам/а ќе бидеш одговорен/одговорна. И нема да се плашиш од промени зашто ти во иднина, ќе го креираш твојот свет.

Ти можеш, знаеш и умееш да се снајдеш во секоја ситуација. А ние сме тука да те научиме на она што не го знаеш. Затоа, нека ти биде лесно учењето бидејќи само со упорност и ангажирност ти, а и сите наши други ученици, ќе станете вистински големи личности, со кои ние ќе се гордееме.

Овој учебник нека ти биде верен другар и учител во новата учебна година. Среќно!

Од авторките

# ПОДРАЧЈЕ
# ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА

КОМУНИКАЦИЈА
НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ
ФОНЕТИКА
МОРФОЛОГИЈА
СИНТАКСА
ЛЕКСИКОЛОГИЈА
ПРАВОПИС
ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ
СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ
ПИШУВАЊЕ ТЕКСТОВИ СО
КОРИСТЕЊЕ ПОДАТОЦИ

„...Тој ни е завет од дедовците
како тланикот на огништето.
Чувај го како црнка во очите –
– без јазик си никој и ништо.“

В. Подгорец

„Мудрите луѓе говорат бидејќи имаат што да кажат, а сите останати – бидејќи мораат нешто да кажат.“

Платон

# КОМУНИКАЦИЈА
# Поим и елементи на комуникацијата

Со твоето другарче во клупата, обиди се да размениш неколку информации и заедно дискутирајте за нив! Одговори ги следниве прашања!

1. Што, всушност, правиме кога разменуваме информации? Како поинаку можеме да го наречеме тој процес?

2. Колку учесници минимум се потребни за да се разменат информации?

3. Дали животните разменуваат информации меѓу себе? Дали има случаи кога некои животни разменуваат информации со човекот? Наведи примери!

4. На колку различни начини може да се разменуваат информации меѓу луѓето?

5. Можеме ли да разменуваме информации со луѓе кои во моментот се далеку од нас? Како го правиме тоа, кои средства ни помагаат во тоа?

6. Каква порака носат во себе следниве илустрации?







Процесот на размена на информации се нарекува **комуникација** или **општење.**

Сите живи суштества можат да комуницираат, но луѓето се разликуваат од сите други по тоа што се единствени што при комуникацијата, го користат јазикот (во усна или писмена форма).

Јазикот е **најсовршено средство за комуникација** меѓу луѓето.

Освен јазикот, се користат и други средства за комуникација:

- Знаци (**сигнали и симболи**).
- **Гестови** (движење со рацете или со другите делови од телото, на пример, со главата).
- **Мимики** (движење со мускулите на лицето и очите) и сл.

За да се реализира комуникацијата, се потребни **три основни елементи:**

испраќач ↔ порака ↔ примач

**За размислување**

Дали можеме да комуницираме без да разговараме?

**ЗАДАЧИ**

1. Определи ги елементите на секоја твоја комуникација од претходната активност! Која беше пораката, кој беше испраќачот, а кој примачот?
2. Со помош на гестови и мимики, испрати некаков сигнал до твоите другари!



# Видови комуникација




Што забележуваш од сликата?
Колку видови комуникација има?
Според кој критериум се врши поделбата?

Значи, има четири критериуми врз основа на кои се разликуваат осум видови комуникација.

▶ Според учеството на говорот во комуникацијата:
- **вербална** (се употребува говор),
- **невербална** комуникација (се употребуваат гестови и мимики).

▶ Според употребата на знаците:
- **сигнална** (се употребуваат знаци со некаква намера – **сигнали,** на пр.: семафор со запалено црвено светло како знак дека треба да застанеме),
- **симболична** (се употребуваат знаци без намера – **симболи**, на пр.: гулаб како симбол на мирот).

▶ Според начинот на кој се пренесува информацијата:
- **еднонасочна** (кога примачот само ја прима информацијата, но нема можност да возврати),
- **заемна** (кога се очекува и примачот има можност да одговори, односно да возврати).

▶ Според употребата на средства за комуницирање:
- **непосредна** (кога информацијата се пренесува директно, без употреба на технички средства за комуникација),
- **посредна** (кога се употребуваат различни средства за комуникација: телефон, компјутер, радио, телевизија и сл.).

# ПРОВЕРИ ГО ЗНАЕЊЕТО!

1. Што претставува комуникацијата?
2. Кое е најсовршено средство за општење меѓу луѓето?
3. Кои други средства, освен јазикот, се користат во процесот на комуникација?
4. Колку видови комуникација има?
5. Каква порака упатува до тебе звукот на училишното ѕвонче? Каков вид комуникација е тоа според:
   – употребата на говорот,
   – видот на знакот што е употребен,
   – начинот на кој се пренесува информацијата,
   – употребата на техничките средства при комуникацијата?
6. Со твојот другар од клупата, обиди се да креираш и презентираш неколку модели за пренесување пораки во различни комуникациски ситуации! (на пример: кога сте еден до друг, кога користите некое средство за комуникација, кога сте на определено растојание, кога не се слушате добро меѓу себе, а немате на располагање средство за комуникација и сл.)



# НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ

Науката за јазикот ги опфаќа следниве дисциплини:

| | |
|---|---|
| **ФОНЕТИКА** | наука за гласовите |
| **МОРФОЛОГИЈА** | наука за видовите зборови и за нивните форми |
| **СИНТАКСА** | наука за речениците |
| **ЛЕКСИКОЛОГИЈА** | наука за зборовниот состав на јазикот |

**За оние што сакаат да знаат повеќе**

**Науката за јазикот се вика лингвистика.**

**Граматиката е дел од науката за јазикот.**

Да го разгледаме зборот **јазик** во следнава реченица, од гледна точка на одделните јазични дисциплини!

МАЈЧИНИОТ ЈАЗИК Е НАШЕ НАЈГОЛЕМО БОГАТСТВО.

збор составен од пет гласа ј-а-з-и-к, две самогласки и три согласки

именка, во машки род, еднина

подмет во реченицата

збор со две значења: средство за комуникација и орган во устата

# ФОНЕТИКА

## (наука за гласовите)

Изговори го гласно зборот **љубов**, а потоа запиши го!

1. Дали можеме овој збор да го поделиме на составни делови?

2. Дали тие делови дополнително може да се поделат?

3. Кој е најмалиот дел од зборот што понатаму не може да се дели?

4. Колку гласови има овој збор?

Секој глас го бележиме со посебен знак (**буква**). Македонската азбука се вика **кирилица** и има 31 буква.

### За оние што сакаат да знаат повеќе

**Гласот што внесува разлика во значењето на зборовите се вика фонема.**

**На пр.: бела – цела, посетува – полетува, разликува – развикува и сл.**

**Науката што ги проучува фонемите се вика фонологија.**

# ПОДЕЛБА НА ГЛАСОВИТЕ

## (самогласки, согласки и самогласно р)

Изговори го гласно зборот **среќа** неколкупати! Потоа, подели го на гласови и изговори го секој глас одделно!

Што забележуваш? Кои гласови се изговараат најлесно и најгласно?

Обрни внимание на движењето на воздушната струја во усната празнина!

Во македонскиот јазик има **31 глас**. Гласовите А, Е, И, О и У се изговараат слободно, т. е. воздушната струја слободно минува низ усната празнина. Овие гласови се викаат **самогласки.**

При изговорот на останатите 26 гласа, воздушната струја наидува на различни пречки или теснини во усната празнина. Тие гласови се викаат **согласки.**

### За оние што сакаат да знаат повеќе

Самогласките уште се викаат **вокали**, а согласките **консонанти.**

Со комбинирање на самогласки и согласки, се создаваат **слогови**.
На пр.: м**а**ј-к**а**, т**е**т-р**а**т-к**а**, с**о**з-д**а**-в**а**, р**а**с-т**е**-њ**е**, м**у**д-р**о**ст и др.
Носители на слоговите се самогласките, односно самогласките имаат слоготворна функција.

И гласот Р може да биде носител на слог, т. е. да има слоготворна функција, кога:
– се наоѓа меѓу две согласки (на пр.: д**р**во, п**р**в, ц**р**ква и сл.),
– се наоѓа на почетокот на зборот, а по него следи согласка (’ржи, ’рти, ’ркулец и сл.). Во овој случај, пред самогласното р се пишува **апостроф** (’).

## За оние што сакаат да знаат повеќе

**Бројот на самогласки го определува бројот на слогови во зборот.**

**Ако се најдат две согласки една до друга, тие се разделуваат во различни слогови. (на пр.: мај-ка, рас-те, тет-рат-ка и сл.)**

**ЗАДАЧИ**

1. Следниве зборови подели ги на слогови и подвлечи ги гласовите што се носители на слоговите: тврдоглавост, долговечност, растение, притиска, разлика, истомисленици, радост, животно!

2. Поврзи ги слоговите во зборови и најди ги зборовите во кои Р има улога на самогласка!

| | |
|---|---|
| мес | во |
| ср | це |
| тре | тен |
| пр | ва |
| зла | то |

3. Определи во кои зборови има самогласно р!

Другарка ми Ирена доби прекрасен прстен за роденден.

Петар е првенец на нашата генерација.



# ПОДЕЛБА НА СОГЛАСКИТЕ СПОРЕД ЗВУЧНОСТА

1. Прочитај ги гласно низите од согласки! Што забележуваш, во однос на нивната звучност?

2. Во која низа согласките имаат најголема звучност, а во која најмала?

3. Изговори ги гласно паровите од следниве согласки! Б–П; В–Ф; Г–К... Што забележуваш?

| сонанти: | Р, Л, Љ, М, Н, Њ, Ј | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| звучни: | Б | В | Г | Д | Ѓ | Ж | З | Ѕ | Џ | |
| безвучни: | П | Ф | К | Т | Ќ | Ш | С | Ц | Ч | Х |

Согласките во македонскиот јазик имаат различен степен на звучност. Најголема звучност имаат согласките од првата низа, помала звучност имаат согласките од втората низа, а најмала звучност имаат согласките од третата низа.

Согласките што имаат најголема звучност се викаат **сонанти** или **сонорни согласки**, оние што имаат помала звучност од сонорните се **звучни согласки**, а **безвучни** се оние согласки што имаат најмала звучност.

Секоја звучна согласка има свој безвучен пар, освен согласката х.

**ЗАДАЧИ**

1. Работи во пар со другарчето во клупата! Едниот од вас нека каже звучна согласка, а другиот нека ја каже безвучната согласка што одговара на звучната! Потоа, променете ги улогите!
2. Која согласка не припаѓа во низата: Л, Ј, Б, Њ, М, Р?
3. Замени ја почетната звучна согласка во зборовите: ВОЛК, БИЛЕ, ЗРНА, ЖАЛ со нејзиниот безвучен пар! Што забележуваш?

# ГЛАСОВНИ ПРОМЕНИ

Замената на еден глас со друг, во пишана или говорна форма, се вика гласовна промена.

1. Изговори ги гласно следниве зборови: СНЕГ, ГРАД, БЕВ, ЛЕБ, НОЖ!

2. Што забележуваш при изговорот на последните гласови во зборовите? Дали има гласовна промена?

3. Обиди се да изговориш и други зборови што завршуваат на звучна согласка! Што забележуваш?

Кога ќе се најде звучна согласка на крајот од зборот, таа се изговара како безвучна. Оваа гласовна промена се нарекува **обезвучување на звучните согласки на крајот од зборот.**

Оваа промена се забележува само кога се зборува, а во пишаната форма, не се обележува. Тоа значи дека се изговара Парис, но се пишува Париз.

## За оние што сакаат да знаат повеќе

**Со овој вид промени, подетално се занимаваат правописот и правоговорот.**

| | | | |
|---|---|---|---|
| заб | заб + че | за**пче** | б – п |
| сват | сват + ба | сва**дба** | т – д |
| град | град + че | гра**тче** | д – т |
| без | без + целно | бе**сце**лно | з – с |
| риба | риб + че | ри**пче** | б – п |
| жежок | жежок + ка | же**шка** | ж – ш |
| рог | рог + че | ро**кче** | г – к |

Забележуваш дека некои од согласките се промениле, односно се пишуваат и изговараат нивните парови. Тоа се прави со цел да се олесни изговорот и да се изедначат по звучност двете согласки што се во непосреден допир.

Гласовната промена што настанува кога две согласки, различни по звучност, ќе дојдат во непосреден допир во еден збор, се вика едначење по звучност.

По правило, едначењето се врши според втората согласка, односно првата ја менува својата звучност усогласувајќи се со втората согласка.

Има исклучоци од ова правило, за кои ќе учиш подоцна.

### ЗАДАЧИ

1. Пронајди ги и поправи ги погрешно напишаните зборови во следниве реченици!
   – Денес не беф на училиште.
   – Животот е поубаф во грат.
   – Детето слатко касаше од лебчето со малите забчиња.
   – Минатата недела отидоф на две сватби.
2. За кои гласовни промени станува збор во погрешно запишаните зборови?
3. Игра: Избери текст од учебникот и обиди се да ги изделиш зборовите во кои се застапени овие гласовни промени! Победник е оној што ќе најде најмногу зборови за одреденото време и притоа, нема да погреши во изборот.

# АКЦЕНТ

## ПОИМ И ПРАВИЛА ЗА АКЦЕНТИРАЊЕ

Прочитај ги гласно следниве зборови: сонце, планина, река, воденица!

Истите зборови запиши ги во тетратката и подели ги на слогови!

Изговори ги уште еднаш и забележи дали сите слогови се изговараат со иста силина! Кои слогови се изговараат посилно?

Забележуваш дека некои слогови се изговараат посилно од другите, а тоа значи дека тие се акцентирани.

**Акцент** е нагласување на одреден слог во зборот. Носители на акцентот се **самогласките.** Акцентот се бележи со знакот ( ' ) пред самогласката од акцентираниот слог.

Согледај сам/сама! Откриј ги правилата за акцентирање во македонскиот литературен јазик!

Подели ги на слогови следниве зборови во низите! Изговори ги гласно и определи го слогот што се изговара посилно од другите, односно слогот што е акцентиран! Извлечи заклучок за местото на акцентот во едносложните, двосложните, трисложните и повеќесложните зборови!

пат, свет, праг, мрак, знак, нож

мајка, дете, живот, сака, Марко, слика

планина, детелина, езеро, Марија, литература, зборови

Забележуваш дека кај **едносложните зборови, акцентот паѓа на единствената самогласка во зборот.**

**Кај двосложните зборови, посилно се изговара вториот слог од крајот на зборот** и самогласката во тој слог е носител на акцентот.

А кај зборовите од третата низа, **односно кај трисложните и повеќесложните зборови, акцентот паѓа на третиот слог од крајот на зборот.**

На пр.: гл'ад, мр'аз, ст'уд,
р'адост, мл'адост, М'аја,
уч'илиште, т'етратка, пон'еделник.

Акцентот во македонскиот јазик е **определен** (има точно определено место во зборот) и **динамичен** (акцентираната самогласка се изговара посилно од истата таа самогласка во неакцентиран слог).

## За оние што сакаат да знаат повеќе

**Ако согласката Р има слоготворна функција во зборот, тогаш таа е носител на акцентот.**

**На пр.: д'рво, ц'рква, п'рв, п'рвенец, ц'рвени и др.**

Што се случува со акцентот ако зборот ја промени својата форма?

- с'ака – с'акање – п'осака – најпосак'увана
- гр'ади – гр'адење – 'изгради – град'илиште
- с'он – с'онува – сон'ување – с'онот

При промена на формата на зборот, акцентот се поместува за да падне на третиот слог.

За исклучоците од третосложното акцентирање, ќе учиш во повисоките одделенија.

# АКЦЕНТИРАЊЕ НА СЛОЖЕНИ ЗБОРОВИ

Од зборовите во двете колони, направи сложени зборови!

Определи го местото на акцентот во секој од нив! Што забележуваш?

| | |
|---|---|
| дрво | кат |
| оро | запад |
| вино | ред |
| висок | гледа |
| север | води |
| сонце | жито |

Акцентот во сложените зборови, во најголем број случаи, паѓа на **третиот слог од крајот на зборот.**

Тоа лесно се забележува при изговорот на следниве сложени зборови добиени од зборовите во двете колони: д'рворед, ор'оводец, вин'ожито, високок'атница, с'ончоглед и др.

Некои сложени зборови имаат акцент на вториот слог од крајот на зборот. (на пр.: североз'апад)

## ЗАДАЧИ

1. Акцентирај ги зборовите:

   камен, боксер, злато, 'ркулец, бакнеж, пат, срце, вид, борба, разговор, револуција, дневник, ластовица, лубеница, темнина, скијање, работници, мрак, чувство!

2. Пред следниве зборови, додај ги префиксите раз- и пред- и потоа, акцентирај ги:

   пладне, плаче, виори, говор, весник, копа, оди, листа, чувствува, говори, ходник, весели!

3. Поправи ги погрешно акцентираните зборови:

   раскаж'ува, пл'овидба, маск'енбал, изнен'адување, срц'е!



# ПРОВЕРИ ГО ЗНАЕЊЕТО!

1. Кои дисциплини ги опфаќа науката за јазикот?
2. Што е фонетика?
3. Како се вика македонската азбука и колку букви има?
4. Како се делат гласовите во македонскиот јазик според начинот на изговор?
5. Подвлечи ги зборовите во кои Р има слоготворна функција:

   историја, правилен, истрча, црвосано, разговара, претседател, за'рѓа, рака, прв, трча, граница!
6. Во текстовите од учебникот, пронајди 10 збора во кои Р е самогласка!
7. Како се делат согласките според звучноста?
8. Наброј ги најзвучните согласки! Како се викаат тие?
9. Што претставуваат гласовните промени?
10. Која гласовна промена ја забележуваш кога ќе ги изговориш следниве зборови: прв, заб, град, риболов, брег, нож?
11. Напиши примери на зборови во кои се забележува едначење по звучност!
12. Што е акцент?
13. Како гласи правилото за акцентирање во македонскиот литературен јазик?
14. Кои гласови се носители на акцентот?
15. Запиши десет сложени зборови и акцентирај ги!
16. Во кои зборови акцентот стои на вториот слог од крајот на зборот?

# МОРФОЛОГИЈА

(наука за видовите зборови и за нивните форми)

Разгледај ги и спореди ги зборовите во двата круга! Која е разликата помеѓу нив, во однос на формата? Во кој круг забележуваш зборови слични по форма?

љубов
љубовта
прекрасен
сака
прекрасна
двајца
оди
два
вие
одеа
ние
сакаше

зад
но
леле
или
по
вчера
ќе
сигурно

## За оние што сакаат да знаат повеќе

Науката што се занимава со проучување на видовите зборови и на нивните форми се вика **морфологија**. Според морфолошката класификација, во македонскиот јазик има 11 видови зборови. Тие се поделени во две групи, во зависност од тоа дали ја менуваат својата форма.

Именките, заменките, придавките, глаголите и броевите може да ја менуваат својата форма и спаѓаат во групата **менливи зборови**. (на пр.: врата – вратата – врати; гледа – погледна – гледавме; прв – прва – првото и сл.)

Прилозите, предлозите, извиците, сврзниците, честичките и модалните зборови имаат само една форма што не се менува и спаѓаат во групата **неменливи зборови**.

Сепак, некои прилози може да ја променат својата форма во одредени случаи и затоа, се смета дека овие зборови се наоѓаат на граница меѓу менливите и неменливите зборови.

# ИМЕНКИ

(поим и видови)

**Именувај сè што гледаш на сликата!**



Зборовите што **именуваат** предмети, суштества, појави и поими се викаат **именки**.

**Има неколку критериуми според кои може да се поделат именките.**

*I. Според тоа дали именуваат предмети, суштества, поими и појави што имаат заеднички, општи карактеристики или, пак, именуваат единечни предмети, суштества и поими што се издвојуваат како посебни, има:*

**општи именки** (чинија, девојка, љубов)

**сопствени именки** (Јасмин, Симе, Охрид)

*II. Според тоа дали именуваат суштества, предмети, појави и поими што се видливи/невидливи и што може да се допрат/не може да се допрат, именките може да бидат:*

**апстрактни именки** (разум, моќ, жед)

**конкретни именки** (јаболко, славеј, момче)

**Има и:**

**збирни именки** *означуваат збир од истородни предмети, поими, суштества што сочинуваат една целина* (свет, население, кадар, мебел, народ)

**материјални именки** (шеќер, волна, памук, злато, сребро)

**ЗАДАЧИ**

1. Пронајди ги именките во следниве реченици и определи го нивниот вид!
   - Петар зборуваше за среќата што царуваше во неговото срце.
   - Народот чекаше ред да купи леб што во тоа време вредеше колку злато.
2. Состави реченица во која ќе има три именки од различен вид!
3. Пронајди ги апстрактните именки во текст по избор во учебникот!

# ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ НА ИМЕНКИТЕ

(род, број и определеност)

## РОД НА ИМЕНКИТЕ

Именките во македонскиот јазик може да бидат во **машки**, **женски** или **среден род**.

Категоријата род се определува според формата на именката во еднина. (на пр.: жена – таа жена – ж. р. столче – тоа столче – ср. р. облак – тој облак – м. р. )

Множинските форми – жени, столчиња, облаци не даваат информација за родот).

Обиди се да го определиш родот на именките: **песок**, **пепел**, **вар**, **жар**!

Забележуваш дека кај некои именки, има **колебање, во однос на родовата припадност**, односно тие именки (пепел, вар, жар, кал и сл.) се **дворододови**.

На пр.: Го фрли стапчето во **жарот**. (жар – м. р.)

**Жарта** силно го испече. (жар – ж. р.)



# БРОЈ НА ИМЕНКИТЕ

По што се разликуваат нагласените зборови?

– Новиот **ученик** влезе во училницата, но другите **ученици** не го забележаа.

– Тогаш **наставникот** по историја им се претстави на присутните **наставници** во канцеларијата.

Разгледај ги примерите и согледај со кои наставки се образува множина кај именките!

Именките имаат два броја: **еднина** (означува еден предмет, суштество и сл.) и **множина** (означува повеќе предмети, суштества и сл.)

клупа – клуп**и**

стол – стол**ови**

татко – татко**вци**

море – мор**иња**

трло – трл**а**

**Сопствените именки немаат форми за множина**, освен во некои случаи.

На пр.: Во моето одделение учат две Ани. (две девојчиња со име Ана)

## За оние што сакаат да знаат повеќе

**Некои именки целосно ја менуваат формата во множина.**
**(на пр.: човек – луѓе, нога – нозе, дете – деца и др.)**

**Некои именки имаат множинска форма и кога означуваат еден предмет и кога означуваат повеќе предмети. (на пр.: очила, фармерки, ножици и др.)**

# ОПРЕДЕЛЕНОСТ НА ИМЕНКИТЕ

По што се разликуваат нагласените зборови?

Убаво е да си одличен **ученик**.

**Ученикот** влезе во училницата.

Една од најпрепознатливите карактеристики на нашиот јазик е **определеноста**.

Со определеноста, поблиску **се изделува само еден член, припадник на одредена група истородни предмети, поими, суштества и сл**. Исто така, со членот, се врши и **просторно определување**.

Пример 1 (изделување на еден член)

Подај ми ја **боичката**. (една, точно определена боичка од купот боички)

Пример 2 (просторно определување)

Погледни ги **децава**. (овие деца, овде)

Погледни ги **децана**. (оние деца, онаму)

Определеноста на именките во македонскиот јазик се образува со додавање на следниве **членски наставки**:

| | машки род/едн. | женски род/едн. | среден род/едн. | множина |
|---|---|---|---|---|
| предмети и суштества што се наоѓаат близу до говорителот | **-ов** | **-ва** | **-во** | **-ве/ва** |
| предмети и суштества што се наоѓаат подалеку од говорителот, но тој, сепак, ги гледа | **-он** | **-на** | **-но** | **-не/на** |
| предмети и суштества што се изделуваат, но не се просторно определени | **-от** | **-та** | **-то** | **-те/та** |

Поголемиот дел од сопствените именки не се членуваат. Тие сами по себе се определени.

На пр.: Погледни го Петар. (не: Погледни го Петарот.)

Сепак, некои сопствени именки може да се членуваат: Алпите, Балканот, Ордан Пиперката и др.

**ЗАДАЧИ**

1. Пронајди ги именките и определи ги по вид!
   - Вчера Иван ми ја кажа својата тајна.
   - Прстенот е од чисто злато.
   - Расправиите се многу чести во моето одделение.
2. Направи множина од следниве именки: просторија, син, земја, небо, село, време, бран, брег, двор, маче, човек, воз!
3. Членувај ги именките во речениците!
   - Денес направив торта.
   - Дедо купи јаболка.
   - Деца играат на игралиште.
4. Членувај ги именките со трите вида член!
   – табла – птица – дете – стол – сонце

# ПРИДАВКИ

(поим и видови)

На секоја именка додај ѝ по три збора со кои ќе ја опишеш!

ДЕТЕ

ЦВЕЌЕ

ПЕСНА

Зборовите што се додаваат на именките со цел да именуваат некакви нивни особини се викаат придавки.

**Описните придавки ги опишуваат именките**. Има уште и односни придавки, што може да бидат присвојни и материјални, бројни придавки и заменски придавки.

# ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ НА ПРИДАВКИТЕ

(род, број, определеност и степен)

## РОД И БРОЈ НА ПРИДАВКИТЕ

Разгледај ги следниве примери и согледај од што зависат родот и бројот на придавките!

1. **Вредниот** <u>ученик</u> заслужува добри оценки.
2. Ја сакам **црвената** <u>роза.</u>

1. **Вредните** <u>ученици</u> заслужуваат добри оценки.
2. Ги сакам **црвените** <u>рози</u>.

Придавките се усогласуваат по род и број со именката на која се однесуваат.

Придавките имаат форми за сите три рода (машки, женски и среден род) и два броја (еднина и множина).

На пр.: среќен, среќна, среќно, среќни.

# ОПРЕДЕЛЕНОСТ НА ПРИДАВКИТЕ

**Спореди ги примерите и согледај од што зависи определеноста, односно членот на придавките!**

1. **Сончевите зраци** сѐ повеќе ја осветлуваа просторијата.
2. **Зраците сончеви** сѐ повеќе ја осветлуваа просторијата.

Во составот од именка и придавка (сончеви**те** зраци, зраци**те** сончеви) **се членува првиот збор.** Придавките се членуваат со истите членски наставки како и именките.

Неправилно е да се членуваат и именката и придавката во еден состав. (на пр.: сончеви**те** зраци**те**...)

# СТЕПЕНУВАЊЕ НА ПРИДАВКИТЕ

Описните придавки се разликуваат од сите други токму по категоријата степен, односно по можноста да се определи степенот на својството што го имаат.

Со оваа категорија, се овозможува споредба меѓу именките што се опишани со придавки, во однос на некое нивно својство.

На пр.: Ова е **добра** песна, но претходната беше уште **подобра**.

Основната форма на придавката се вика **позитив**. (на пр.: добар)

Првиот степен – **компаратив** е форма за споредување меѓу два предмети, две суштества, две појави и се образува со претставката **по**- што се додава на основната форма на придавката. (на пр.: подобар)

Вториот степен – **суперлатив** е форма за споредување меѓу повеќе предмети, суштества, појави и се образува со претставката **нај**- што се додава на општата форма на придавката. (на пр.: најдобар)

**ЗАДАЧИ**

1. Во следниве реченици пронајди ги придавките и определи ги нивните граматички категории!
   - Најубавите спомени им се токму од тие прекрасни планински падини.
   - Поголемиот дел од планинската патека беше покриен со дебела снежна покривка.
   - Убава и дотогаш нечуена мелодија ја исполнуваше големата оперска сала.
2. Со другарот од клупата, разговарај и употребувај различни форми на граматички категории на придавките! Потоа, запиши го разговорот, подвлечи ги употребените придавки и определи ги нивните граматички категории!

# ЗАМЕНКИ

(лични и показни)

**Заменките** се зборови што **посочуваат** предмети, суштества и појави.

Во македонскиот јазик има **три вида заменки**: лични, лично-предметни и показни заменки.

Лично-предметните заменки ќе ги изучуваш во погорните одделенија.

## ЛИЧНИ ЗАМЕНКИ

Личните заменки имаат граматичка категорија **лице.**

Овие заменки имаат посебни **форми за трите лица** (1., 2. и 3. лице) **во двата броја** (еднина и множина).

Личните заменки во 3. л. едн. имаат и посебни форми за **категоријата род.** (машки, женски и среден род)

| | еднина | | | | | множина | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЛИЧНИ ЗАМЕНКИ** | **1. л.** | **2. л.** | **3. л.** | | | **1. л.** | **2. л.** | **3. л.** |
| | | | **м. р.** | **ж. р.** | **ср. р.** | | | |
| | **ЈАС** | **ТИ** | **ТОЈ** | **ТАА** | **ТОА** | **НИЕ** | **ВИЕ** | **ТИЕ** |

Со личните заменки, се означува **односот на учесниците во разговорот:**

1. л. (едн. и мн.) – ЈАС/НИЕ – тој/тие што говори/ат.

2. л. (едн. и мн.) – ТИ/ВИЕ – тој/тие со кого/кои разговараме.

3. л. (едн. и мн.) – ТОЈ, ТАА, ТОА/ТИЕ – тој/таа/тоа/тие за кого/за која/за кои разговараме.

Размисли и дополни со соодветната форма на личната заменка!

1. ________ отидов на излет.
2. Ве поканивме, но ________ не дојдовте.
3. ___________ се совршен пар.

# ПОКАЗНИ ЗАМЕНКИ

Со овие заменки, се врши **определување** на лица или предмети, во однос на лицето што говори.

Во македонскиот јазик има три групи показни заменки:

1. За посочување предмети и лица што се просторно **блиску до говорителот.**
2. За посочување предмети и лица што се **подалеку од говорителот**, но, сепак, во неговиот видокруг, **тој ги гледа.**
3. За посочување предмети и лица што **не се определени просторно.**

Показните заменки имаат посебни форми за граматичките категории род и број.

| **Показни заменки** | еднина | | | множина |
|---|---|---|---|---|
| род | м. р. | ж. р. | ср. р. | |
| предмети и суштества што се наоѓаат близу до говорителот | **ОВОЈ** | **ОВАА** | **ОВА** | **ОВИЕ** |
| пооддалечени предмети и суштества | **ОНОЈ** | **ОНАА** | **ОНА** | **ОНИЕ** |
| просторно неопределени предмети и суштества | **ТОЈ** | **ТАА** | **ТОА** | **ТИЕ** |

Формите на показните заменки за просторно неопределени предмети и суштества се исти со формите за трето лице еднина на личните заменки. Затоа, треба да се внимава!

– Иван дојде на забавата. **Тој** не остана долго. (лична заменка)
– На забавата имаше многу луѓе. **Тој** човек ги забавуваше сите. (показна заменка)

Во реченицата, една членувана именка може да се замени со соодветната форма на показната заменка.

– **Кучево** цел ден не престана да лае.
– **Ова куче** цел ден не престана да лае.
– **Кучено** цел ден не престана да лае.
– **Она куче** цел ден не престана да лае.

## ЗАДАЧИ

1. Напиши една реченица со лична заменка во 3. л. едн., м. р.!
2. Определи ги категориите на заменките во следниве реченици!
   - Ние секогаш доаѓаме со овој автобус.
   - Јас сакам да одам во онаа продавница.
3. Издвој ги личните заменки од овие реченици и определи ги нивните категории!
   - Јас и оваа девојка сме најдобри пријателки.
   - Тој човек се погрижи за сè кога ние пристигнавме во градот.
   - Вие секогаш ќе бидете добре дојдени во овој град.
4. За именките во следниве реченици напиши соодветни заменки!
   - Иван и Даријан отидоа на натпревар.
   - Децана постојано ги оштетуваат клупите во паркот.
   - Пролетта е моето омилено годишно време.
5. Членуваните именки замени ги со соодветна показна заменка и определи ги по род и број!
   - Жената гледаше низ прозорецон.
   - Таблава ја испишавме со кредите.
   - Децана играат на улицана.



# ГЛАГОЛИ

**(поим, значење и класификација)**

Смисли по еден збор за секој крак од ѕвездичката, за тоа што може да го прави или за состојбата во која може да се наоѓа секој од поимите (предмет или суштество) запишани во нив!

**Детето...**

**Автомобилот ...**

**Глаголите** се зборови што означуваат **дејство** или **состојба**.

Во примерите од претходната активност, може да ги употребиме следниве глаголи:

– Детето јаде
– Автомобилот се движи. – за означување **дејство**.
– Детето спие.
– Автомобилот стои. – за означување **состојба**.

Глаголите имаат три составни дела:

**општ дел**
**основен вокал**
**наставка**

**глед/а/ме** **мисл/и/ме** **пе/е/ме** **од/и/ш**

Општиот дел е задолжителен за сите форми на глаголите, а основниот вокал и наставката може да отсуствуваат во одредени форми на глаголот.

За основен вокал се смета самогласката на која завршува глаголот во 3. лице, еднина, сегашно време. Во нашиот јазик, сите глаголи завршуваат на еден од вокалите: А, Е или И.

Според **основниот вокал,** глаголите во македонскиот јазик се делат на три групи:

- **а-група** (чита, гледа, вика, сака)
- **е-група** (пее, сее, жнее, везе)
- **и-група** (оди, брои, носи, води)

# ГРАМАТИЧКИ КАТЕГОРИИ НА ГЛАГОЛИТЕ

Разгледај ги глаголите и според нивната форма, обиди се да одговориш на прашањата за секој од нив посебно!

Кое лице го врши дејството?

Кога се врши дејството?

ПЕЕВ

ЌЕ ПРОЧИТАМЕ

СЛУШАТЕ

Дали дејството се случува во еден момент или трае?

Дали едно или повеќе лица го вршат дејството?

Од одговорите на прашањата, може да се заклучи дека од самата форма на глаголите се откриваат времето кога се врши дејството, лицето или лицата што го вршат и видот на самото дејство. Според тоа, основни **граматички категории на глаголите се: лице, број, време и вид**.

# КАТЕГОРИИ ЛИЦЕ И БРОЈ НА ГЛАГОЛИТЕ

**Во македонскиот јазик, глаголите имаат три лица и се разликуваат: (прво, второ и трето лице) и два броја (еднина и множина).**

- Со глаголските форми за **1. л., говорителот си го припишува дејството себеси.**
- Со глаголските форми за **2. л., говорителот му припишува дејство на својот соговорник**.
- Со глаголските форми за **3. л., говорителот му припишува дејство на лице што не е учесник во говорната ситуација, но им припишува дејства и состојби на предметите и појавите**.
- **Еднинските форми** на глаголот означуваат еден вршител на дејството или трпител на состојбата, а **множинските форми** означуваат **повеќе вршители** или трпители на дејството или состојбата.

## За оние што сакаат да знаат повеќе

Глаголите што се менуваат по лице се викаат глаголи во **лична форма**. Има и **безлични глаголи,** како и **нелични глаголски форми.** Оваа година предмет на наш интерес се само глаголите во лична глаголска форма, со останатите ќе се запознаеме подоцна.

**1. Дополни ги празните места со соодветните форми на глаголите во следниве реченици!**

- Јас (има) _______ многу за учење овој викенд.
- Татко ми вчера (купи) _______ јаболка, а моите браќа сите ги (изеде) ___________.
- Учениците не ја (напиша) ____________ домашната задача.
- Вие кога (доаѓа) ___________ кај нас?

# КАТЕГОРИЈА ВИД НА ГЛАГОЛИТЕ

Прочитај ги речениците и размисли за времетраењето на дејството во нив!

Илија пишуваше писмо.
Илија пишува писмо.
Илија ќе пишува писмо.

Илија напиша писмо.
Илија сака да напише писмо.
Илија ќе напише писмо.

Категоријата вид на глаголите е поврзана со **траењето да дејството**.

Според оваа категорија, глаголите се делат на:

- **несвршени**, што означуваат дејства или состојби во траење (на пр.: пишува)
- **свршени**, што означуваат дејства или состојби што се завршени или се сфаќаат во својата заокруженост. (на пр.: напиша)

## За оние што сакаат да знаат повеќе

Во групата несвршени глаголи, се изделува една подгрупа **повторливи глаголи**, чии дејства се случуваат со прекини и повторувања. (на пр.: потскокнува, потпевнува, поттропнува и сл.)

Глаголите, во најголем број случаи, образуваат **видски двојки** од несвршен и свршен глагол (учи – научи, доаѓа – дојде, пее – испеа).

1. Определи го видот на глаголите во следниве реченици!
   - Секогаш нежно ја погледнува право в очи.
   - Одеднаш заврна, а јас не носев чадор.
2. Свршените глаголи трансформирај ги во несвршени и обратно: тропна, влегува, испеаја, чекаше, истрча, ќе гледам!

# ПРОСТИ И СЛОЖЕНИ ГЛАГОЛСКИ ФОРМИ

Обрни внимание на составот на глаголските форми!

одам
одевме
оди
одев
одел

ќе одам
би одел
сум одел
бев одел
имам одено

Глаголските форми може да бидат **прости** (составени од еден глагол) и **сложени** (составени од помошен глагол или честичка и проста глаголска форма).

Во сложените форми, составени од два глаголи, помошниот глагол е СУМ или ИМА/НЕМА.

# КАТЕГОРИЈА ВРЕМЕ НА ГЛАГОЛИТЕ

Граматичката категорија време на глаголите го покажува **времето кога се врши дејството**.

Појдовна точка за определување на времето е **моментот на зборување**.

Трите основни глаголски времиња се:

- **сегашно време** (дејства што се случуваат **во моментот на зборување**),
- **минато време** (дејства што се случиле **пред моментот на зборување**),
- **идно време** (дејства што ќе се случат **по моментот на зборување**).

* Другите значења на овие времиња ќе ги учиш во погорните одделенија.

# СЕГАШНО ВРЕМЕ

Сегашното време означува дејства што се случуваат **во моментот на зборување**.

| глаголска група | | а-група | е-група | и-група |
|---|---|---|---|---|
| глагол | | **чита** | **пее** | **учи** |
| еднина | 1. л. | чита-м | пеа-м | уча-м |
| | 2. л. | чита-ш | пее-ш | уча-м |
| | 3. л. | чита | пее | учи |
| множина | 1. л. | чита-ме | пее-ме | учи-ме |
| | 2. л. | чита-те | пее-те | учи-те |
| | 3. л. | чита-ат | пе-ат | уч-ат |

Од табелата, се забележува дека наставките се додаваат на основната форма на глаголот, со исклучок на 3 л.едн. што нема наставка во сегашно време. Според вокалот на кој завршува глаголот во 3 л. едн., всушност, се определува глаголската група.

| | **СУМ** | |
|---|---|---|
| | еднина | множина |
| **1. л.** | сум | сме |
| **2. л.** | си | сте |
| **3. л.** | е | се |

| | **ИМАМ** | |
|---|---|---|
| | еднина | множина |
| **1. л.** | имам | имаме |
| **2. л.** | имаш | имате |
| **3. л.** | има | имаат |

## За оние што сакаат да знаат повеќе

Сегашно време од свршени глаголи се образува со помош на **честичката да**. (на пр.: да дојдам, да седнам, да станам, да напишам и сл.)

# МИНАТО ОПРЕДЕЛЕНО НЕСВРШЕНО
# МИНАТО ОПРЕДЕЛЕНО СВРШЕНО ВРЕМЕ

Означуваат дејства што се случиле **пред моментот на зборување**, **во присуство на говорителот**.

• Минато определено несвршено време се образува од несвршени глаголи.

| глаголска група | | а-група | е-група | и-група |
|---|---|---|---|---|
| глагол | | **чита** | **пее** | **учи** |
| еднина | 1. л. | чита-в | пее-в | уче-в |
| | 2. л. | чита-ше | пее-ше | уче-ше |
| | 3. л. | чита - ше | пее-ше | уче-ше |
| множина | 1. л. | чита-вме | пее-вме | уче-вме |
| | 2. л. | чита-вте | пее-вте | уче-вте |
| | 3. л. | чита-а | пее-ја | уче-а |

Дејствата во минато определено несвршено време се дејства што траат, а се случуваат пред моментот на зборување и во присуство на говорителот.

Наставките се додаваат на основната форма.

• Минато определено свршено време се образува од свршени глаголи.

| глаголска група | | а-група | е-група | и-група |
|---|---|---|---|---|
| глагол | | **прочита** | **испеа** | **научи** |
| еднина | 1. л. | прочита-в | испеа-в | научи-в |
| | 2. л. | прочита | испеа | научи |
| | 3. л. | прочита | испеа | научи |
| множина | 1. л. | прочита-вме | испеа-вме | научи-вме |
| | 2. л. | прочита-вте | испеа-вте | научи-вте |
| | 3. л. | прочита-а | испеа-ја | научи-ја |

Дејствата во минато определено свршено време се завршени, се случиле во еден момент во минатото, во присуство на говорителот.

Наставките се додаваат на основната форма, освен во 2. и 3. л. еднина каде што нема наставки.

| | **СУМ** | |
|---|---|---|
| | еднина | множина |
| **1. л.** | бев | бевме |
| **2. л.** | беше | бевте |
| **3. л.** | беше | беа |

| | **ИМАМ** | |
|---|---|---|
| | еднина | множина |
| **1. л.** | имав | имавме |
| **2. л.** | имаше | имавте |
| **3. л.** | имаше | имаа |

## За оние што сакаат да знаат повеќе

Форми за минато определено несвршено време образуваат и свршените глаголи, со честичките да и ќе (на пр.: ќе дојдеше, да научев).

# ИДНО ВРЕМЕ

Идното време е сложена глаголска форма што се образува со **честичката ќе и сегашно време од глаголот** што се менува. Овој глагол може да биде свршен или несвршен.

Дејството ќе се врши или ќе се изврши **по моментот на зборување**.

| глаголска група | | а-група | е-група | и-група |
|---|---|---|---|---|
| глагол | | **чита** | **пее** | **учи** |
| еднина | 1. л. | ќе читам | ќе пеам | ќе учам |
| | 2. л. | ќе читаш | ќе пееш | ќе учиш |
| | 3. л. | ќе чита | ќе пее | ќе учи |
| множина | 1. л. | ќе читаме | ќе пееме | ќе учиме |
| | 2. л. | ќе читате | ќе пеете | ќе учите |
| | 3. л. | ќе читаат | ќе пеат | ќе учат |

| | **СУМ** | |
|---|---|---|
| | еднина | множина |
| **1. л.** | ќе сум/ќе бидам | ќе сме/ќе бидеме |
| **2. л.** | ќе си/ќе бидеш | ќе сте/ќе бидете |
| **3. л.** | ќе е/ќе биде | ќе се/ќе бидат |

| | **ИМАМ** | |
|---|---|---|
| | еднина | множина |
| **1. л.** | ќе имам | ќе имаме |
| **2. л.** | ќе имаш | ќе имате |
| **3. л.** | ќе има | ќе имаат |

• Одречните форми на идното време се образуваат со честичката **не** пред честичката ќе. (на пр.: не ќе читам, не ќе сум, не ќе бидам, не ќе имам и сл.)

1. Избери по еден глагол од трите глаголски групи (во свршена и несвршена форма) и менувај ги во сегашно, минато определено (свршено и несвршено) и идно време!
2. Запиши ги и одречните форми на тие глаголи во сите изучени времиња!

# ПРОВЕРИ ГО ЗНАЕЊЕТО!

1. Што е морфологија?
2. Како се поделени зборовите во македонскиот јазик, врз основа на менливоста/неменливоста на формата?
3. Кои видови зборови може да ја менуваат својата форма?
4. Какви видови именки има?
5. Наброј ги граматичките категории на именките!
6. Пронајди и запиши пет именки во кои има колебање, во однос на родовата припадност!
7. За што служи членот кај именките?
8. Напиши четири реченици со описни придавки и објасни го нивното значење!
9. За што служи категоријата степен на придавките?
10. Членувај ги следниве состави од придавки и именки: дете убаво, моја мајка, светло сонце, празник најголем, ѕид шарен! За што служат личните, а за што показните заменки?
11. Напиши по една реченица со лична и со показна заменка!
12. Кои форми на личните и показните заменки се исти?
13. Какви зборови се глаголите, во однос на менливоста/неменливоста?
14. Кои се прости, а кои сложени глаголски форми?
15. Наброј ги граматичките категории на глаголите!
16. Определи ги граматичките категории на следниве глаголи:
    пишуваше, ќе дојде, останаа, гледам, тропнавте, ќе разговарате!
17. Со што се поврзува категоријата вид на глаголите и какви видови глаголи има според оваа категорија?
18. Направи видски двојки од следниве глаголи:
    седи – ________ , истрча – __________, напишавме – ________,
    тропа – ___________, погледна – __________!
19. Каква глаголска форма е идното време?
20. Определи го времето на глаголите во следниве реченици и потоа менувај ги истите глаголи во другите две изучени времиња!
    - Го гледав натпреварот на телевизија.
    - Тој чита многу книги на таа тема.
    - Сите деца не сакаат исти игри.
    - Ќе одиме на излет.
    - Ја погледна со воодушевување.

# СИНТАКСА

(наука за речениците)

Што е општење (комуникација)?

Кое е најсовршеното средство за општење?

Наброј некои средства за комуникација!

Реченицата е основна јазична единица за комуникација меѓу луѓето.

Од дадените зборови, образувај реченици!

Кој е неопходниот збор во секоја реченица што ги поврзува сите други во целина?

1. двор/весело/трчкаа/низ/училиштен/децата/пространиот.
2. шетаа/небо/невреме/облаци/по/бавно/навестуваа/темни/намуртеното/и/страшно.

Во секоја реченица, треба да **има глагол во лична глаголска форма** (прирок) кој ги поврзува другите зборови во една целина.

Во една реченица, може да има и две или повеќе дејства што се во меѓусебен однос.

1. Децата весело **трчкаа** низ пространиот училиштен двор.
2. По намуртеното небо бавно **шетаа** темни облаци и **навестуваа** страшно невреме.

# МОДАЛНА КАРАКТЕРИСТИКА НА РЕЧЕНИЦАТА

Која е целта на говорителот? Што сака тој да изрази преку следниве реченици?

1. Тој беше горд на своите родители.
2. Дали тој се гордееше со своите родители?
3. Бидете горди на вашите родители!
4. Би сакал да бидете горди на вашите родители.

Модалноста е **израз на ставот на говорителот,** во однос на тоа што го соопштува. Во зависност од целта што си ја поставил, со реченицата, тој може **да соопшти нешто, да праша, или, пак, да изрази желба, потреба или заповед.**

Според модалноста, речениците се делат на:
— **расказни** (со кои нешто се соопштува),
— **прашални** (со кои нешто се прашува),
— **заповедни** (со кои се искажува заповед),
— **желбени** (со кои се искажува желба или молба).

На крајот на исказната реченица стои **точка,** прашалната реченица завршува со **прашалник**, заповедната со извичник, а желбената може да се заврши со точка или **извичник**.

Заповедните и желбените се вклучуваат во **извичните реченици**.

Прочитај ги гласно следниве реченици почитувајќи ги знаците и обрни внимание на висината на тонот со кој се изговараат!

1. Ќе учам македонски. 2. Што ќе учиш? 3. Учи македонски!

Кога општиме (комуницираме) по **устен пат,** модалноста на реченицата се препознава по содржината, но и по **интонацијата** (висината на тонот) со која ја изговараме.

Кога општиме по **писмен пат,** модалноста на реченицата се препознава по содржината, но и по **интерпункциските знаци на крајот на реченицата.**

**ЗАДАЧИ**

1. Исказните реченици напиши ги како прашални и извични и употреби ги соодветните знаци!

– Ти читаш многу книги.
– Вие патувате.
– Ќе одиме на излет.

# ГРАМАТИЧКА СТРУКТУРА НА РЕЧЕНИЦАТА

Разгледај ги речениците и откриј ја разликата помеѓу нив!

1. Наставникот **влезе** во училницата.
2. Наставникот **влезе** во училницата, а учениците **станаа.**

Според структурата, речениците се делат на прости и сложени.

**Простата реченица** содржи **еден глагол** во лична глаголска форма, а **сложената** содржи **два или повеќе глаголи** во лична глаголска форма.

## За оние што сакаат да знаат повеќе

Сложената реченица може да се подели на онолку прости реченици колку што има глаголи во лична глаголска форма во неа. Простите реченици во рамките на сложената се викаат **дел-реченици.**

**ЗАДАЧА**

1. Со помош на наставникот, организирај натпревар во составување реченици од дадени зборови!

# ГЛАВНИ РЕЧЕНИЧНИ ЧЛЕНОВИ

## (подмет и прирок)

Определи ги зборовите што означуваат дејство во следниве реченици и зборовите што го означуваат вршителот на тоа дејство!

**1. Ученикот учи. 2. Тие слушаат музика. 3. Гледаме филм. 4. Плаче.**

Зборот во реченицата што искажува дејство се вика **прирок**, а оној што го врши дејството е **подмет**.

Подметот и прирокот се **главни реченични членови.**

Подметот во реченицата може да биде изоставен (пример 3), а се открива од формата на прирокот. (Ние гледаме филм.)

Прирокот може и сам да формира реченица (пример 4), но не може да се формира реченица без прирок.

Во функција на **прирок** најчесто е **глаголот во лична глаголска форма**. Таквиот прирок се вика **глаголски прирок** и може да биде **прост или сложен**. Простиот глаголски прирок има еден глагол, а тој може да биде претставен со проста или со сложена **глаголска форма**. Простите глаголски форми се сегашното време, МОНВ и МОСВ. Другите глаголски форми се сложени. Сложениот прирок има два глаголи. Првиот е фазен, модален или глагол од типот успее, а вториот е во **да-конструкција.**

Има и глаголско-именски прирок, но за него ќе учиш во погорните одделенија.

1. Ана **пее** во училишниот хор. (прост глаголски прирок претставен со проста глаголска форма)

2. Ана **би пеела** во училишниот хор. (прост глаголски прирок претставен со сложена глаголска форма)

3. Ана **почна да пее** во училишниот хор. (сложен глаголски прирок претставен со фазен глагол и да-конструкција)

(*Потсети се за простите и сложените глаголски форми во претходната тема!)

Обиди се да откриеш кои зборови се во функција на подмет во следниве реченици!

1. **Филип** победи на натпреварот.
2. **Тој** победи на натпреварот.
3. **Најдобриот** победи на натпреварот.
4. **Првиот** победи на натпреварот.

Во функција на подмет во реченицата може да се јават **сите именски зборови,** односно **имenките, придавките, заменките и броевите.**

### ЗАДАЧИ

1. Подвлечи го прирокот во следниве реченици, а потоа определи дали е прост или сложен глаголски прирок!

– Со еден збор сакаме да решиме многу проблеми.
– Денес сите дојдоа во салата.
– Би посакала само вакви денови во иднина.
– Имавме премногу работа овие денови.

2. Подвлечи го подметот, а потоа определи го видот на зборот што има функција на подмет!

– Келнерот ја донесе највкусната храна.
– Додека чекавме, победниците ги примија наградите.
– Сите беа воодушевени од неговиот настап.
– Од сите прашања, третото беше најтешко.

# ПРОВЕРИ ГО ЗНАЕЊЕТО!

1. Што е синтакса?
2. Што е реченица?
3. Како се делат речениците според модалноста?
4. Во кои реченици се вклучуваат заповедните и желбените реченици?
5. Како се делат речениците според структурата?
6. Која е разликата помеѓу проста и сложена реченица?
7. Кои се главни реченични членови?
8. Кој член може сам да формира реченица? Наведи пример!
9. Кој од главните реченични членови може да биде изоставен? Наведи пример!
10. Во каква форма треба да биде глаголот за да може да извршува функција на прирок?
11. Од што е составен простиот, а од што сложениот глаголски прирок?
12. Кои зборови може да бидат во функција на подмет во реченица? Наведи примери!
13. Во следниве реченици, на линиите напиши го соодветниот прирок!

– Деновите им __________ бавно, како години.
– Ти ни _____________ дека ќе дојдеш на време.

14. Во следниве реченици, напиши го соодветниот подмет според барањата!

– ______________ ја доби наградата. (придавка)
– ______________ стигна на целта. (број)
– ______________ не ги исполнивте нашите очекувања. (заменка)

# ЛЕКСИКОЛОГИЈА

(НАУКА ЗА ЗБОРОВНИОТ СОСТАВ НА ЈАЗИКОТ)

## ЛЕКСИЧКО ЗНАЧЕЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ

Зборот е основен јазичен елемент и претставува низа од гласови што најчесто означуваат некој поим.

Со другите ученици, поразговарај за следните зборови: јазик, книга, љубов, инсект, креатор!

Речникот на секој јазик е составен од голем број зборови. Во зборовниот состав на јазикот, постојано се случуваат промени (некои зборови застаруваат и се исфрлаат од употреба, други се менуваат и се приспособуваат на новите состојби, а се појавуваат и нови зборови), како резултат на промените и развојот на општеството.

Зборот може да има едно или повеќе значења. Според тоа, зборовите може да бидат:

**еднозначни**

(термини, конкретни именки)

На пр.: атом, глагол, роман ...

**повеќезначни**

(зборови со повеќе значења)

На пр.: глава, мисла, сметка...

(*Повеќето различни значења на зборовите може да се проверат во Толковниот речник на македонскиот јазик што го има и во електронска форма.)

Повеќезначните зборови може да имаат:

**директно значење**
(непосредно се изразува поимот, предметот или појавата)

На пр.: Тоа беа златни пари.
(од злато)

**преносно значење**
(преносното значење се изразува со други значења на истиот збор

На пр.: Тоа беа златни времиња.
(златни = убави, богати времиња кога убаво се живеело)

Во зависност од тоа на што се однесуваат, зборовите уште се делат на:

**зборови со конкретно значење**
(означуваат нешто што може да се види, да се допре и сл.)

На пр.: река, облак, пат, клупа, табла...

**зборови со апстрактно значење**
(означуваат нешто нематеријално, што постои само како поим, како претстава во мислите)

На пр.: желба, љубов, пријателство, почеток...

**ЗАДАЧИ**

1. Напиши по една реченица со сите различни значења на зборот КОСА!
2. Напиши по една реченица со директното и преносното значење на зборот ЦРНА!
3. Наведи по пет збора со конкретно и апстрактно значење и употреби ги во реченици!



# ВИДОВИ ЗБОРОВИ СПОРЕД ЛЕКСИЧКОТО ЗНАЧЕЊЕ

Размисли за формата и значењето на следниве групи зборови!

убава, занесна, лична, прекрасна, привлечна

автор, создавач, творец, креатор

Зборовите што се различни по форма, а имаат исто или слично значење се викаат **синоними.**

Објасни го значењето на затемнетите зборови во следниве реченици!

1. Имам **син** џемпер.
2. Тој ми е **син**.

1. Стави **сол** во салатата.
2. Ја напиша нотата **сол**.

Зборовите што имаат иста форма, а различно значење се викаат **хомоними.**

Какво е значењето на зборовите во следниве парови?

радост – тага, убав – грд,
добро – лошо, лесен – тежок,
здравје – болест

Зборовите со спротивно значење се викаат **антоними.**

**ЗАДАЧИ**

1. Во следниве реченици, за затемнетите зборови, напиши соодветни синоними!
   – Во писмото беше потпишан **таинствениот** автор.
   – На небото се појави **виножито**.
   – Отидоа на нивното **скришно** место.
2. Запиши ги различните значења на зборовите: блок, коса, гума, глувче!
3. Направи парови од антоними: тишина – _________, влегува – _______ , ноќ – ______ , среќа – _______!

## Провери го знаењето!

1. Што е лексикологија?
2. Кој е основниот јазичен елемент?
3. На што се должат промените во зборовниот состав на еден јазик?
4. Наведи по два еднозначни и повеќезначни збора!
5. Напиши по една реченица во која зборот живот има директно и преносно значење!
6. Наведи по два збора со конкретно и апстрактно значење!
7. Што се синоними?
8. Напиши ги синонимите на следниве зборови: основа, студен, жал!
9. Што се антоними?
10. Наведи три пара антоними!
11. Кои зборови се хомоними?
12. Наведи пет хомоними и објасни ги нивното значење!

# ПРАВОПИС

Правописот претставува **збир од правила за пишување.**

За да се зачува јазикот како наше значајно обележје, секој треба да ги почитува и практикува правописните правила.

Во продолжение, се наведуваат одредени правописни правила и одредени интерпункциски и правописни знаци.

За повеќе информации, пребарај ја електронската верзија на Правописот на македонскиот јазик од 2017 г.

# УПОТРЕБА НА ГОЛЕМА БУКВА

1. Голема буква се употребува:

• **на почеток на секоја реченица**

На пр.: Денот беше прекрасен. Се ближеше крајот на сезоната. Стадионот беше полн со навивачи од целата земја.

• **во известувања и објави**

На пр.: Забрането пушење! Се враќам веднаш!

• **во акроними:** РСМ, ООУ, АРМ, МАНУ, УНИЦЕФ, САД и сл.

2. Со голема почетна буква се пишуваат:

**сопствени имиња, презимиња, прекари, имиња на животни**

На пр.: Петровски Петар, Талевски, Малото, Шаро, Џеки и сл.

• **зборови со кои се искажува почит кон едно лице**

На пр.: Ваша Екселенцијо, Неговото Височество, Вашата изјава, Вашиот проблем и сл.

• **имиња на жители на континенти, држави, региони**

На пр.: Италијанец, Македонци, Африканец, Американка, Мариовец и сл.

3. Ако називот има повеќе делови, со голема почетна буква на секој дел се пишуваат:

• **географските имиња (континентите, половите, државите, регионите, океаните, морињата, реките, езерата, планините и сл.)**

На пр.: Европа, Северен Пол, Северна Македонија, Османлиско Царство, Средна Америка, Повардарие, Западен Балкан, Битолско, Атлантски Океан, Средоземно Море, Охридско Езеро, Солунска Глава и сл.

4. Со голема почетна буква само на првиот дел од називот се пишуваат:

• **називи на различни институции, органи на власта, закони, историски настани**

На пр.: Министерство за образование и култура, Управа за јавни приходи, Закон за средно образование, Француска револуција, Илинденско востание и сл.

• **електронски и печатени медиуми, интернет-портали, социјални (друштвени) мрежи, компјутерски програми**

На пр.: Македонска радио-телевизија, Сител телевизија, Теа модерна, Утрински весник, Идивиди форум, Инстаграм, Фејсбук, Мајкрософт ворд и сл.

• **различни емисии и ТВ-програми**

На пр.: Сè или нешто, Брза кујна, Господар на прстените, Пред дождот, Медена земја и сл.

• **верски институции, празници и објекти**

На пр.: Охридска архиепископија, Курбан бајрам, Осми септември (но: 8 Септември), Исламска верска заедница и сл.

• **градби создадени од човекот, плоштади, улици**

На пр.: Судска палата, Осоговски манастир, Шарена џамија, Широк сокак, Плоштад на револуцијата, Зелен пазар и сл.

**ЗАДАЧИ**

1. Во следниве реченици, правилно употреби голема буква!

– господине велковски, ве известуваме дека вашиот предмет е решен во согласност со законот за средно образование на република северна македонија.

– денес во домот на културата во битола премиерно ќе биде изведена театарската претстава „легендата за дедо мраз“.

– широк сокак е најпознатата улица не само во битолско туку и во цела македонија.

– илинденското востание било кренато на 2 август.

# ИНТЕРПУНКЦИСКИ ЗНАЦИ

## (ТОЧКА, ЗАПИРКА, ПРАШАЛНИК, ДВЕ ТОЧКИ, ТРИ ТОЧКИ, ИЗВИЧНИК, НАВОДНИЦИ)

Дел од нашето писмо се и знаците со кои се означуваат речениците и деловите во нив, паузите и интонацијата (повишување и снижување на гласот). Тие знаци се нарекуваат **интерпункциски знаци**.

1. УПОТРЕБА НА **ТОЧКА** (.)

• Точка се пишува **на крајот на расказна реченица** проста или сложена.

На пр.: Таа ми раскажа една убава приказна. Иако беше тажна, имаше среќен крај.

• Точка се пишува и **на крајот на заповедна реченица** кога таа е искажана без заповед, смирено.

На пр.: Чекај да се вратам, да мине летото, па ќе зборуваме.

• При **скратување на зборовите,** се пишува точка.

На пр.: и др. (и друго), стр. (страница), едн. (еднина).

• Кога се пишува **реден број** со арапска цифра, по цифрата се пишува точка. (По цифрата не се пишува точка ако по неа следуваат име на месец и зборовите година и век.)

На пр.: Текстот се наоѓа на 35. страница.

• **Датумите** се пишуваат со точка.

На пр.: 14.3.2021 г. (но 14. III 2021 г.)

• Точка **не се пишува по наслови, теми и потписи.**

На пр.: Робинзон Крусо (Даниел Дефо)

Пролетта во мојот крај

2. УПОТРЕБА НА **ЗАПИРКА** (,)

• Запирката се користи **при набројување.**

На пр.: Извидниците, планинарите, ловџиите лесно се снаоѓаат во шума.

Убава, стројна, калеша мома се појави тој ден во селото.

Дамир, Јусуф и Вељко отидоа на роденденот на Лео.

• Со запирка се разделуваат **прости реченици во рамките на сложената реченица.**

На пр.: Гостите од Албанија дојдоа порано, но не останаа долго.

Иако им беше кажано, Амра и Санела не ја прочитаа лектирата.

• Запирка **не се пишува пред сврзниците И и ИЛИ**

На пр.: И станарите и соседите го гасеа пожарот.

Ќе доаѓате или не?

3. УПОТРЕБА НА **ПРАШАЛНИК** (?)

• Прашалник се пишува **зад прашална реченица, прашален збор или израз.**

На пр.: Зошто да чекаме до утре? Зошто? Ти ли си, Орхан?

• Прашалник се употребува **кога говорителот не е сигурен во она што го кажува.**

На пр.: Утре одиме, така?

• Прашалник во загради се употребува **кога се искажува сомнеж** во кажаното.

На пр.: Тој ги освои сите награди на натпреварите (?).

4. УПОТРЕБА НА **ДВЕ ТОЧКИ** (:)

• Две точки се користат **при набројување.**

На пр.: Него го красат многу позитивни особини: добрина, чесност, храброст, емпатија.

• Пред директен говор што се воведува со зборовите: праша, вели, пишува и сл., се пишуваат две точки.

На пр.: Ивана праша: – Ќе ги поканиме и нив?

• Две точки се пишуваат кога по реченицата следуваат **други реченици што ја дообјаснуваат.**

На пр.: Ние сме уверени: ти ќе постигнеш врвни резултати и ќе бидеш меѓу најдобрите.

5. УПОТРЕБА НА **ТРИ ТОЧКИ** (...)

• Три точки се користат кога **исказот не е завршен или во него има прекини.**

На пр.: Лицето му е некако... не знам... чудно... остарено...

6. УПОТРЕБА НА **ИЗВИЧНИК** (!)

• Извичник се пишува зад **извични реченици, изрази и зборови** кажани со возбуда и засилен тон.

На пр.: Ти си ми, родно место, најмилото катче на светов!
Гледајте! Тој е!

• Извичникот се користи **и по нагласени форми за обраќање или за повикување и по извици со кои се имитираат звуци од природата.**

На пр.: Мајко! Ужас! Оф! Леле! Трас! Мјау!

7. УПОТРЕБА НА **НАВОДНИЦИ** („ “)

• **Директниот говор** се става во наводници.

На пр.: Нико рече: „Што бараат тие овде?“

• Во наводници се ставаат и **цитати, туѓи зборови, извадоци од некое дело** и сл.

На пр.: Преку мислата „јазикот е наша единствена татковина“ е предаден ставот на авторот за значењето и важноста на мајчиниот јазик.

• **Зборовите употребени со преносно значење** се ставаат во наводници.

На пр.: Таков „циркуз“ во нашето училиште одамна немавме видено.

## ЗАДАЧИ

1. Во следниов текст, правилно употреби ги интерпункциските знаци!
   Момчето занемело од чудо Видело прекрасен дворец раскошен двор волшебна градина езеро со лебеди Се помислило па одговорило Не старче уште сто такви дворци да ми дадеш не се согласувам да ти ги дадам моите очи
   Бидејќи очите ти се толку скапи дај ми ги тогаш твоите раце – му рекол старецот Се согласуваш ли
   Не не Не давам ни еден прст од моите раце – извикало момчето возбудено
   Старецот нежно го погледнал и му рекол Гледаш ли синко колку си богат а се жалиш дека си најголем сиромав
2. За следниот час, донеси едно детско списание! Одбери текст што ти се допаѓа и во него, провери ја употребата на интерпункциските знаци! Коригирај ако има грешки!

Во иднина, обрни внимание и на правилната употреба на интерпункциските знаци и во други текстови во медиумите!

# ДЕЛЕЊЕ НА ЗБОРОВИТЕ НА КРАЈОТ ОД РЕДОТ И ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ЗБОРОТ ВО ДРУГ РЕД

## (ПРАВОПИСЕН ЗНАК ЦРТИЧКА)

Кога нема доволно простор, последниот збор во редот се дели на два дела од кои едниот останува во редот, а вториот се пренесува во следниот ред. Знакот за разделување - (цртичка) се пишува по првиот дел од зборот.

- При пренесувањето на зборот во друг ред, се почитува правилото за делење на зборовите на слогови: ли-те-ра-ту-ра, ја-зик, кул-ту-ра.
- Едносложните зборови не се делат: маж, врат, жолт, дожд, смрт.
- Кога во зборот ќе се најдат две самогласки една до друга, тие се разделуваат: сме-ење, пе-ење, на-ука, сто-ење.
- Кога две самогласки се на крајот од зборот, не се разделуваат: оти-доа, ви-каа.
- Ако внатре во зборот се наоѓаат една до друга две согласки, при пренесувањето на дел од зборот, тие се разделуваат: плис-ка, мас-ка, седен-ка, грат-че, детен-це.
- Наставките: -ство (-штво), -ски (-чки) и -ствен (-штвен) се пренесуваат цели во следниот ред: производ-ство, благородни-штво, господ-ски, времен-ски, скитни-чки, величе-ствен, дру-штвен.
- Сложените зборови се пренесуваат според составните делови: море-пловство, рамно-правен, темно-црвен.
- Претставките во зборовите не се пренесуваат во друг ред: прет-поставка, изна-слуша, про-чита, ис-трча, рас-кажа.

### ЗАДАЧИ

1. Пренеси ги во нов ред правилно следниве зборови: одење, ловец, околу, пеење, виулица, видоа, гледаа, брашно, петтиот, осуммина, студентски, единствен, творештво, ученички, општествен, разлутен, безвучен, дочита, престана, темнозелен, североисток!
2. Одбери текст во учебникот и пронајди ги зборовите што се поделени на крајот од редот! Потоа, провери дали се правилно пренесени деловите во другиот ред! Тоа направи го и во други текстови од други учебници или книги!

### Провери го знаењето!

1. Што е правопис?
2. Наведи барем три случаи на употреба на голема буква!
3. Кога се употребува голема буква на сите делови од називот, а кога само на првиот негов дел, во случај кога називот е составен од повеќе делови?
4. Наведи по два случаи кога се употребуваат интерпункциските знаци: точка, запирка, прашалник, извичник, две точки, три точки, наводници!
5. Што треба да се направи кога во редот нема доволно простор да се напише целиот збор?
6. Кој е знакот за пренесување на дел од зборот во следниот ред и каде стои?

# ЧИТАЊЕ И СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ

Со внимание слушај го текстот што го чита наставникот и одговори ги прашањата што следат!

Забележи на колку прашања одговори!

Потоа отвори го учебникот и сам/а прочитај го истиот текст внимавајќи на деталите! Одговори ги истите прашања и повторно забележи го нивниот број!

Една ноќ во шумата

Колку може едно дете да издржи само, во една куќа, а камоли по тесната шумска патека, која води до куќата на неговите баба и дедо? Таквата издржливост може да те направи само посилен и похрабар.

Така, еден саботен ден, чинам дека беше, решив да ги посетам дедо ми и баба ми во селото, кое се наоѓаше не многу далеку од градот. Тргнав со автобусот, кој ме остави на последната станица. Оттука морав да поодам пешки, скоро половина час. Така правев претходните две години кога одев сама кај моите роднини. Но сега беше веќе доцна зима, а јас не носев часовник на раката и го изгубив чувството за време. Мислев дека ќе стигнам на време, но автобусот доцнел скоро 20 минути, а за тоа време веќе почна да се притемнува. Еве како се случи моето патешествие:

Тргнав по патеката што ја знаев. Додека одев, и некои луѓе се движеа зад мене. Зборуваа нешто за прекрасната природа која се наоѓаше околу нас. Дрвјата веќе почнуваа да пуштаат по некое ливче, а тревата почнуваше да зеленее. Се насетуваше пролетта, која намигнуваше од зад грмушките, кои веќе мирисаа на своите зелени лисја. Така зборувајќи, луѓето полека, полека се оддалечуваа од мене. Јас си продолжив по патеката која ми беше позната. Но набргу падна мрак, а јас не ги слушав повеќе гласовите на луѓето. Многу се исплашив, а од стравот кој завладеа во мене и околу мене, се испаничив и почнав избезумено да трчам за да стигнам до куќата. Пред мене излета нешто, се исплашив, мислев дека е некое животно, но тоа беше само една скршена гранка од дрвјата. Погледнав нагоре надевајќи се дека месечината ќе ми го покаже патот. Но неа ја немаше, само облаците се движеа со забрзано темпо од ветрот што ги бркаше. Застанав до едно дрво да земам здив. Тоа се надвиснало над мене и со своите гранки како да сакаше да ме грабне. Срцето почна силно да ми бие. Заплакав. Вриснав колку што ме држеше грлото. Си реков, ако полека се смирам, можеби, ќе наидам на нешто човечко во длабоката шума. Здивнав и се смирив бодрејќи се самата себеси.

Зад едни дрвја здогледав светлина. Се приближував до неа. Забележав и сенки. Сега не знаев дали се тоа луѓе или животни. Повторно со страв, им се доближив и од разговорот дознав дека се чуварите на шумава. Треперејќи им се доближив и им побарав помош. Тие ме стоплија и ми дадоа од храната која ја подготвуваа. Потоа ме однесоа до селото и лесно ја пронајдоа куќата на моите дедо и баба.

– Храброто девојче стигна – извика дедо ми и ме пречека со раширени раце. А јас се стоплив од нивната прегратка и слатко заспав.

*(Ученичка творба)*

## Прашања

– Кој е главниот лик во текстот?
– Каде се упатил/а тој/таа?
– Дали го стигнал/а автобусот?
– Колку време доцнел автобусот?
– За што зборувале луѓето што се движеле зад него/неа по патеката?
– Во кое годишно време се случува дејството?
– Каде стигнал главниот лик кога паднал мрак?
– Што излетало пред него/неа додека трчал/а?
– Од кое чувство е обземен главниот лик?
– Што забележал/а зад дрвјата?
– Кој го однел главниот лик до куќата на дедото и бабата?

Има повеќе различни пристапи за успешно слушање и читање со разбирање различни видови текстови:

- Најважно е текстот да се чита/слуша повеќепати.
- Многу помага и пронаоѓањето и бележењето на клучните зборови во текстот што треба да се издвојат. На овој начин, визуелно се согледуваат клучните зборови што помагаат во разбирањето на содржината.
- Друг корисен пристап при читањето/слушањето со разбирање на нов текст е прераскажувањето. Преку прераскажување на текстот со сопствени зборови, полесно се разбира неговата суштина.
- Важен пристап при читањето/слушањето со разбирање е и пристапот кој се заснова на поставување прашања додека се чита/слуша текстот. Додека се чита/слуша текстот, потребно е истовремено, во себе, да се поставуваат прашања за најважните информации.
- За успешно читање/слушање со разбирање, исто така, е важна и брзината на читањето. Некои грешки во читањето значително ја намалуваат брзината на читањето, а со тоа и на разбирањето на прочитаното.

**ЗАДАЧИ**

- Побарај текстови од енциклопедии или друга стручна литература!
- Запиши еден дел во твојата домашна тетратка!
- На следниот час, прочитај дел пред твоите соученици што треба да те слушаат и да запишуваат прашања од текстот што го читаш!
- Одговори им ги прашањата!
- Потоа слушај ги текстовите кои ги читаат соучениците и постави прашања во врска со нив!

# ПИШУВАЊЕ ТЕКСТОВИ СО КОРИСТЕЊЕ ПОДАТОЦИ

Податоците се користат за потребите на науката, образованието, медиумите и слично. Според дадени податоци, се пишуваат и текстови.

## Внимателно, со разбирање, прочитај ги текстовите што следат!

Марија Кири Склодовска (7.11.1867 – 4.7.1934)

Марија е француска физичарка и хемичарка со полско потекло. Поголемиот дел од својот живот живее во Франција, каде што ги врши своите истражувања. Добитник е на две Нобелови награди. Првиот пат во 1903, заедно со својот сопруг за научните испитувања и достигнувања поврзани со радиокативноста, а втората Нобелова награда ја добива во 1911 година во областа на хемијата за откривање на елементарниот радон. Таа сè уште е единствената жена што има добиено две Нобелови награди.

Никола Тесла

Никола Тесла (Смиљан, Лика, 10 јули 1856 — Њујорк, 7 јануари 1943) — српски научник, истражувач и пронаоѓач во полето на електротехниката и радиотехниката. Познат е како татко на наизменичната струја и на бројни пронајдоци. Тој е Србин по потекло, а подоцна добива американско државјанство и станува граѓанин на САД. Тесла е најпознат по своите револуционерни откритија во областа на електромагнетизмот кон крајот на XIX и почетокот на XX век. Патентите на Тесла и неговата теориска работа стануваат основа за формирањето на целокупниот систем на наизменичната струја, вклучувајќи го и конструирањето на полифазните системи (поточно трофазните), како и на индукцискиот мотор, со кој станува предводник на Втората индустриска револуција. По неговата демонстрација на безжичната комуникација (радиото) во 1893 година и откако е прогласен за неспорен победник во „Војната на струите“, тој станува најпочитуваниот и најголемиот американски и светски научник. Иако е номиниран за Нобелова награда, никогаш не го добива ова големо признание.

| | Националност | Датум и место на раѓање | Професија | Место на живеење | Пронајдоци | Нобелова награда |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Марија Кири Склодовска | | | | | | |
| Никола Тесла | | | | | | |

**ЗАДАЧИ**

- Прочитај со разбирање еден текст од книгата „100 највлијателни жени во историјата“ (од повеќе автори) и во писмена форма искажи го својот личен став во врска со темата и личноста! При пишувањето, користи цитати од текстот!
- Состави свој текст за научникот што ќе го избереш и наведи го изворот на податоците!
- Организирај дебата на тема: Машки и женски професии!

Со помош на наставникот, избери текст од учебник или енциклопедија од училишната библиотека во кој има графикони! Потоа, со другарот од клупата, поставувај и одговарај на прашања што се однесуваат на податоците во графиконот!



# ПОДРАЧЈЕ ЛИТЕРАТУРА

ПОИМ ЗА ЛИТЕРАТУРА
ПОДЕЛБА НА ЛИТЕРАТУРАТА
ЛИТЕРАТУРНИ РОДОВИ (ЛИРИКА, ЕПИКА И ДРАМА)
ЛИТЕРАТУРНИ ФОРМИ (ПОЕЗИЈА И ПРОЗА)
ЛИТЕРАТУРАТА СПОРЕД АВТОРСТВОТО (НАРОДНА И УМЕТНИЧКА)
ЛИРИКА
ЕПИКА ВО ПРОЗА

„Продолжете да читате книги, но не заборавајте: Книгите се тие што треба да ве научат како правилно да оформувате свое мислење.“

Максим Горки

> *„Додека постои мислата, зборовите се живи и литературата станува бегство, не од, туку во живот.“*
>
> **Кирил Коноли**

# ПОИМ ЗА ЛИТЕРАТУРА



– Здраво! Дали има билети за новата детска балетска претстава „Петар Пан“ за утревечер?
– Добар ден! Да, има, за во 17:30 часот, нели?
– Да! Три билети, за тогаш, Ве молам!
– Во ред. Повелете, ве очекуваме!
– Ви благодарам! Пријатен ден!

„Цицачите се ’рбетници што еволуирале во добата на диносаурусите пред приближно 175 милиони години. Имаат различна големина – Китевиот лилјак има големина на бумбар од 4 см, а најголемото животно на оваа планета е џиновскиот син кит, долг 3,048 см. Познати видови цицачи се глодачите, лилјаците, кучињата, мачките, елените, овците и луѓето.“





**Волшебни ѕвезди**

„Волшебни ѕвезди на небото бдеат солзи дождовници леат...
Тие ѕвезди се гнезда на детските сонови – на небото создаваат свои сводови.“

**Кои од текстовите погоре се употребуваат во секојдневниот разговор, а кои се среќаваат во книгите?**

**ЗАДАЧА**

**Истражувај! Прочитај различни текстови слични на горенапишаните!**

***Поимот литература потекнува од латинскиот збор litera, што значи БУКВА! Со овој збор, се поврзува и значењето на самата уметност. Литературата е уметност на пишаниот збор, чија главна задача е создавањето уметнички дела, со помош на јазикот.***

**ВЕЖБИ**

**ПРОЧИТАЈ ГИ СЛЕДНИВЕ ТЕКСТОВИ И СО ДРУГАРЧЕТО ВО КЛУПАТА, ПОРАЗГОВАРАЈ ЗА РАЗЛИКИТЕ ВО НИВ!**

**1**

„Секој ден ми се врти една мисла, дали везден да учам има смисла. Или да играм сега, бидејќи детството брзо бега.“

**2**

„Црвениот кенгур е најголемиот торбар во светот. Неговата просечна висина изнесува 1,5 метри и 85 кг тежина. Женките се помали, полесни и побрзи од мажјаците. Исто така, нивното крзно има синкава нијанса, па затоа Австралијанците ги нарекуваат „сини летачки кенгури.“

**3**

„Оздола идит, мамо
едно овчарче,
едно овчарче, мамо,
едно козарче.“

Пред него си терат,
триста козички,
триста козички, мамо,
двесте овчички...“

**4**

„Декемврискотo утро беше токму такво. Станав од креветот, близу прозорецот и забележав дека ноќта завеал снег. Многу се израдував, па веднаш босонога излегов пред вратата допирајќи го снегот со нозете. Радоста беше краткотрајна. Студи. Домашните викнаа по мене и морав да влезам внатре. Црвените стапала и носето од топлината на домашниот огин, полека почнаа да се загреваат.“



„*Големата литература е едноставно јазик наполнет со значење до највисок можен степен.*“

**Езра Паунд**

# ПОДЕЛБА НА ЛИТЕРАТУРАТА СПОРЕД ФОРМАТА НА ПИШУВАЊЕ

Внимателно прочитај ги текстовите што следат и обрни внимание на формата во која се напишани!

„Чудо ми се случи,
деца мили,
светот полудел
по убавата Лили.

Ја здогледувам одалеку
како да ми намигнува,
а таа веднаш со
моето срце си поигрува.“

*„Македонијо, леле, мајко,*
*од Вардара до Пирина,*
*од Пирина до Егеја.*
*Изникнало бадем дрво,*
*на дрвото славеј пиле.*
*Славеј пиле славно пее:*
*– Ајде браќа Македонци,*
*ја земете црвен бајрак,*
*црвен бајрак за слобода.“*

*Народна песна*



**„Деновите на пролетта бликнаа. Марта го испрати писмото во Швајцарија. И чекаше одговор. Но во себе не веруваше дека ќе го добие. Или, пак, ќе дојде одговор во кој ќе пишува дека во нивната евиденција лицето Мартин Горски не постои. Строго службено, премногу административно, без некој да помисли колку е очекуван одговорот на писмото...“**

*Извадок од делото „Марта“ од Горјан Петревски*

**МАЛИОТ ПРИНЦ: Смеам ли да седнам?**
**КРАЛОТ: Ти наредувам да седнеш!**
**МАЛИОТ ПРИНЦ: Господару, простете ми што прашувам, но... над што владеете вие?**
**КРАЛОТ: Над сè и сешто, владеам со сите планети и звезди...**
**МАЛИОТ ПРИНЦ: И, ѕвездите Ве слушаат?!**
**КРАЛОТ: Секако дека ме слушаат, јас не поднесувам непослушност.**
**МАЛИОТ ПРИНЦ: Тогаш, јас би сакал да го видам зајдисонцето... Направете ми го тоа задоволство... наредете му на сонцето да зајде...**
**КРАЛОТ: Кога на некој генерал би му наредил да лета од цвет на цвет како пеперутка или да се претвори во морска птица и кога тој генерал не би ја извршил наредбата, кој би бил крив за тоа... тој или јас?**
**МАЛИОТ ПРИНЦ: Вие!**
**КРАЛОТ: Точно! Од секого треба да се бара само она што тој може да го даде. Јас имам право да барам само доколку моите барања се разумни. А, ти ќе го имаш твоето зајдисонце кога ќе бидат поволни условите за тоа... Хм... Тоа ќе биде денес околу... околу седум и четириесет навечер! И ќе видиш како убаво ќе ме послуша...**

*(Извадок од „Малиот принц“ од Антоан де Сент-Егзипери)*

1. Дали забележуваш разлика во формата на текстовите?
2. Кој текст е напишан по улоги, во форма на разговор?
3. Дали можеш да заклучиш како е поделена литературата според формата во која е напишана?
4. Напиши еден поетски текст, а потоа со информациите од него, напиши прозен текст!

**Според формата во која се напишани литературните творби, тие се делат на:**

1. **ПОЕТСКИ (ПОЕЗИЈА) – творби напишани во кратки редови, стихови и строфи и**
2. **ПРОЗНИ (ПРОЗА) – творби напишани во долги редови, реченици.**

**ЗАДАЧИ**

За час: Со помош на наставникот, пронајди текстови во проза и поезија и разговарај со другите ученици за разликите во нивната форма! Текстови можеш да побараш на интернет или во училишната библиотека.

За дома: Размисли и состави текст по твој избор, во проза или поезија, со наслов Моето семејство!

*„Книгата е сон што го држиш в раце.“*

**Нил Гејман**

# ПОДЕЛБА НА ЛИТЕРАТУРАТА СПОРЕД ВНАТРЕШНИТЕ СВОЈСТВА

## ЛИТЕРАТУРНИ РОДОВИ

**Знаеш ли дека поезијата и прозата може да имаат и друг назив?**

*Виножито*

*Има едно виножито*
*со волшебни бои,*
*децата го носат*
*во срцата свои.*

*Штом дождот здивне*
*и небото засинува,*
*виножитото се смешка*
*но набргу заминува.*

*Ученичка творба*

**„...Првиот снег падна многу рано. Неочекувано ја покри земјата. И така, неподготвено ги изненади и птиците. Каде да најдат храна? Никаде ја нема. И што им преостанува друго на врапците и сениците, освен да се дружат и да побараат спас што поблиску до човековите живеалишта. Поминував крај една куќа. На крушата недалеку од куќата, толку себеа собрале, што наоколу ечеше вревата од птици...“**

*Горјан Петревски*

**На која литературна форма ѝ припаѓаат овие текстови, на проза или поезија?**
**Во кој од нив се раскажува и опишува, а во кој преовладуваат чувствата?**



КИКО: Е, па каде е?
ГОЦЕ: Слушај сега... Тргнав јас по куче... Отидов во друштвото за заштита на уличните кучиња. Од кај нив може да се вдоми. Влегов, одбрав едно кутре и среќен тргнав накај дома. На 100 метри од колата го видов овој човек, седеше на тротоарот покрај улицата на еден картон и просеше. Тргнуваше чад од цигарата до желудникот. Затоа го завикав Димче.
(Димче е со наведната глава. Гоце продолжува да јаде и ги остава Сузи и Кико во неизвесност.)
СУЗИ: И?
ГОЦЕ: И, кога го видов, си реков, како што има акција за вдомување на улични кучиња треба да има акција и за вдомување на бездомници.
(Повторно продолжува да јаде, на Кико и на Сузи сè уште не им е сè јасно.)
КИКО: А, кутрето?
ГОЦЕ: Го дадов на еден човек.
СУЗИ: Значи, место кутре, ти вдоми бездомник?
(Гоце горд на себеси, кима со главата. Тишина. На Димче му е непријатно. Демек. Ама засега треба да изгледа дека му е непријатно. Станува да си оди. Димче не зборува, ако досега не сте забележале.)...



*Извадок од делото „Остани исправен и оди грациозно“ од Ева Камчевска*

**Во каква форма е напишан овој текст?**
**Кој учествува во реализацијата на дејството од овој текст?**

**ЗАДАЧА**

**Согледај ги најважните карактеристики на секој текст!**

| Прв текст | Втор текст | Трет текст |
| --- | --- | --- |
| Напишан е во долги редови – проза, раскажува и опишува, напишан е на литературен јазик, може да биде и на дијалект. | Напишан е во кратки редови (стихови) – поезија, има ритам – музикалност, се изразуваат чувства, се опишуваат поетски слики, напишан е на литературен јазик, може да биде и на дијалект. | Напишан е во дијалошка форма (разговор, комуникација), ликовите се носители на дејството, наменет е за читање по улоги, како литературна творба, но и за изведба на сцена, напишан е на литературен јазик, може да биде и на дијалект. |
| ↓ ЕПИКА | ↓ ЛИРИКА | ↓ ДРАМА |

## Да запомниме!

**Според внатрешните својства и односот кон светот, литературата се дели на три рода: ЛИРИКА, ЕПИКА и ДРАМА.**

**Задача за час:**

**Прва група:** Од библиотеката во твоето училиште, одбери книга со лирски текстови и забележи ги нивните карактеристики!

**Втора група:** Во епски текстови, посочени од наставникот, пронајди ги и забележи ги сите белези на тој литературен род!

**Трета група:** Со помош на наставникот, одбери драмски текст и запиши ги неговите карактеристики!

Презентирај го сработеното пред твоите соученици! Дополни ги евентуалните пропусти!

**Задача за дома:** Напиши творба по избор, лирска, епска или драмска!

Притоа, води сметка да бидат застапени сите поважни карактеристики на литературниот род на кој му припаѓа таа!

*„Без труд, не се ора со плуг.“*

**Народна поговорка**

# ПОДЕЛБА НА ЛИТЕРАТУРАТА СПОРЕД АВТОРСТВОТО

*– Баба секогаш ми раскажуваше една приказна. Претпоставуваш ли каков говор користеше?*
*– Не, нема да знам ако не ми ја кажеш приказната.*
*– Ајде, ќе ти ја раскажам:*

Борчот

Еден сиромав човек му имал за давање троа пари на еден богат. Многупати му ги сакал парите богатиот на сиромавиот, арно ама сиромавиот немал да му ги плати.

Со денеска, со утре поминало баеги време.

Врвејќи едно утро сиромавиот пред богатиот, го видел и го викнал да му ги сака парите.

– Оти не си го плаќаш борчот, бре пријателе? – му рекол богатиот како на лутина. Еве, толку време кај те чекам, оти не се засрамуваш барем малку по малку да даваш и да се платиме.

– Ќе потраеш, чорбаџи, уште некој месец, – му рекол – дури да изврват ќаите со овците за на вилает, да остават овците волна по трњето и јас ќе си ја соберам, та ќе ја продадам и ќе ми ти платам и натплатам; а не сега да ти давам малку, утре повеќе и до најпосле сите. Тој еѓупштилак, чорбаџи, не го правам – ја сите веднаш, ја ти биди ми жив и здрав.

Кога го чу чорбаџијата тој збор од сиромавиот, брвна да се смее и му вели смеејќи се:

– Ете, пријателе, трај коњу до зелена трева! Ти ми велиш да собереш волна од трње и да ми платиш!

– Еее, се смееш, чорбаџи, му рекол сиромавиот оти ти иде арно чунки се увери оти ќе си ги земеш парите.

Кога го чул тој збор чорбаџијата, уште посилно се изнасмеал и го пуштил да си врви по патот.

*– А сега, знаеш ли на каков јазик ти ја раскажав приказнава?*
*– Да, не е литературен, сигурно некој дијалект или...?*
*– Да, на народен јазик, баба секогаш ми ја кажуваше оваа приказна на јазикот што таа си го говореше, а ја сакаше бидејќи има и убава порака на крајот.*
*– Мојот дедо, пак, ми кажуваше кратки текстови, како овие:*

**Гладна кокошка, просо сонува.**
**Баба лажи, трап не лажи.**
**Слеп слепца води.**
**Работата го краси чоека, а мрзата го гнаси.**

*– Ова се поговорки на народен говор.*
*– Ех, колку убави работи ни пренеле нашите баби и дедовци.*



Овие текстови припаѓаат на народната литература. Текстовите се напишани на **народен јазик**. Тоа се умотворби што ги создал народот, па, затоа, овие творби се **анонимни**, односно немаат познат автор. Во почетокот, народните творби **колективно** се создавани и чувани од народот за да се пренесат **усно**, од генерација на генерација, сè до моментот кога собирачите ги запишале и ни овозможиле и нам денес да уживаме и да учиме од нивните поуки.

**Пролетна магија**

**Утринското сонце**
**да излезам надвор ме мами,**
**на жицата мајска песна**
**пеат ластовичките збрани.**

**Нежното пролетно ветре**
**цвеќињата ги нишка,**
**на мојата најмила мајка**
**ѝ набрав прекрасна китка.**

**Широка ливада**
**исполнета со пеперутки рој,**
**тивко ме повикува**
**на пречекот на пролетта.**

***Душко Аврамов***



Сиромаио и арно да речи, никој не го слуша

Еден сиромав чоек седел до некои чорбаџии и слушал што се разгоара. Муабето му бил за оти имало многу глувци. Поголемиот чорбаџија велел оти глувците му го изгризале железото што го продал на дуќан и сите му го потврдиле зборо.

– Вистина, вистина, чорбаџии – му рекол сиромаио – има многу глувци, чунки што имав троа брашенце ми го изедоа!

Нејќејќи му го зборо чорбаџијата од сиромаио, му рекол:

– Ај не туку лажи, бре чоече, кај јада глувците брашно, да је жито, можи, ама брашно не јада.

Ама не је, браќа, јас као што велам? – му рекол на другите чорбаџији што биле околу него. Сите му го потврдија зборо на богатио и го застрамија сиромаио.

– Туф, бре, гиди, јас брашното реков ми го јада глувците, чорбаџиите не ми го потврдија, а пак чорбаџијата рече железото го јадат – тоа што не било до денеска, му го потврдија. Што беше оваа пуста сиромаштија, што ја нема чес? – си рекол сам со себе и уште еднаш не беше пошол при чорбаџиите на муабет.

***Народна приказна***

Февруари во степата

Во студените штали цела ноќ мукаат кравите. Пред зори нема да најдеш ниедно стебленце слама во јаслите. Јагнињата и јарињата кои оваа зима се ојагнија и ојарија, повеќе не ги оставаат во трлата. Ноќе сонливите селанки, ги земаат од мајките, ги мотаат во скуталињата и ги носат во загушливо топлите куќи.

Под ледена кора снегот е како крупна, кршлива, зрнеста сол. Полноќта е толку тивка, небото е толку модро прошарано со трепетливите ѕвездички, па на човека лесно може да му се пристори дека сѐ живо исчезнало од овој свет.

*Михаил Шолохов*

Одговори!

1. На каков јазик се напишани овие три текста?
2. Во каква форма е напишан секој од нив?
3. Кои од текстовите имаат свој автор, а кои сметаш дека се колективна, заедничка творба на повеќе раскажувачи?

**ЗАКЛУЧОК**

**Литературните творби што се напишани во кој било литературен род (во проза, поезија или драма) од автор, припаѓаат на АВТОРСКАТА (УМЕТНИЧКАТА) ЛИТЕРАТУРА.**

**Литературните творби што настанале колективно, немаат познат автор и се пренесуваат по устен пат од генерација на генерација, а ги запишале народните собирачи, припаѓаат на НАРОДНАТА (АНОНИМНАТА) ЛИТЕРАТУРА.**

| НАРОДНА ЛИТЕРАТУРА | АВТОРСКА ЛИТЕРАТУРА |
| --- | --- |
| – непознат/анонимен автор,<br>– народен јазик,<br>– колективна творба,<br>– усна форма, подоцна запишана од собирачите,<br>– пишувана во проза и поезија. | – познат автор,<br>– литературен/стандарден јазик,<br>– индивидуална творба,<br>– писмена (документирана) форма,<br>– пишувана во поезија, проза и драма. |

**ЗАДАЧИ**

Задача за час: Со другарчето во клупата, запиши една народна песна или приказна што ја помниш, а усно ти ја пренеле најблиските!

Задача за дома: Обиди се да напишеш твоја авторска творба!

## Провери го знаењето!

1. Што е литература?
2. Како се дели таа според формата?
3. Што е проза, како е напишана?
4. Што е поезија?
5. Во што се разликува од прозата?
6. Наброј ги литературните родови!
7. За кој литературен род се карактеристични следниве белези:
   – дијалошка форма,
   – ликови (улоги),
   – изразување дејство на сцена,
   – текст наменет за изведба на сцена?
8. Кои се главните белези на лириката?
9. Избери епски текст од учебникот и издели ги основните белези на епиката во него!
10. Со Венов дијаграм, претстави ги сличностите и разликите меѓу прозен и поетски текст!
11. Размисли и одговори на кој литературен род му припаѓаат следниве текстови!

„... Писмата останаа на масата. Кога ќе ги делат?

Ги делеа по појадокот. Го видов малиот Цобе, гласно ја читаше својата поштенска картичка. Го чув своето име. Го зграпчив белото едноставно плико. Ракописот беше на мама Љупка, таа везеше крупни китнести букви. Најдов осамено место и ги одвиткав двата листа хартија. Внатре пишуваше:

– Здраво Николче! Сите сме добри. Ја добивме твојата разгледница. Пиши ни пак. Нè радува дека си добар и не тагуваш за дома. Сваривме слатко од цреши, ти најмногу го јадеш. Тато Коле ја вароса кујната. Сега ѕидовите се нежнозелени. Овде времето е многу топло. Како е таму? Дедо Никола залудно оди на риболов секој ден, не може да улови ништо. Баба ти на шега го советува да оди да купи кутии сардини – така сите ќе бидеме сити и мирни. Те бакнуваат твоите мама Љупка, тато Коле, баба Марија и дедо Никола...“

*(Извадок од „Втората смена“ од Велко Неделковски)*

„...Така занесен, не ни забележав кога налепив уште еден кец. И тоа, замислете си, по мајчин.

Мајка ми рече:

– Панче! Кога најпосле ќе заврши и таа дубара со тој глупав фестивал?
Мајка ми никогаш не зборуваше со таков јазик, но ова покажуваше дека ѝ дошло преку глава и дека само доброто воспитание што го добила од своите скромни родители, може да ја задржи да не направи поголема беља. Реков:

– И мене ми е доста. Потрошив веќе десет филмови вежбајќи се...

Таа се наведна да ме бакне, а јас ја турнав со лакотот. Не, не ми беше жал. Во тој миг, таа ми беше како другар... “

*(Извадок од делото „Мојот звук“ од Оливера Николова)*

„...Три мина Турци дојдоа,
Илинка да ја побараат,
– Кај ти е бабо, Илинка,
ќерка ти бабо, најмала?
Да смети, да ни постели,
шеќерно кафе да свари.
Бела погача да меси,
јариче пиле да опечи.
– Еј море, Турче будалче,
Илинка не ја даваме,
на Турче да му служи...“

*(Извадок од народна творба)*

„...ТРЕНДО (на другарите): Пејте! Одвлечете ги натаму!
ДОНКА: Ленче, аџијата! Или внатре, или – со Бошко!
БОШКО: Со мене, Ленче!
ЛЕНЧЕ: Со тебе! Води ме, Бошко!
БОШКО: Ајде, Ленче! (ја фаќа под мишка. Отидуваат)
ДРУГАРИТЕ (пеат)...
ТРЕНДО (извикува победнички, радосно, напевно): Слатка медена-а-а!...“

*(Извадок од „Беѓалка“ од Васил Иљоски)*

„Поезијата е чин на мир.“

Пабло Неруда

# ЛИРИКА – Структурни белези на поезијата

## Да си дете



Прекрасно е да си дете,
да го гушнеш сиот свет,
в чудна игра што се плете,
најмирислив, шарен цвет.

Детето е бисер сјаен,
најскапото дома злато,
што со љубов неизмерна,
го сакаат мама, тато.

Детето е цвет што цвета,
топла љубов што го жари,
птица е што везден лета,
денот сончев што го пали.

Детето е сонце златно
домот роден што го грее,
детето е славеј личен,
што по цел ден песни пее.

*Ненад Џамбазов*



**Дискутираме**

1. На кој литературен род му припаѓа овој текст?
2. Дали текстов е напишан во проза или поезија?
3. Кои се неговите белези?
4. Дали можеш да го раскажеш?
5. Какви чувства и расположенија преовладуваат во текстот?

**ЛИРИКАТА** е литературен род со кој се изразуваат чувства и мисли. Нејзината надворешна форма ја претставуваат стихот и строфата. Чувствата (емоциите) и сликовитоста (поетските слики) се карактеристики на лириката.

Освен **емоционалноста** и **сликовитоста**, основен белег на лириката е и музикалноста. Ова се трите најважни елементи на поетскиот јазик.

Лирските видови имаат лирски говор. Чувствата и мислите ги опева лирскиот субјект, што не треба да се идентификува со поетот.

**Детство**

Играј, дете, колку можеш,
в поле, в гора, сегде шетај,
играј, зашто златно детство
како ветер мине, лета.

Смеј се гласно, смеј се силно,
вечно биди весел, бодар,
оти тоа драго детство
тече брзо како вода.

Ех, да можам, да сум силен,
во детството да се вратам,
само еднаш во играта
со децата да се фатам...

*Боро Ситниковски*

| | |
|---|---|
| СЛИКА (со примери преку стихови) | ЧУВСТВА (со примери преку стихови) |
| ЗВУЦИ (со примери преку стихови) | ВРСКА СО МОЈОТ ЖИВОТ (со примери од детството) |

Анализирај ја лирската творба!

## Езеро

Езеро сино брегот го гали,
палаво играат бранчињата мали.
Галичица вишна синило ја обви,
облаче бело по небото плови.

Бел галеб пред мене прелета сега,
мојот поглед во далечина се протега.
Зракот сончев во насмевка се топи,
лицето мое во топлина блага го опи.

*Снежана Вујасиновиќ*

**ЗАДАЧА**

Задача за дома: Во табела, напиши ги добрите и лошите страни на детството!
На следниот час, разговарај со наставникот за нив!

# ДА ГО ПРЕПОЗНАЕМЕ ЛИРСКИОТ СУБЈЕКТ!

Размисли и одговори! Кој ги изразува своите чувства во следниве песни, дали тоа е авторот или некој друг?

**Девојче**

**До вчера, што се вели,**
**лижеше лижавчиња и карамели.**
**На куклата фустани ѝ шиеше**
**ја хранеше, лице ѝ миеше.**
**Се возеше на тротинет**
**извалкана на лицето со**
**сладолед,**
**со чоколада или мармалад,**
**не сакаше да се бања во када,**
**играше до доцна ени-мени-**
**сени...**
**Но наеднаш сѐ се смени...**
**Не можеше да се препознае и**
**сама –**
**поголема стана од мама.**
**И додека чекори вита и млада**
**преполни се балконите како на**
**парада.**
**Се отвораат прозорците на**
**секоја зграда.**
**А, едно момче, и тоа до вчера,**
**што се вели,**
**ја следи со погледи врели!**

***Ненад Џамбазов***

**Нашинска**

**Да ни е да сме доста**
**колку да се разбистри небото**
**над Бистрине, Корабине –**

**Да ни е да сме доволно**
**колку да се довардиме**
**покрај Вардарине и Струмине –**

**Да ни е да сме мерата**
**колку да се прелееме**
**од колено на колено до кај**
**истрајвекот –**

**Малцичка сме ли, ете, па што**
**малцичка божем, а веќе со векови**
**по стопати, по севезден нѐ**
**пребројуваат.**

**Но ние сме како што сте, како што**
**се**
**и покрај сѐ и покрај сѐ**
**колку сме, толку сме, токму сме!**

***Гане Тодоровски***



**Гане Тодоровски** е роден во Скопје, на 11 мај 1929 г., а умира во Скопје, на 22 мај 2010 г. Тој е македонски поет, преведувач, професор, есеист, книжевен критичар, историчар и публицист. Гане Тодоровски завршува Филозофски факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје каде што и докторира на темата „Веда Словена и нејзините мистификатори“. Работи како новинар во „Танјуг“, „Млад борец“ и „Студентски збор“. Исто така, е долгогодишен професор по хрватска книжевност и македонска книжевност во XIX век на Филолошкиот факултет во Скопје. Творештво: „Во утрините“, „Тревожни звуци“, „Спокоен чекор“, „Божилак“, „Апотеоза на делникот“, „Претходниците на Мисирков“, „Горчливи голтки непремолк“, „Недостижна“, „Осамен патник“ и други.

Во првата песна, нема лирски субјект. Авторот пее за девојчето што пораснало. За разлика од првата, во втората песна, лирскиот субјект е сеприсутен. Тоа се забележува од глаголите во прво лице, во случајов тоа е прво лице, множина. **Значи, лирскиот субјект е присутен само кога во лирската творба има глаголи во прво лице еднина или множина.**

Определи ја присутноста на лирскиот субјект во следниве песни!

### Внукот

Еве стапува на сцена мојот внук,
уште непрооден,
тукуштo испилен од рулче,
со седум месеци
и, машала, со цели десет килца.
Внуче, пред да се исправиш на двете
ножиња,
лапај! И потоа лапај!
Вкуси го тоа што јас одамна сум го изумил:
воздухот – со непца, јазик, носе и гради,
светлоста – со веѓи, клепки, белки и зеници,
храната – со сето грлце дури до мешето,
водата – со сето снаже што пека за
прохлада,
миризбата, топлината и сето друго исто
така!
Внуче, не мисли за ништо друго,
зошто ти е тоа мислење!

*Блаже Конески*

### Старата

Старата запира до темната порта, –
не ѝ се слуша, страшливо се обѕира,
сѐ ѝ се чини – некој ѝ се подбива.

Старата запира до темната порта, –
не ѝ се види, рано на ругузина се свиткува:
на сон оддалеку со мртвите се надвикува.

*Блаже Конески*

### Песна

Кај се дните кога песна
ме крилеше толку пати?
Тие нема да се вратат,
но песната ќе се врати.

Не сум сива, прашна душа
што се свила и што трае.
Сакам љубов да ме носи,
во срцево – песна да е.

Во срцево песна да е,
како пламен да ме гори.
Со збор страшен меѓу двајца
таа мене да ми збори.

*Блаже Конески*

*„Поезија е кога емоцијата ја наоѓа својата мисла, а мислата наоѓа зборови.“*

**Роберт Фрост**

# СТИХ И СТРОФА
# ВИДОВИ СТРОФИ

Прочитај ги следниве лирски текстови и размисли за сличностите и разликите меѓу нив!

„Пролет моја, моја бела пролет – ќе
дојдеш со дожд и урагани,
бурна, страшна в метеж се ќе
сматиш.“

„Во дневникот паѓаат петки како есенски дождови.“

„Сред водите мирни, сјајни –
два острова, ко две тајни.“

„Ми купија таа остра сабја,
што се дипли дванаесет дипли,
што се носи в бела пазува,
што ми сече дрво и камење.“

**Стих е еден ред од песната.**
**Повеќе стихови групирани во една целина формираат строфа.**

**Колку стихови има секоја од строфите погоре?**

**Строфата составена само од еден стих се вика моностих.**
**Строфата од два стиха се вика дистих.**
**Строфата од три стиха е тристих (терцина).**
**Строфата од четири стиха се вика катрен.**

**Ако песната има строфи со ист број стихови, се вели дека е СТРОФИЧНА.**

**Ако песната нема строфи, таа е АСТРОФИЧНА.**

**Ако песната има строфи со различен број стихови, тогаш се вика ХЕТЕРОСТРОФИЧНА.**

Песна за Гоце

Дувка ветер и шумолат гранки,
пуплат дрвја, цутат сливи ранки,
орач в ниви бисер семе сее,
бисер сее мила песна пее:
„Мина, горо, млад Делчев војвода!“

Жетвар жнее, в поле клас се рони,
солнце пече, зрее жито златно,
бујна песна, низ полето ѕвони:
„Дејди, Јано, дејди мила душо,
дал’ навезе Гоцевото знаме!“

Шумно лисје низ гора се стели,
в честа гора гори силен пламен,
а крај оган седат борци млади,
ечи песна од јуначки гради:
„Се бориме под Гоцево знаме!“

*Ванчо Николески*



### Кучината лајат, мило мамино

Кучината лајат, мило мамино,
Среде во село.
Хајдути влегле, мило мамино,
Среде во село.
Собор собрале, мило мамино,
Собор среде село.
Ајдучко оро, мило мамино,
Ајдучка песна.
Орото го води, мило мамино.
Тој Гоше Волче.
Хајдук ќе дам, мило мамино,
Пирин Планина.

***Народна песна***

### Црвена

Црвена е крвта што врие и тече,
црвена е молњата облаци што сече,
црвено е небото в зори што се смее
црвено е знамето гордо што се вее,
црвена – омразата во нашите гради,
и гневот е црвен на стари и млади.
О, тирани, чујте – денот веќе иде – и
нашата одмазда црвена ќе биде.

***Коста Абрашевиќ***

### Топола

Како мома вита извишила става
и чиниш: сонцето ќе го допре со глава.

Во утрини светка, се вишнее над патот,
на гранките нејзини слетува јато.

И кога дожд пролетен, од небото роси
везден ги чешла златестите коси.

Се вишнее стебло, црцор од птица се лее,
наоколу ветерот палав севезден пее.

Во ноќта темна, кога спие секое дете,
над неа месецот сјаен седело плете.

Шумоли, среќно трепери со лисјата свои,
јас сè уште чинам: крај реката стои!

***Драган Јаневски***

### Зов

Ах, овој есенски ден
со сонце позлатен!

Излези, излези брзо
заедно да проскитаме,
исти луѓе да видиме
со иста смеа да итаме.

Срцево ми е денеска
детенце неповиено
од светлина опиено,
од овој есенски ден
со сонце позлатен!

***Блаже Конески***

### Мамо моја мила

Насекаде љубов ширам,
зашто љубовта ми дава крилја.
За тоа е виновна силата на мојата мама,
која ме учи како да бидам дама.

Мама е мојот најубав цвет,
ја сакам колку целиот свет.
Таа е војник и не се плаши,
над мене бдее ко пеперутка.

***Ученичка творба***

Анализирај ги песните според барањата (работи во група)!

— Наслов на песната.
— Автор на песната.
— Каква е песната според присуството/отсуството на строфите?
— Каков е стихот?
— Запиши ги римите!
— Во кој литературен род спаѓа песната?
— Според авторството, каква е песната?



> *„Поезијата е ехо што бара сенка да танцува.“*
>
> Карл Сандбург

# СЛОБОДЕН И ВРЗАН СТИХ

Изразно прочитај ги следните лирски творби!

Утро

Ноќта ја крева црната завеса.

Од исток
бел галеб стреловно долетува
со крилја позлатени
и белина донесува на сцената.
Галебот бел
со весел крик слетува сред морето
прв да се искапе
во водата прозрачна и студена.

Но тогаш
бранчиња луди се озабуваат
па го заробуваат
и крилја нежни му истрошуваат.

Белината останува над водата
со златни нитки извезана.

***Генади Болиновски***

Можам ли да не учам?

Весело се враќам
од школото сама,
ме прашува дома
мојата мила мама:

– Како во школото
ќерко, врват дните,
беше ли за пример,
ќерко, меѓу сите?

Крај мене седнува
и прашува дедо:
– Како мина в школо,
мило мое чедо?

Од работа дома
кога иде татко,
– Да си добра, умна –
вели – чедо слатко!

Не може да трае
ни мојата баба:
– Пази да не ставиш
во дневникот слаба?!

И сите за мене
водат грижа една:
да не бидам вредна?!

***Ванчо Николески***

1. Како се распоредени строфите, односно по колку стихови има секоја строфа во двете песни?
2. Изброј ги слоговите во секој стих од песните!
3. Дали имаат ист или различен број слогови?
4. Напиши лична поетска творба во слободен стих!

**Стиховите што имаат различна должина, односно различен број слогови, што немаат ритам и рима и што може, но и не мора да се организирани во целини (строфи), се викаат СЛОБОДНИ или НЕВРЗАНИ СТИХОВИ.**

**Стиховите што се организирани во строфи и што најчесто имаат рима и ритам, се викаат ВРЗАНИ СТИХОВИ.**

**Те сакам песно македонска**

Љубов си ми ти,
младост си ми ти,
песно убава
јас без тебе
знај не можам.

Радост си ми ти,
тага си ми ти,
песно убава
што и да си
ти моја си.

Те сакам песно македонска, македонска
љубов моја си ти, песно македонска.
Те сакам песно македонска, македонска
младост моја, ти песно македонска.

Љубов си ми ти,
младост си ми ти,
песно убава
јас без тебе
знај не можам.

Цвеќе си ми ти
ѕвезда си ми ти,
песно убава
што и да си,
ти моја си.

***Народна песна***

## Одговори на прашањата и барањата!

1. Определи го видот на стихот во песната!
2. Како заклучи дека е слободен/врзан?
3. Во кои стихови има повторување на слогови, односно на зборови?
4. Посочи стихови во кои е присутен лирскиот субјект!
5. Каква е оваа песна според авторството?

# МОТИВ И ВИДОВИ ЛИРСКИ ПЕСНИ
# РОДОЉУБИВА (ПАТРИОТСКА) ПОЕЗИЈА

Прочитај ја внимателно следнава песна и размисли за што пее лирскиот субјект и какви чувства изразува!

Љубов

Ти си ми тивка и нежна,
ти си ми малечко моме...
Зошто си в црно забрадена,
зошто ли очите модри
в бисери ти се искапени?

Ти си ми тивка и маѓесна,
ти си ми тажна царица,
ти си ми златна и бисерна,
ти си ми мојата љубов –
малечка моја татковино,
пролет што не си видела,
ниту пак сонце, ни радост...

Ти си ми пролет разбудена,
со нежна цвеќа, со галаби –
птица си бела, осудена
простори да прелетува.

***Антон Попов***



Антон Николов Попов, Попово Маало, с. Игуменец (денес Гега), Пиринска Македонија, 20 октомври 1915 — Софија, 23 јули 1942 — македонски писател, еден од основачите на Македонскиот литературен кружок. Љубовта кон татковината Македонија, нејзината историја и традиција, нејзината слобода и иднина се тема во севкупното негово книжевно и публицистичко дело.

## Постави прашања на дадените одговори!

1. Родната земја на лирскиот субјект е мала како мало моме.
2. „Царица“ значи дека на оваа мала земја ѝ се поклонуваат многу земји.
3. Бидејќи татковината е љубов за лирскиот субјект.
4. Татковината е секогаш поробувана и страдна.
5. Бидејќи родната земја е како птица осудена да прелетува простори.

Основната замисла за да се создаде една поетска творба се нарекува **МОТИВ**. Поетот може да биде мотивиран од различни објекти или субјекти за да напише песна.

**Поетските творби, според мотивот, се поделени на:**

**патриотски (родољубиви),**
**љубовни,**
**описни (пејзажни),**
**социјални,**
**детски,**
**хумористични,**
**интимни.**

**Каква е песната „Љубов“ според мотивот?**
**Поетот е инспириран од љубовта кон татковината, па, затоа, лирската песна е РОДОЉУБИВА (патриотска).**

Задача за дома:

- Пополни петторед за песната „Љубов“!
- Наслов (една именка).
- Опис (две придавки).
- Активност (три глаголи).
- Чувство (фраза од 4 збора).
- Приказ на суштината – мотив (реченица од пет збора).



*„Овој свет е само платно за нашата имагинација.“*

Хенри Дејвид Торо

# ОПИСНИ (ПЕЈЗАЖНИ) ЛИРСКИ ПЕСНИ

## ЕСЕН

Запиши зборови кои те асоцираат на зборот ЕСЕН!

Есен

Кој ли заспивалка му пее таму
на малото нежно трнче?
Кој ли му кажува приказни таму
на зачуденото срнче?
Кој ли врана песна му грачи
на црното гарванче врано
Во нежна кадифена ноќ?

Блага боровина низ шума се шири,
ветрот во гранките медено свири,
трнчето сонува соништа модри,
срнчето трепка со очиња бодри,
и помина пролет, и помина лето,
и така под ројот волшебни ѕвезди
се мени сѐ на светов.

Од трнчето порасна убав трн,
срнчето порасна во убав елен,
а од гарванчето гарван,
се знае – црн!

***Томе Арсовски***

Од што е инспириран поетот во песната „Есен?“

**Лирските песни во кои мотив се описот на природата и нејзините убавини, се викаат ОПИСНИ/ ПЕЈЗАЖНИ.**

**Описната лирика ги изразува чувствата и мислите на лирскиот субјект. Преку лирскиот субјект, поетот, всушност, го искажува сопствениот однос кон надворешниот свет.**



*Избери песна (патриотска или пејзажна) и дополни го Дневникот со двоен запис!*

## Дневник со двоен запис

| ПРАШАЊА | ОДГОВОРИ |
|---|---|
| 1. Каква е песната според создавачот?<br>2. Кој е авторот?<br>3. На кој литературен род ѝ припаѓа, според внатрешните својства?<br>4. Каква е песната според строфите?<br>5. Какви се строфите, според бројот на стихови?<br>6. Дали има ритам?<br>7. Дали има рима?<br>8. Запиши неколку чувства што извираат од песната!<br>9. Кој е мотивот во лирската песна?<br>10. Каква е песната, според мотивот? | |



*„Сликањето е поезија што се гледа наместо да се чувствува, а поезијата е слика што се чувствува наместо да се гледа.“*

Леонардо да Винчи

# ПОЕТСКИ СЛИКИ

Другарство, ах другарство

Седам во собата и гледам низ прозорецот,
мали дечиња си играат во дворот,
секој со секој да си игра сака,
еден со еден си подаваат рака.

Другарството е дар што го примаш,
само треба широко и добро срце да имаш за да цути, за да трае,
ко сонцето силно што сјае.

Пријатели се сите, нели?
Независно дали се црни, жолти, бели,
независно дали се поразлични од нас,
само треба смеа да се слуша од нивниот глас.

Другарствата го прават светот поубаво место,
со нив ги поминуваме најубавите мигови често.
Во добро или лошо, другарот е секогаш тука за тебе
и никогаш не те лаже, знај си го тоа во себе!

Пријателот никогаш нема да можеш да го лажеш,
секогаш ќе сакаш вистината да му ја кажеш.
Па дури низ цел свет да кружиш,
ако си добар и грижлив со секој ќе се здружиш.

Другарствата може брзо да раснат,
но толку брзо може и да згаснат.
Затоа, биди добар пријател, не биди злобен
бидејќи сите мигови ќе ти останат само во спомен.

***Ученичка творба***

**ЗАДАЧА**

За секоја строфа од песната „Другарство, ах, другарство“, опиши слика или нацртај симбол!

**Деловите од песната во кои поетот, со помош на зборови, формира слики се викаат ПОЕТСКИ СЛИКИ.**

## Биди креативен!

***Погледни го времето надвор! Каква поетска творба би составил? Можеш да употребиш скица (цртеж) за да ја збогатиш песната со поетски слики. Определи го мотивот! Строфите нека бидат катрени, а стихот врзан! Консултирај се со соученикот што ќе ти го додели наставникот!***

# РИМА

Прочитај ја песната изразно и определи ги зборовите што гласовно се совпаѓаат!

Скитник

Везден одам, везден траам,
везден судни маки чмаам...
Глава веднам... С’лзи леам
и сред лути рани тлеам.
Блиска рода нигде немам,
ни при живи дел да земам:
Немам либе... Гори младост...
Дни се нижат в страшна гладост.
Лејте очи, с’лзи жешки,
гини срце, в рани тешки!
Роб ќе стане, ден ќе светне,
младост пуста в крв ќе летне!

***Коле Неделковски***

**Римата е гласовно совпаѓање на исти слогови на крајот од два или повеќе стихови.**

Определи ги и издвој ги римите во следните извадоци од лирски песни!

„...Чуј како стенка ветер низ нашите рамници пусти
и вала во влажниот дол маглишта – слоеви густи...
Со пискот летнува гарван и кружи над моето чело,
матно е небото цело...“

***(„Во доцна есен“ – Воислав Илиќ)***

„...Стани си утре порано
дојди си вечер подоцна,
наутро радост понеси,
навечер тага донеси...“

***(„Денови“ – Кочо Рацин)***

„Везилке, кажи како да се роди
проста и строга македонска песна
од ова срце што со себе води
разговор ноќен во тревога бесна?

– Два конца парај од срцето, драги,
едниот црн е, а другиот црвен,
едниот буди морничави таги,
другиот копнеж и светол и трвен...“

***(„Везилка“ – Блаже Конески)***

**Задача за дома:**

За секој од зборовите, напиши рима, а потоа, употреби ги во твоја лична поетска творба!

река –
лета –
сино –
наше –

*„Вистинската поезија може да комуницира пред да биде разбрана.“*

Т. С. Елиот

# СТИЛСКИ ФИГУРИ
# ЕПИТЕТ

## Дали знаеш?

**Средствата во поезијата со чија помош се постигнуваат поголема сликовитост, музикалност и емоционалност во изразувањето се викаат СТИЛСКИ ИЗРАЗНИ СРЕДСТВА, односно СТИЛСКИ ФИГУРИ. Тие треба да се разгледуваат во единство со текстот, реченицата, стихот и строфата.**

**Научи повеќе!**
Има голем број стилски фигури:
- метафора,
- метонимија,
- персонификација,
- алегорија,
- хипербола,
- епитет,
- компарација,
- ономатопеја.




| Именки | Епитет |
|---|---|
| небо | |
| живот | |
| дете | |
| жена | |
| книга | |
| куќи | |
| детство | |
| вселена | |
| ѕвезди | |
| творештво | |

Напиши придавки што ќе им дадат поголема сликовитост на зборовите запишани во табелата!

**Стилското изразно средство ЕПИТЕТ, во буквален превод значи „додаток“. Епитетот стои до некој друг збор (најчесто именка) и открива некоја важна особина на суштествата, предметите, појавите или поимите.**

**Најчесто како епитети се употребуваат придавките.**

**Епитетот може да стои ПРЕД или ПО именката.** („Мили наши машки деца!“; „За гради китки розови.“)

**Во функција на епитет може да бидат и именките.** („Се рути карпа мрак.“)

– Пронајди ги епитетите во стиховите кои следат!

„...В крви се изми утрото бело.
Кај крвта врела растопи слана...“

***С. Јаневски***

„Како на вратот ѓердани
ниски камења студени...“

***К. Рацин***

„...Ќе биде песната моја, кучешки верна.“

***Г. Ивановски***

„...Кога ми закрепна гласот за најдобар збор,
раката за најтежок меч,
ногата за најверен од...“

***Б. Конески***

## НАУЧИ ПОВЕЌЕ!

**Се разликуваат обични епитети (мало бебе, сладок мед, жолто сонце, бел снег) и алогични епитети, за истакнување на одредени својства (крвава роса, огнена пушка, милозвучна песна). Во поезијата се јавува и двоен епитет: („Со росни китки алови.“). Епитетот се користи и во секојдневниот говор: бисер заби, гајтан веѓи, црна земја, бело лице, пуста туѓина, вода студена, чаша вода...**

**ЗАДАЧА**

**На часот, избери песни од збирка поезија и најди ги епитетите!
Пронајди ги епитетите и во песната дадена подолу!**

„Марко купува сабја“

Дури ми се зора обзорила,
ми дојдоја града Стамбола,
ми купија таа остра сабја,
што се дипли дванаесет дипли,
што се носи во бела пазува,
што ми сече дрво и камење.

***Народна песна***

*„Поезијата и убавината секогаш прават мир.“*

Махмуд Дарвиш

# КОМПАРАЦИЈА

Прочитај ги следните извадоци од лирски песни, размисли и одговори ги поставените прашања!

„Во мое срце за тебе мајко,
гори љубов ко жар!“

***В. Николески***

„Ги чував, ги чував ко очите свои.
Се радував, сестро, ко мома на цвет.
И израснаа тие ко пирински борја.“

***Л. Каровски***

„Последна мисла ко птица летна.“

***С. Јаневски***

1. Што гори во срцето на лирскиот субјект?
2. Како се радувал лирскиот субјект?
3. Како летна последната мисла?

**СПОРЕДБА или КОМПАРАЦИЈА е стилско изразно средство со кое се споредуваат појави, ликови, личности, поими, предмети, чувства и сл. , врз основа на заеднички особини. При споредбата, се користи КАКО.**

**Компарацијата е составена од три елементи:**

**1. Поим што се споредува.**
**2. Поим со кој се врши споредбата, според одредена сличност.**
**3. Врска.**

ПЕТАР Е БРЗ КАКО ВЕТАР



Поим што се споредува — заедничка особина — врска — поим со кој се врши споредбата

## Вежби

1. Од наведените зборови во двете колони, направи компарација!

| | |
|---|---|
| мравка | слободен |
| црвени | крадец |
| птица | вредна |
| тивко | камен |
| цврст | роза |

2. Напиши примери со компарација што се употребуваат во секојдневниот живот!

# АНАЛИЗА НА ЛИРСКИ ПЕСНИ

Никој ништо не ми вели

Никој ништо не ми вели,
никој ништо не ми дава,
никој нигде не ме води,
никој на ум не ме става.

Таков живот многу боли,
како жива рана пече,
како слана в срце паѓа,
како пила нерви сече.

Зошто, зошто, зошто така,
зарем никој не ме сака,
зарем никој не ме жали
што јас немам желби мали?

***Стојан Тарапуза***

Последен лист

На гранката сув и последен лист
како златник се злати,
трепери тивко, последен поздрав
сака да прати...

Дождот штом почне в немир да ткае
завеса лека,
со неа листот ко солза ќе падне
на земјата мека.

В денови зимски, в пределот питом,
стеблото ќе стои
чекајќи в пролет облека нова
со зелени бои...

***Душко Аврамов***

Спомен

Не да те гонам како итра срна,
не како галаб в рака да те земам –
јас ќе те кријам во моево срце
како во гнездо ластовица скрита.
Јас ќе те чувам како таен спомен
со ужас да не те заборавам.

***Блаже Конески***

## Работа во групи

Секоја група нека си избере една од песните и нека ја анализира според следниве елементи!

1. Литературен род.
2. Вид песна според авторот.
3. Вид стих.
4. Вид песна според строфите.
5. Видови строфи според стиховите.
6. Мотив.
7. Вид песна според мотивот.
8. Изучени стилски фигури (со пример).
9. Поетски слики.
10. Присуство на лирски субјект.



> *„Поезијата е како птица, таа ги игнорира сите граници.“*
>
> Евгениј Евтушенко

# ОНОМАТОПЕЈА

**Имитирањето звуци од природата се вика ОНОМАТОПЕЈА. Ономатопејата е стилско изразно средство што претставува мост меѓу природата и уметничкото дело. Со неа, се зголемуваат музикалноста, сликовитоста, а и емоционалноста и импресивноста на лирските песни.**

Имитирај звуци според насоките на наставникот!

На пример: имитирај звук на маче, куче, гулаб и сл.

Волкот и страчката

Еднаш волкот почнал да завива и ѝ рекол на страчката:

– Ауу, ауу...ајде да бегаме!

– Гра-гра-гра...Каде? Зошто? – го запрашала страчката.

– Не може повеќе да се живее во оваа гора – рекол волкот.

А, кукавицата како да не знае за доста, постојано само се одѕива со своето ку-ку, ку-ку, гулабот гу-гу-гу, грлицата грр-грр...

– Гра-гра, гра-гра, а, каде ќе одиш? – прашала страчката.

– Ќе одам во друга гора – одговорил волкот, – каде ќе нема ни ав-ав, ни му-му, ни трес-трес, ни кап-кап, ни гра-гра...

– Гра-гра, гра-гра, каде и да одиш нема да си поминеш добро. Навиката ти е лоша, а забите ти се остри и затоа сите викаат против тебе.

Пронајди ја ономатопејата во басната!



**ЗАДАЧА ЗА ДОМА**

Имитирај ги звуците од твоето опкружување што ќе ги чуеш во едно деноноќие!



**Песна за училишното ѕвонче**

Ѕвони ѕвончето, ѕвони,
на училиштен час нè вика,
со нас и со септември
заедно да се слика.

Досега тонеше в штама
ко фрлен камен сред јама,
ко лебна корка во грло,
ко молк во најпразно трло!

Ѕвони ѕвончето, ѕвони,
како сребро да рони,
како звуци да лее,
како песна да пее!



***Стојан Тарапуза***

Направи анализа на лирската творба „Песна за училишното ѕвонче“ од Стојан Тарапуза, со помош на зададените прашања и задачи!

- Каква е песната според авторството?
- Каква е песната според строфите?
- Какви се строфите според бројот на стихови?
- Кој е мотивот?
- Дали има рима? (наведи примери!)
- Запиши неколку чувства што извираат од песната!
- За секоја строфа, запиши по една поетска слика!
- Издвој ги епитетите!
- Издвој ги компарациите! Запиши два примери за компарација!
- Издвој ги ономатопеите!
- Пронајди го лирскиот субјект (ако го има) и издвој ги стиховите во кои се забележува неговото присуство со цитати (примери со стихови)!

# ПЕРСОНИФИКАЦИЈА

– *И песната пее, знаеш ли дете мило?*
– *И зимата распослала ќилим бел.*
– *И песната пружи раце за здружни сили.*
– *И октомври се шета вечерва низ градот.*
– *А дождот тапани на сите страни.*
– *Месец сред гранки сонува.*

Може ли ова да се случува?
Секако дека не може. Но во поезијата, сè е дозволено, дури и на предметите, појавите, поимите, животните и растенијата им се даваат човечки особини. Сето ова е можно со помош на стилските изразни средства.

**Стилската фигура со која на предметите, појавите, поимите, животните и растенијата им се даваат човечки особини се вика ПЕРСОНИФИКАЦИЈА.**

„Дождот тапани на сите страни,
ветерот труби,
раскласуваат водите во вирчиња збрани,
а секој клас веднаш се губи.“
***Михо Атанасовски***

„Месец сред гранки сонува,
Ѕвезди солзат на небото.“
***Ацо Шопов***

„Кротко темницата дише во сокачето.“
***Блаже Конески***

## Повеќе за персонификацијата

Таа се среќава често во басните кога на животните им се даваат човечки особини.



Сигурно знаеш некоја басна, како на пример „Лисицата и штркот“, „Лавот и глушецот“ и др.

Обиди се да ја определиш персонификацијата!

**ЗАДАЧИ**

1. Пронајди ја персонификацијата во познатите басни, како „Лисицата и штркот“, „Лавот и глушецот“ и др.!
2. Разгледај ги сликите подолу и размисли за мотивот во нив!
3. Состави пејзажна песна, нека биде хетерострофична, со врзан стих! Строфите нека бидат катрени, нека содржи рима и украсни елементи: епитети, компарација, ономатопеја и персонификација со цел да ѝ се збогатат емоционалноста, музикалноста и сликовитоста! Користи многу придавки, активни глаголи и заменки што ќе го истакнат лирскиот субјект!









# ПОВТОРУВАЊЕ

1. Што е персонификација?
2. Која е разликата меѓу слободен и врзан стих?
3. Како се делат строфите, според бројот на стихови?
4. Наведи примери за ономатопеја од секојдневниот живот!
5. Која песна е астрофична?
6. Кое изразно средство се вика епитет?
7. Што претставува компарацијата?
8. Посочи песна од овој учебник што е хетерострофична!
9. Што е мотив?
10. Објасни го потеклото на народната песна!
11. Наброј ги структурните белези на лириката!
12. Како се делат песните, според мотивот?
13. Што се опева во описните (пејзажните) песни?
14. Од што е инспириран поетот во родољубивите (патриотските) песни?
15. Определи ги поетските слики во следнава песна!

Пејзаж сред карпи

Сред карпи леска
со лешник
се закитила,
даб со желад.

Меѓу карпи патник
за тревка се држи.

Бездна во облаците.

Штурци и месечина
на гумењата
везат светулки.

***Радован Павловски***



*„Нема йолојален йријашел од книїаша.“*

Ернест Хемингвеј

# ЕПИКА

Потсети се на поделбата на литературата според внатрешните белези!

1. Кои се трите литературни рода?
2. Кои белези се карактеристични за лириката?
3. Кои белези се карактеристични за епиката?
4. Прочитај го следниов текст и размисли за неговите белези!
5. Кој настан е раскажан?
6. Што е опишано во него?
7. Кои ликови разговараат меѓу себе?
8. На кој литературен род му припаѓа овој текст според белезите?

Што се случува во мај

И денес од Филипа се наслушав сешто.

– Дедо, – рече гласно – ќе те прашам нешто. Ама, те молам, не лути се, прости... Што се случува знаеш ли, кога мај ни е гостин?

Дедото се најде како риба в тава. Се подзамисли молкум, чешкајќи се по глава.

– Леле, внучке, – призна – ќе пукнам од срам... Одговорот на прашањето, навистина не го знам. Чинам, умов веќе не ме служи, чедо... Што се случува, ај кажи му, ти на дедо!

Внуката на тоа му одговори вака:

– Ќе ти кажам – му рече – зашто многу те сакам! За сево ова во мај што се случува, да знаеш, дедо, дека пролетта одлучува. Таа им наредува на цвеќињата да цветаат. Пчелките и пеперутките насекаде да летаат. Сите билки и тревки наесен што се свенати, ене види веќе – пак се раззеленети! И птиците преселнички, пак назад ни се вратија. Баба Марта и Априлко со песни ги испратија. А сега на луѓето весело им пеат, додека во градините копаат, плеват, сеат... Уште многу нешта се случуваат во мај. Затоа е толку убав секој наш крај!

Внуката му објаснува, а дедото слуша и трае.

– Да одиш во школо, дедо – му рече – и ти сè ќе знаеш!

***Киро Донев***





Киро Донев е возрасен писател за деца, така се нарекува самиот. Тој е автор на педесетина книги. Роден е во с. Моноспитово, Струмичко на 21 март 1942 година. Работи како новинар, а кон крајот на 90-тите години од 20 век е главен и одговорен уредник и директор на редакцијата „Детска радост“ при НИП „Нова Македонија“. По пензионирањето, се враќа во родното село. Тој е член на ДПМ од 1970 година. Автор е на следниве творби: „Жаба спикер“, „Мешана салата“, „Било - не било“, „Априли – ли“, „Да се запознаеме“, „Јамболија што лае“, „Училиштен театар“, „Приказни за годишните времиња“, „Збркана сказна“, „Весел зоопарк“ „Стихови во боја за Дедо Мраз“, „Било и се скрило“. Исто така, тој е автор и на десетина радио- и ТВ-драми за деца и млади.

**ЕПИКАТА е еден од литературните родови чии главни белези се раскажувањето** на настаните и **опишувањето** на ликовите.

Напишана е најчесто во **долги редови – проза**, но има случаи кога епските творби се напишани во поетска форма. (на пр.: епски песни, романи во стихови и сл.). Во епските текстови, често е присутна и дијалошката форма.

Во проза се напишани следниве епски видови:

– РАСКАЗ
– РОМАН
– ЛЕГЕНДА
– МИТ
– БАСНА
– СКАЗНА
– ПРИКАЗНА
– ПРЕДАНИЕ
– ГАТАНКА
– ПОГОВОРКА И ДР.

А во поезија се напишани овие епски видови:

– ЕПСКА ПЕСНА
– ЕП/ЕПОПЕЈА
– РОМАН ВО СТИХОВИ



## ВЕЖБИ

1. Подели го текстот на содржински целини и дај ѝ наслов на секоја целина!
2. Направи анализа на епските елементи на текстот по следниве чекори!
   - Наслов и автор.
   - Главен настан.
   - Најинтересен опис.
   - Ликови.
   - Литературна форма (поезија или проза).
   - Епски вид.

Прераскажи го следниов текст! Опиши го местото на кое се случува дејството! Извлечи ја поуката од текстот и запиши ја во тетратката!

Приказна за еден славеј

Убава шарена пеперуга леташе над тревата. Летмарата се готвеше да летне од една тревка. И уште неколку бубалки стоеја на цвеќињата и тревките.

– Само да се најадам, па потоа ќе пеам – рече славејот и ги изеде убавата шарена пеперутка, летмарата и другите бубалки.

Почна да пее, но, немаше кој да го слуша, зашто пред тоа ги изеде сите свои слушатели.

Пееше славјот, пееше, ама попусто.



***Бошко Смаќоски***





# РАСКАЖУВАЧ –
# Видови раскажувачи

*„Колку се подобри писателите толку помалку зборуваат за она што го напишале.“*

Ернест Хемингвеј

**ЗАДАЧА**

Подели го епскиот текст на содржински целини! Обрни внимание на тоа кој го раскажува текстот!

Изгубеното ќесе

Шутирајќи со ногата по снегот, удри во нешто. Се чу необично ѕвечење. Тој љубопитно се наведна и виде дека е ќесе за пари. Го истресе снегот од ќесето и со широко отворени очи го отвори:

– Леле, колку пари! – прошепоти, а жештината го полази по грбот.

Почна да му се мати во главата. Се притаи во сенката на првата врата и штом минувачите на улицата одминаа, ги преброи парите во ќесето. Кога виде колку многу пари има внатре, затрепери. Ни самиот не знаеше дали од радост или од страв. Пред очите му заиграа една по друга неисполнетите желби. Задишан, бргу го стави ќесето в џеб.

Улицата водеше право кон чаршијата. Оддалеку допираше глуво мрморење. Тој задоволно запре пред првиот излог. Светнатите очи му ги привлече шареното ноже, кое по кој знае кој пат, го галеше со погледот. Вечерва му се пристори поубаво, попривлечно. Ја стави раката во џебот и почна да го стега ќесето. Во следната продавница има уште поубави играчки... Разбранетата река од народ го носеше и тој бесцелно одеше. Се кршеа крилјата на неговите желби.

– Ами, ако тато ја изгубеше заработувачката? Што ќе станеше со нас? – му проструи низ главата. – Како ли му е сега, по оваа зима, на тој што му испаднало ќесето?

Одеднаш се затрча бегајќи од вревата и од луѓето. Се најде во паркот. Задишан застана под првата светилка. Веќе спокоен, го отвори ќесето и ја разгледа содржината. Најде лична карта и ја прочита адресата. Нозете му потрчаа како две разиграни коњчиња. Во таа состојба далечината и студенилото за него немаа никакво значење.

Ја имаше одминато бараната куќа и се врати назад. Во малиот и темен двор го пресретнаа две слабо осветлени прозорчиња. Застана пред едното и се загледа внатре. Веднаш го препозна човекот од личната карта. Сновеше низ одајчето, безнадежно собирајќи ги рамењата. Исплаканите очи на жена му страдно беа загледани некаде. Две мали девојчиња потрчнуваа по таткото... Без да тропне, влезе во собата и забрзано, со истегната рака, му го подаде ќесето на човекот. Вчудоневиден, човекот отскокна и му пријде. Сакаше да му заблагодари, но тој, чесниот наоѓач, веќе се имаше изгубено во ноќта.

***Борис Бојаџиски***

## Одговори!

Кој раскажува во текстот?
Дали е авторот или некој друг?
Во кое лице раскажува?
Дали раскажувачот е директен учесник во настаните?

Раскажувач е гласот што раскажува во текстот.
Треба да се внимава да не се изедначува раскажувачот со авторот на епското дело.

Раскажувачот се открива преку глаголските форми. Ако раскажува во прво лице, за настани што нему му се случиле, станува збор за раскажувач во прво лице (јас-раскажувач), а ако раскажува во трето лице, тој има увид во настаните и во она што им се случува на ликовите, но самиот не е учесник во нив. Овој раскажувач се вика раскажувач во трето лице (тој-раскажувач).
Раскажувачот во трето лице уште се нарекува **сезнаен** раскажувач.

### За оние што сакаат да знаат повеќе

Раскажувачот се вика и наратор, според зборот нарација, што означува раскажување.

Раскажувач може да биде човек, животно, предмет, натприродно суштество и слично.

**ЗАДАЧА**

Откриј го раскажувачот во следниот текст!
Во кое лице раскажува?
Посочи глаголски форми кои укажуваат на лицето што раскажува!

Честит Бајрам

Ги отворам очите, размислувам и во еден момент се чувствувам предозиран од среќа оти денеска ќе бакнам безброј раце... Раце кои ми менувале пелени, раце кои отрпнале држејќи ме во скут, раце кои по цели ноќи бдееле над мојата глава кога сум бил болен, раце кои ме хранеле и ме носеле уште каде ли не – во градинка, забавни паркови, училишта...

Во следниот момент сум веќе обземен од тага. Зошто ли? Затоа што дел од тие раце, дел од членовите на моето поблиско и подалечно семејство меѓу себе си се лути и можеби тие раце ќе останат небакнати.

Еј, вие помладите... Денеска, ако не, барем денеска кажете им не на гордоста, на инаетот и на гневот... Тие чувства и лоши мисли притворете ги еднаш засекогаш во далечниот Алкатраз и простете им на вашите блиски. Простете им на вашите мајки и татковци, на браќата и на сестрите, на вујковците, вујните и тетките, братучедите и братучетките... Дозволете му на денешниот ден да биде празник, да биде свет, да биде Бајрам. Сетете се на тие раце... другото не е важно.

Еј, вие повозрасните... Не чекајте само од помладите. Бидете пример и докажете дека денеска годините не се најбитни, дека денеска, и не само денеска, ЉУБОВТА е најбитна од сè! Излезете од дома и прегрнете ги и бакнете ги вашите блиски и сакани.

Јас сега одам да ги бакнам сите тие раце, а вам ви посакувам пријатен ЉУБОВден, САКАЈден, БАКНИден и ПРОСТИден. Дозволете денеска да победат солзите радосници.

Честит Бајрам, нека е за многу години!

***Денис Бојаров***

### Литературно катче

Обиди се да бидеш раскажувач на една кратка епска творба! Раскажи една твоја авантура!

Користи раскажувач во прво лице! Како инспирација, може да ти послужи и фотографијата подолу.



> *„Има луѓе, меѓу кои сум и јас, што се чувствуваат подобро само што ќе погледнат книга.“*
>
> Џејн Смајли

# ЕЛЕМЕНТИ НА ПРОЗЕН ТЕКСТ

## Тема, мотив, ликови, време простор и идеја

Прочитај го внимателно следниов расказ од книгата „Мојот звук“!

А, во саботата  дојде Лена и ми плесна пред носот еден малечок фотоапарат.

– Ќе се сликаме, зете?

– Се разбира, ја ишлапав сестра ми Лена по образите, сосе плунка, а таа подоцна бришејќи се, призна дека си става пудра. Така ѝ се одмаздив што ме прави шилеже.

– Кого прво ќе го сликаш?

Е, со ова ме дупна среде срце. Ми дојде да заплачам на глас, за живи срамови. Лена беше заборавила дека не сакам да личам на никого, а таа ми донесе фотоапарат за да личам на некого.

Можев да се обесам дека Лена фрлила око на некој тип или во најмала рака – го има веќе, а тој ја држи за малото прсте додека одат во темни улички. Тој тип има исто така фотоапарат и тој фотоапарат многу убаво му стои.

Решив прво да ја дотерам до ѕид сестра ми Лена, а дури потоа да појдам на хорската проба. Ќе ѝ беше нужно, сигурен бев, да остане малку сама за да си поплаче на гевгелиски начин.

Реков:

– Сестро златна. Првин тебе ќе те сликам.

Ѝ направив – штрак, и тој час го запустив филмот.

Сетра ми Лена списка. Не се правело тоа така. – Коњу низаеден, ми рече, магаре недоделкано.

Јас на тоа одговорив дека магарето никогаш не може да биде недоделкано, а за неа додадов како сум се надевал дека со старееењето станува поумна, а не обратно, како што гледам.

Така брзо ја расчистивме работата и тие два дена, додека Лена беше во Гевгелија, и двајцата се сончавме на зимско сонце. Но качувајќи се во неделата попладне во автобусот, таа се сврте кон мене и ми рече:

– Навистина ти си глупав!

И, се расплака влегувајќи внатре. Тие солзи го растопија мразот во моето срце. Ми стана тешко што Лена ќе плаче пред други и што сите ќе мислат дека е плачка и мамина девојка. Реков:

– Навистина сум глупав.

Таа го избриша едното око.

– Очекував да се израдуваш на фотоапаратот.

– Тој е одличен – реков.

– Па зошто не сакаш да сликаш како човек? Сè нешто изведуваш, се преправаш.

– Не, Лено – реков – јас не се преправав.

– Па, што е, Панче? Што е тогаш?

Гласот на Лена беше тој од сестра ми. Офнав безгласно. Бев потресен, како таа да ми го изваде срцето и како да го стави на својата дланка за да го загледа поубаво.

– Не знам – реков – не знам Лено, што е со мене...

***Оливера Николова***

Анализирај го текстот следејќи ги следните чекори!

1. Реченица што објаснува за што се работи во епскиот текст.
2. Фраза што кажува нешто важно за текстот.
3. Кус опис на ликовите.
4. Време и место на настанот.
5. Боја што го изразува твоето расположение предизвикано од главниот настан.
6. Порака од текстот.
7. Симбол или слика инспирирана од текстот.

Структурни елементи на прозен текст се:

**Тема – предмет што се обработува во епска творба.**
**Мотив – најмала тематска единица, она што го поттикнува авторот да го напише текстот.**
**Лик – учесник во настаните, двигател на дејството.**
**Време и простор – ја сочинуваат локализацијата на дејството, укажуваат на времето и местото на кое се одвива настанот (КОГА/КАДЕ).**
**Идеја – основната мисла во творбата, пораката што ја испраќа авторот.**

**ЗАДАЧА**

Изработи Дневник со двоен запис со сите структурни елементи на епскиот текст, за следниов извадок!

Споменка

Од ширината допираше џагор. Беше април – најрасцутениот месец. Сонцето е широко насмеано и мами да се лудува до преморување. Нестрпливо очекував сите да се собереме и да започнеме „народна“ на две полиња. Ќе размаваме со топката по девојчињата. А тие? Ќе се налутат зашто се силно удрени, некои ќе ја напуштат играта и пак... ќе се вратат. И се така.

Ширината под ридот на јоргованите е исполнета со деца. Дојде и Вера Претералка. На чија дружина ѝ припаѓаше? Никој не го знаеше тоа. Веројатно ни самата таа. Еднаш се дружеше со едните, другпат со другите.

– Еве сликички од фудбалери – ми се пофали Вера Претералка.
– Дај да ги видам! – побарав.
– За тебе ги донесов.
– За мене?!
– Десет сликички!
– Еј?!
– И секогаш тебе ќе ти ги давам...
– Мене?
– Ќе соберам уште...

Започнав да ги разгледувам сликичките. Собраните сликички ги лепевме во албуми. Но не ми беше јасно зошто Вера Претералка токму мене ми ги даде. Сите се различни – заклучив.

– Знаеш ли кому Споменка му собира сликички? – ѓаволесто ме погледна Вера.

– Мене.

– Тебе?! Хи-хи-хи...

– А да ја видеше вчера!

– Што вчера?

–Ја видов како му дава сликички на Никола.

Никако не можев да поверувам. Зарем Споменка се имаше здружено со водачот на противничката дружина? Можеби, затоа никаде ја немаше последниве два дена. Но му дава сликички на Никола!

Споменка е предавник! Дали Вера Претералка овој пат ја зборува вистината? Таа веројатно ги знае сите работи...

Никогаш повеќе нема да те погледнам, Споменка!

Сега веќе сите деца беа дојдени на ширината. Дојде и таа. Беше облечена во небесносино фустанче, а во косата ѝ трепкаше црвена панделка. Погледнав во неа. Погледнав и во другите девојчиња. Нема што, Споменка беше најубава.

Можеби, подобро да не дознаев за сликичките. Можеби, Вера Претералка и лаже!

Како да ти простам синооко девојче?!

***Извадок од романот „Споменка“ од Горјан Петревски***



Горјан Петревски е еден од најпознатите македонски творци на детска и тинејџерска литература. Роден е на 14 јули во селото Мренога, Демирхисарско. Неговите дела се нешто што нè враќа во раната младост и тинејџерските години, нешто што е секогаш добре дојдено за да се прочита пак, но ако си сè уште во школските клупи, не смееш да пропуштиш ниту една книга од нашиот Горјан Петревски! Патоказ кон детството и младоста се токму делата на овој автор.



**ЗАДАЧИ**

1. Драматизирајте го текстот во групи!
2. Напиши состав, со наратор во прво лице, со наслов Љубовта е сила!



> *„Што повеќе се љубиме и се даруваме себеси, нашиот живот добива поголема смисла и вредност.“*
>
> Херман Хесе

# МИТ

Внимателно прочитај го следниот текст и издвој ги непознатите зборови! Потоа, со помош од наставникот или со Толковниот речник на македонскиот јазик, најди објаснување за нив!

Митот за Сизиф

Сизиф бил најитар човек во древните времиња, но во една прилика го предал Зевс, па затоа бил казнет со смрт. Сизиф сакал да се спаси со итрина, па ѝ рекол на жена си да не го погребува и да не дава задушница. Потоа, божем да види зошто таа така постапила, тој излегол од Адот. Кога излегол, многу се забавувал и уживал во својот дворец. Тоа многу го разгневило Ад, па го вратил во своето царство и го казнил Сизиф постојано да турка еден огромен камен од рамнината до врвот на ридот. Кога ќе го искачел ридот, каменот одеднаш му се испуштал од рацете и се стркалувал долу, назад во рамнината. Тој морал одново да се искачува со својот камен, но никогаш не можел да стигне до целта.
Затоа, по примерот на тој бесмислен напор на Сизиф, секој претежок и невозможен труд кој нема цел се вика Сизифов труд.

1. Кои елементи се реалистични во текстот?
2. Кои елементи се нереалистични или фантастични?
3. За што се зборува во текстот?

Митот е една од најстарите епски творби, во која луѓето на фантастичен начин ги толкувале појавите што не можеле да си ги објаснат на поинаков начин.
Митовите се пренесуваат усно, од поколение на поколение. Многу митови се поврзани со историски настани.

### За оние што сакаат да знаат повеќе

Митот е сказна за почетокот на светот. Името мит потекнува од грчкиот збор μθτηοσ – mythos, што означува говор, јазик, приказна. Митовите се дело на народниот творец, а се создадени во првобитното општество.

Во митовите што следат:
1. определи ги фантастичните настани и ликови!
2. пронајди толкување за непознатите зборови!
3. издвој ги клучните зборови што ги одредуваат текстовите како митови!

## Перун – врховен бог во сесловенската митологија

Перун е бог на громот, грмотевицата, молњата, на плодоносниот дожд и врховниот бог во словенската митологија. Се поврзувал со планините, дабот и орлите, како и со оружјето и војната. Имал секира (или чекан) и ја фрлал по лошите луѓе, а таа секогаш му се враќала. Перун бил, меѓу другото, громовник и бог на небото. Тој бил бог на таканареченото „ниско небо“, а со „високото небо“ владеел Сварог. Во неговиот домен биле облаците, громовите и дождот. Во словенската митологија (како и во нордиската), светот е претставен како џиновски даб, чии гранки се небото, стеблото – земјата, а корењата се подземниот свет. Перун седел на врвот, често претставен како орел. Во корењата живеел Велес, кој владеел со подземниот свет. Велес бил непријател на Перун и често доаѓал во горниот свет во форма на змија за да краде од него. Кога ќе дознаел, Перун го стрелал Велес со молњи и се обидувал да го убие. Овој бегал на човечкиот свет и се криел зад дрвја, куќи или луѓе. Велес се криел таму каде што ќе удрел гром. На крајот Перун го убил Велес, т. е. го вратил во подземниот свет во кој Велес се преродил.

Треба да се забележи дека борбата помеѓу Перун и Велес не е борба помеѓу доброто и злото карактеристична за христијанскиот Бог и ѓаволот, туку борба на спротивставени принципи, т. е. небо – земја и оган – вода. Словените не го претставувале Велес како зол лик. Напротив, тој бил исто толку важен и популарен колку и Перун.

## Митот за златното јаболко

На свадбата на Пелеј (крал на Мирмидонците и татко на Ахил) и Тетида (морската божица), божицата Ерида (на кавгата) фрлила златно јаболко со натпис „за најубавата“ пред Зевс, кој требало да избере меѓу: Хера, Атина и Афродита. Не сакајќи да се замерува и да направи раздор, решил обврската да ја префрли на Парис, кој тогаш живеел на планината Ида и не знаел дека е син на тројанскиот крал Пријам.

Кога се родил Парис, неговиот татко, по сугестија на пророците, наредил да се убие бебето. Пророците рекле дека Парис ќе биде причината за уривањето на Троја. Но мајка му го потплатила убиецот, па така Парис останал жив, пасел овци и не знаел дека е принц.

Значи, Зевс го избрал него да одлучи која од трите божици е најубава.

Богот Хермес (гласникот на Зевс) и трите божици дошле кај Парис носејќи го златното јаболко. Парис се зачудил како може еден прост овчар да одлучува за божествената убавина и решил да го подели јаболкото на три дела. Но Хермес му ги прочитал мислите и му рекол дека мора да се одлучи за една.

Тогаш, секоја од божиците му понудила по нешто: Хера дека ќе го направи господар на Азија и најбогат човек на светот; Атина дека ќе го направи победник во сите битки, најубав и најпаметен човек на светот; а Афродита му ја понудила Елена, најубавата жена на светот (која тогаш му била жена на Менелај, брат на Агамемнон). Со помош на својот син Амор, Афродита направила Елена „смртно“ да се вљуби во Парис и да го напушти својот маж. Парис ѝ го доделил јаболкото на Афродита, а со тоа, добил две непријателки кои ветиле дека ќе ја уништат Троја бидејќи знаеле дека Парис е тројански принц. Афродита го исполнила своето ветување, му ја „подарила“ Елена на Парис, но тоа ќе биде повод за десетгодишната Тројанска војна.

**ЗАДАЧА**

На интернет пребарај и прочитај уште неколку различни митови и побарај објаснување за непознатите зборови во нив!

# СКАЗНА

*– Се сеќаваш ли, како мали нè засйиваа со сказни.*
*– Па, не се сеќавам, но ми кажувале. Тие биле исйолнеши со фаншазија. Така се развива фаншазијаша на секое деше.*

Прочитај го следниот прозен текст и обрни внимание на необичните ликови и настани!

## Огнилото

Додека се враќал од војната, еден војник сретнал вештерка на патот, која му кажала да влезе во едно шупливо дрво каде што се крие големо богатство. Тој влегол во дрвото и видел три соби при што, во секоја од нив имало по еден ковчег полн со бакарни, сребрени и златни пари, а пред секој ковчег седело по едно страшно куче. Со помош на шамијата на вештерката, војникот ги скротил кучињата и зел многу пари, како и едно старо огнило што го барала вештерката. Бидејќи таа не сакала да му каже зошто служи огнилото, тој ја убил, а потоа заминал во еден град. Таму, војникот разбрал за принцезата која била затворена во дворецот зашто ѝ било претскажано дека ќе се омажи за обичен војник. Војникот живеел раскошен живот и набргу ги потрошил сите пари, па бил принуден да се пресели во мала мансарда.

Таму, тој се сетил на огнилото и кога го запалил, пред него се појавило едно од трите кучиња, што му донело многу пари. Така, војникот сфатил дека огнилото е волшебно, па повторно станал богат.

Една ноќ, тој ја посакал принцезата и го испратил кучето да му ја донесе, а тој ја бакнал. Утредента, принцезата им раскажала на родителите дека сонувала чуден сон. Следната ноќ, војникот ја повторил истата работа, но овој пат една дворјанка го следела кучето и открила каде оди принцезата. Таа ставила крст на портата од куќата, но кучето ставило таков знак на сите куќи, па утредента кралот и кралицата не можеле да ја најдат куќата во која преноќила принцезата. Сепак, кралицата направила ќесе и го наполнила со прав, па кога следниот пат кучето ја грабнало принцезата, на патот до куќата се истурала правта и така го откриле војникот. Поради тоа, тој бил затворен и осуден на смртна казна.

Додека го чекал извршувањето на пресудата, крај затворот поминал еден чевларски момок, што на војникот му го донел огнилото. Пред да го обесат, војникот побарал да му ја исполнат последната желба – да испуши една цигара. Кралот се согласил, но тогаш војникот го запалил огнилото и веднаш се појавиле трите кучиња. Тие ги нападнале кралот и војниците, војникот го поставиле за крал, а тој ја зел принцезата за жена.

## Направи анализа на текстот, според следните елементи!

– Тема.
– Идеја.
– Ликови (главен јунак, противници, помошници).
– Локализација на дејството (време и место).
– Реалистични елементи.
– Фантастични елементи.
– Предмет со волшебна моќ.
– Клучни зборови што го определуваат текстот како сказна.
– Непознати зборови.

Сказната е епска творба со волшебни ликови и настани во која преовладува борбата меѓу доброто и злото.

### За оние што сакаат да знаат повеќе

Сказната е чудо. Прекрасен свет, познат уште од детството, во кој доброто секогаш триумфира над злото. Зборувајќи за животни и змејови, храбри херои и убави принцези, добри самовили и злобни волшебници што живеат на страниците на книгите, сказните, всушност, имаат фантастичен карактер.

**ЗАДАЧА**

Прочитај ја сказната „Среќниот принц“ од Оскар Вајлд и анализирај ги нејзините елементи, издвој ги клучните зборови и најди го значењето на непознатите зборови!



## Среќниот принц

Високо над градот, на голем столб, стоеше статуата на Среќниот Принц. Целиот беше обложен со тенки листови од фино злато, место очи имаше два сјајни сафири, а голем црвен рубин блескаше на рачката од неговиот меч.

– Убав е како петле – ветроказ – забележа еден градски советник, што сакаше да биде на глас дека има уметнички вкус – само што што не е толку полезен – додаде тој плашејќи се луѓето да не помислат дека е непрактичен зашто навистина беше таков.

– Зошто не можеш да бидеш како Среќниот Принц – мудрата мајка го праша своето синче што плачеше по месечината. – На Среќниот Принц не би му паднало на ум да плаче по што било.

– Мило ми е што барем некој на овој свет е наполно среќен – промрмори еден разочаран човек додека ја гледаше чудесната статуа.

– Како анѓел е  – рекоа децата од домот за сираци на излегување од црквата, облечени во пурпурни наметки и чисти бели престилки.

– Од каде знаете – праша учителот по математика, – кога никогаш не сте виделе анѓел?

– Ах, сме виделе во нашите соништа! – одговорија децата, а учителот по математика се намурти и изгледаше мошне лут зашто тој не сакаше децата да фантазираат.

Една ноќ над градот прелета ластовичка. Другарчињата ѝ одлетаа во Египет пред шест недели, но таа остана зашто засака една прекрасна трска. Ја сретна уште на почетокот на пролетта, дури ја надлетуваше реката гонејќи еден голем жолт молец и толку ѝ се допадна нејзината тенка става, што застана да поразговараат.

– Смеам ли да те сакам? – праша ластовичката која имаше обичај да помине на главното, а трската длабоко ѝ се поклони.

– Ама смешна љубов! – црцореа останатите ластовички.

* * *

Кој си ти? – праша ластовичката.

– Јас сум Среќниот Принц.

– Па, зошто плачеш тогаш? – праша ластовичката. – Ме направи жива вода!

– Кога бев жив и имав човечко срце – одговори статуата – не знаев за солзи бидејќи живеев во палатата на безгрижноста, каде што на тагата ѝ беше забрането да влегува. Дење си играв со другарчињата во градината, а навечер бев главен на балот во големата сала. Околу градината имаше висок ѕид, а јас никогаш не најдов време да видам што има зад него зашто сè околу мене беше прекрасно. Дворјаните ме викаа Среќниот Принц и јас навистина бев среќен ако може задоволството да се нарече среќа. Така живеев, а така и умрев. Сега кога сум мртов, ме качија на овој столб за да можам да ја видам сета беда на овој град, па иако срцето ми е оловно, не можам, а да не плачам.



Ластовичката вадеше лист по лист од златото сè додека Срекниот Принц не стана неугледен и сив. Таа им го носеше златото на сиромасите, а децата со вцрвенети образи се смееја на улицата.

– Сега имаме леб! – викаа тие.

Но дојде снегот, а по снегот и мразот. Улиците изгледаа како да се од сребро, светли и сјајни. Долги кристали од мраз висеа на куќните стреи, луѓето одеа облечени во крзна, а децата носеа црвени капи и се лизгаа на мразот.

На кутрата ластовичка ѝ стануваше сè постудено, но не можеше да го остави Принцот, кого толку го сакаше. Таа од фурнаџијата скришно собираше ронки пред неговата врата и се трудеше да се стопли мавтајќи со крилцата. На крајот сфати дека ќе умре. Ѝ остана малку сила, колку да долета до рамото на Срекниот Принц за последен пат.

– Збогум, мил Принцу! – промрмори таа – дозволи ми да ти ја бакнам раката.

– Мило ми е што конечно ќе заминеш за Египет, ластовичке – рече Принцот, – многу долго остана овде. Можеш да ме бакнеш зашто те сакам.

– Не заминувам за Египет. – одговори ластовичката. – Одам во куќата на смртта.

Смртта му е сестра на сонот, нели?

Тогаш таа го бакна Срекниот Принц и падна мртва крај неговите нозе. Во тој миг, нешто чудно чукна во градите на статуата. Како нешто да препукна. Всушност, оловното срце на Принцот пукна надве.

Навистина студот беше страшен.

**ЗАДАЧИ**

Задачи за дома:

1. Направи мапа на градот на која ќе ги означиш локациите на ликовите на кои им помогна Принцот со помош на ластовицата! Означи ги и улиците (внимавај на правилата за употреба на голема буква)!
2. Избери еден од ликовите што добија помош од Принцот и раскажи ја неговата приказна! Раскажувај во прво лице!
3. Определи ги сличностите и разликите меѓу елементите на митот и сказната, со помош на Венов дијаграм!



Ден на сказната

Презентирај ја твојата омилена сказна пред одделението!

# РЕАЛИСТИЧНА ПРИКАЗНА

**Да се потсетиме!**
Што е мит, а што сказна?
Кои елементи им се заеднички на митовите и сказните?

Прочитај ги следниве текстови и обрни внимание на ликовите и настаните во нив!

## Брат брата не рани, тешко кој го нема

Двајца браќа работеле заедно во семејната фарма. Едниот бил женет и имал многу деца. Другиот бил сам. На крајот на денот, двајцата браќа делеле сѐ на пола, профитот и плодовите од заедничкиот труд.
Еден ден осаменот брат си помислил:
– Не е фер да делиме се на исти делови. Јас сум сам и немам потреба од кој знае што. Па затоа почнал секоја вечер да зема по една вреќа жито од својот куп и тајно ја префрлал преку нивата меѓу нивните домови во дворот на брат му. Во исто време, женетиот брат си мислел:
– Не е фер да делиме сѐ на половина. На крајот на краиштата, јас имам семејство, имам жена и деца, што ќе ме гледаат на старост, а тој ќе треба да се грижи сам за себе.
Па затоа, секоја ноќ земал по една вреќа жито и го фрлал во дворот на брат му. Секоја година двајцата браќа многу се чуделе зошто резервите на жито не им се намалуваат. И тогаш, една темна ноќ, двајцата браќа се соочиле еден со друг. И така, разбрале
што правеле толку години по ред. Тогаш ги пуштиле вреќите и се прегрнале.

***Македонска народна приказна од Зборникот на Кузман Шапкарев***

## Итар Пејо и стариот арамија

Некој си прочуен арамија слушнал за итроштините на Пеја итроманецот и решил да го испроба во својот – арамискиот занает. Го нашол еден ден во чаршија и му предложил да го научи да краде.
– Добро, – му одговорил Пејо, мислејќи си во себеси дека не е лошо човек да знае нешто повеќе, и тргнал со арамијата. Поткраднале што поткраднале ситни работи по чаршијата, отишле и во село. И тука украле по некое јагне, јаре, кокошка, јајца и арамијата видел дека ќе го бидува Пеја и за оваа работа. Решил да го подложи на најзрел испит па му рекол:
– Знајш што Пејо... Ти го испече донекаде мојот занает, но денеска треба уште нешто да ти кажам и да те испробам, па ако излезеш и тука како што треба, ќе ти дадам диплома од занаетот. Ене ондека на врбана има страчкино седело, во него има јајца на кои лежи страчката. Гледај ти како ќе ги украдам јајцата, а да не сети страчката и да летне.
– И се качил стариот арамија, го продупил седелото одоздола и ги украл сите јајца на страчката, без да го забележи и да летне. Арно ама, во тоа време, Пејо се качил по него. Дури арамијата бил занесен во кражбата, Пејо му ги одврзал бечвите и полека му ги соблекол, та слегол и ги скрил во трњето крај врбата. Кога слегол арамијата и се видел без бечви, му ја подал раката на Пеја и му рекол: – Дај ми ги, Пејо бечвите и оди ми си со здравје. Го положи и овој испит одлично.
Така Пејо добил уште еден занает, но никогаш со него не се користел зашто не бил арамија по душа.

***Македонска народна приказна***

Реалистичната приказна е кратка епска творба во проза, во која преовладуваат реалистични елементи (ликови и настани).

Раскажувањето е динамично, посветено на интересен настан од животот на еден лик.
Реалистичната приказна е помала од фантастичната сказна.

Со помош на техниката SВЕЗДА, анализирај ги приказните „Брат брата не рани, тешко кој го нема“ и „Итар Пејо и стариот арамија“!



Домашна задача: Направи кратка анализа на приказната „Продавачот на семки“, по следните чекори!

- Наслов.
- Тема.
- Ликови.
- Време.
- Место.
- Автор.
- Идеја (порака).

Продавачот на семки

Еден селанец отишол на пазар да продава семки од тиква. Застанал на едно ќоше и почнал да вика:

– Ајде народе! Тука продавам семки од тиква. Кој нема да купи – пишман ќе се прави, а кој ќе купи – памет ќе му дојде!

Еден муштерија дошол и купил едно чавче семки. Тој ги изел семките и отишол малку понатаму. Си помислил: „А бре, чекај, тој мене ме излажа?“ Се вратил назад кај продавачот и му рекол:

– А бре, семкар, па ти мене ме излажа. За толку пари колку што дадов, ќе си купев една голема тиква и од неа ќе извадев десетпати повеќе семки, отколку што ти ми продаде!

Па, нели слушна ти, пријателу, кога викав дека кој ќе купи од овие семки – памет ќе му дојде. И ете, тебе веднаш ти дојде памет. Зошто тоа не го помисли пред да ги купиш семките? Но откога ги купи семките, ти дојде паметот!

Тогаш купувачот му рекол:

– Алал да ти е: од една страна, ме излажа, а од друга, ми даде да знам што да купувам.

***Народна приказна***

Ден на приказната

Презентирај пред одделението приказна што ти ја раскажал некој од твоето семејство, а ти оставила најголем впечаток!

> *„Литературата е луксуз, фикцијата е неопходност.“*
>
> **Г. К. Честертон**

# СПОРЕДБА МЕЃУ ФАНТАСТИЧНА СКАЗНА И РЕАЛИСТИЧНА ПРИКАЗНА

## Нојко и вообразениот гулаб



Постарите велат, кој високо лета ниско паѓа. И навистина е така. Барем во нашата приказна.

Си бил еден вообразен гулаб што постојано се фалел самиот себеси, а ги понижувал другите. Му се потсмевале во гулабарникот иако поради својата надменост не го забележувал тоа. Бил убеден дека сите му љубоморат зашто е подобар од нив.

Близу до гулабарникот се наоѓала фарма за ноеви. Нојко со натажени очи гледал кон гулабарникот, завидувал на радосниот лет на гулабите што деновите ги поминувале и на небо и на земја. Гулабот Гули, пак, не другарувал често со останатите птици. Не научил да лета, од утро до мрак мрзеливо глодал просо во куќарето прекорувајќи ги останатите, што би рекле, им барал влакно во јајцето.

Една вечер Нојко и Гули случајно се сретнале.

„Сакам да летам како тебе.“

„А јас пак сакам да сум голем колку тебе.“

„Ајде да се замениме. Ти дојди на мојата фарма, а јас во твојот гулабарник.“

Без никому да кажат, така и направиле.

Идниот ден гулабарот, постар и искусен човек, се исплашил. Во ќошот на кошарата, срамежливо се криел големиот ној. Стуткан и опкружен со развревените гулаби ја скинал оградата со долгиот врат и големиот клун, па настанал таков хаос бидејќи гулабите се разлетале на сите страни. Гулабарот не можел да се справи со ситуацијата. Очаен седнал на поставениот камен и почнал да крои планови како да го запре нередот.

На фармата за ноеви, пак, никој, ниту сопственикот, ниту ноевите, кралските птици, не го забележале малиот гулаб. Гули ја криел главата со своите крилја, се бранел меѓу нивните високи нозе и тешките чекори.

Како што минувале деновите, Нојко седел приклештен во гулабарникот. Бидејќи речиси и не излегувал надвор, се вкочанил. Не знаел да лета, не успеал да научи, гулабите се плашеле од него. Колку и да се трудел, Нојко бил значително поголем од овие убави и елегантни птици, па неговата игра се покажала груба за нивната големина. Кога Нојко трчал, гулабите преплашени летале над него. Перјата на еден ној биле приспособени за живот на копно затоа и важел за најбрзата птица во светот.

Ниту вообразениот Гули не поминал подобро. Ноевите не комуницирале со ситниот гулаб, го изоставале, а тој никогаш нема да порасне толку голем, без разлика колку просо јадел во денот. Досега не успеал да сфати колку е прекрасно да се лета зашто упорно го одбивал она што природата му го дарила сакајќи да биде некој друг.

„Твоите другарчиња се плашат од мене“, со насолзени очи му рекол Нојко на Гули. „Моите крилја не се отвораат како твоите. Јас не знам и нема да научам да летам.“

„А на фармата, твоите другарчиња се многу вообразени. Никој не зборува со мене и постојано ме исмеваат. Трчаат брзо со своите долги нозе и се плашам ако набрзо не заминам, дека ќе ме згазнат. Пред некој ден пробав да ја пикнам главата во земја за да им се допаднам, да бидам како нив, но толку се удрив што ми рипна огромна џумка. Ете види ја.“, со крилото ја допре и направи болна гримаса.

По меѓусебен договор, секој се вратил во своето огниште, Гули во гулабарникот, Нојко на фармата за ноеви.

Минувале деновите, а Гули сѐ уште не беше научил да лета. Неговите другарки со часови и часови го облетувале небото, надолго, нашироко, додека тој самувал во куќарката. Решил дека е вредно да се обиде, ги раширил крилјата и тукуштo се вивнал високо до небесата, се струполил врз земјата. Заборавил дека е само обичен гулаб, а не африкански ној, па од срам ја нурнал главата во почвата.

Гулабите најпрво започнале да се кикотат, да се тркалаат по земјата и да паѓаат од смеа, но тогаш Нојко дотрчал за минута. Го подигнал Гули на својата глава и започнал да трча. Трчал толку брзо што едноставно крилјата на Гули се отвориле и тој помогнат од ветрот се вивнал кон небото. Неколку гулаби му се придружиле, летале долго заедно сѐ додека сонцето усрамено не се изгасило зад планините.

Вообразениот гулаб научил дека, без разлика на големината, силата на секоја птица е во птиците што летаат до неа. Или трчаат со неа.

***Јована Матевска-Атанасова***

## Гаталец

Си бил некогаш некој сиромашен, ама итар селанец. Го викале Бумбар. Често земал од селаните предмети, ги криел и потоа разгласувал дека тој знае, со гатање, да погоди каде се исчезнатите предмети. Така еднаш на една жена ѝ зел платно и го скрил некаде. Жената дошла кај него и го замолила да ѝ гата. А Бумбар ја запрашал:

– Што ќе ми платиш?

– Еден шиник брашно и ока масло.

– Добро.

Почнал тој да гата. Гатал, гатал и ѝ рекол каде е скриено платното.

По два-три дена, на спахијата му го снемало коњот. Истиот тој селанец го однел в шума и го врзал за едно дрво. Пратил спахијата да го викнат гаталецот. Почнал селанецот да гата и вели:

– Одете бргу, коњот е врзан за дрво во шумата.

Го довеле коњот од шумата. Спахијата му дал на селанецот сто гроша и се раширил глас за него по целото царство. А тогаш, како за среќа, му го снемало на царот венчалниот прстен. Го барале, го барале – никаде не го нашле. Пратил царот по гаталецот што може побргу да дојде, да го доведат во дворецот. Го нашле, го седнале в кола, па го донеле пред царот.

– Е сега пропаднав. – помислил селанецот – Од каде можам да знам каде е прстенот! Ако се налути царот, ќе ме прати онаму од каде што нема враќање.

– Здраво, пријателе! – рекол царот. – Ајде гатај! Ако погодиш – со пари ќе те наградам, ако не погодиш – гледај ја сабјава, главата ќе ти отиде.

И веднаш заповедал да го одведат селанецот во една соба.

– Нека гата цела ноќ, а утре одговорот да биде готов!

Седел гаталецот во соба и мислел: Каков одговор можам да му дадам на царот? Поарно да чекам да дојде полноќ, па да бегам каде што ќе ме однесат очите. Штом ќе запеат третите петли, веднаш ќе му ја дувнам.“

А прстенот на царот го украле тројца дворски луѓе: слугата, пајтонџијата и готвачот.

– Што ќе правиме браќа, – разговарале тие меѓусебе, – ако нѐ открие оној гаталец? Тогаш смртта не ни гине... Ајде, да прислушкуваме на вратата, па ако тој ништо не вели и ние ќе молчиме, а ако нѐ открие, нема што – ќе го молиме да не нѐ кажува на царот.

Отишол слугата да прислушува. Наеднаш запеале првите петли, а селанецот рекол:

– Ех, еве го првиот. Треба да чекам уште два.

На слугата душата му слегла в петици. Стрчал кај своите другари:

– Е, браќа, мене ме препозна. Само што дојдов до вратата рече:

– Еве го првиот, треба да чекам уште два.

– Чекај јас ќе дојдам, – рекол пајтонџијата и отишол да прислушува.

Запеале вторите петли, а селанецот рекол:

– Еве го второт! Останува уште еден.

– Ах, браќа мили, и мене ме препозна.

Готвачот рекол:

– Е, ако ме препознае и мене, ќе одиме право кај него и ќе го молиме да не нè кажува.

Отишол готвачот да прислушкува, запеале третите петли, а селанецот рекол:

– Еве го и третиот и – јурнал кон вратата да бега. А арамиите дотрчале, паднале пред него и почнале да го молат:

– Немој да нè упропастиш. Не кажувај му на царот, еве ти го прстенот.

– Добро! Нека биде така! Ви проштевам!

Го зел селанецот прстенот, дигнал штица од подот и го оставил под неа. Утрото царот го прашал:

– Што е, пријателе, како е работата?

– Изгатав: твојот прстен паднал под оваа штица! – Ја кренал штицата и го извадил прстенот.

Царот богато го наградил селанецот, му дал да се најаде и да се напие, а тој отишол во градината да се шета. Видел еден бумбар, го фатил и се вратил кај гаталецот:

– Е, како си гаталец, погоди што имам во раката?

Селанецот се исплашил и си рекол сам на себеси:

– Е, Бумбаре, сега падна во рацете на царот.

– Така е, погоди! – рекол царот.

Го наградил уште повеќе и со почест, го пуштил да си оди дома.

***Македонска народна приказна***

**ЗАДАЧА**

1. Направи анализа на сказната и приказната, според дадените елементи!
   1. Тема.
   2. Идеја.
   3. Раскажувач.
   4. Време.
   5. Простор.
   6. Ликови: јунаци, противници и помошници.
   7. Реалистични елементи.
   8. Фантастични елементи.

2. Определи ги сличностите и разликите меѓу елементите на сказната и реалистичната приказна, со помош на Венов дијаграм!

**ПРОВЕРИ ГО ЗНАЕЊЕТО!**

1. Кои се белезите на епиката?
2. Наброј ги епските видови!
3. Што е раскажувач?
4. Какви видови раскажувачи има во епските творби?
5. Што е мит?
6. Што е сказна?
7. Кои се заеднички елементи на сказните и митовите?
8. Кои се белезите на реалистичната приказна?

„*Тешкотијата на литературата не е да пишувате, туку да пишувате што мислите.*“

**Роберт Луис Стивенсон**

# РАСКАЗ
# Поим и елементи

Прочитај го следниов текст и обрни внимание на неговата форма, на настаните и ликовите!

За она што го знаат и врапците

Неделно, пролетно утро. На една клупа во паркот седат дедо и внук. Дедото си чита весник, а внукот ја прелистува читанката.

– Дедо, готов сум – вели внукот. – Го прочитав четивото трипати! Сакаш ли да чуеш како читам сега?

– Причекај, мило, јас уште не сум готов...

– Леле, ама бавно читаш!

– Аа, така значи? Е, кога ќе носиш ти очила, тогаш ќе видиш како е...

– Што како е?

– Па... ете, да носиш очила, да мораш да читаш со нив...

– И Миле носи очила, па подобро чита од мене!

– Кој Миле?

– Од моето одделение... од трето два!

– Добро, добро... прочитај го уште еднаш четивото тивко, во себе, па потоа ќе чујам и јас како си го научил.

– За научување си го научив, но сега треба да одберам една реченица и да ја анализирам.

– Добро де, одбери си, па кажи ми кога ќе бидеш готов и со тоа.

– Ти реков бре дедо – готов сум!

Дедото ги подизвадува очилата, се загледува преку нивните рамки во нестрпливото внуче, го остава весникот настрана и помирливо додава:

– Добро, кажи во што е маката?

Во тој миг на чекор-два од нив долетаа неколку врапчиња и се нафрлија врз едно парче наполитанка што беше паднало, или пак, можеби, го беше фрлило некое дете што минало оттука.

– Ај, види ги дедо врапчињата! – викна внучето.

– Сега ќе учиш ли, или ќе ги гледаш врапчињата? – се подналутил дедото.

– Добро де, дедо, јас онака само...

– Ни онака, ни вака... кажи во што е маката и остави ме да си го дочитам весников!

– Еве, сè ми е јасно, само ова зборче во реченицава не можам да го разберам... „стандард“...

– Стандард? – се најде во небрано дедото. – Па тоа ти е, внучко... тоа ти е... живот, живеачка...

– Живот? – се зачудува внучето. – Како тоа? Тогаш... ако зборчето „стандард“ значи живот, тогаш, што би значело зборчето „живот“?

– Хм, така значи? – се поднасмевна дедото „фатен во тесно“.

– Па, мислам, дедо... да се објасни...

– Еее, ако е така, Миланчо, тогаш замисли си – воено време... Глад, немаштија... Непријателот демне од зад секој агол, прогонува, затвора, убива. Парченцето леб, или лажичето сол, вреди колку и парченце злато. Татковците и мајките гладуваат со денови за да можат и својот залак да им го разделат на децата. Секој се снаоѓа на свој начин, како знае и умее. Лошите потклекнуваат, му слугуваат на непријателот или се занимаваат со нечесна трговија; чесните, пак, гладни и голи, боси излегуваат по планините и се борат против оние што им ја зазеле земјата, лебот, огништето. Во таа нерамноправна борба, многу деца остануваат без родители, многу родители без своите деца...

– Доста, дедо! Не сакам да замислувам такво нешто! Тоа е лошо, многу лошо... тивко изустува Миланчо и се притајува до дедото.

– Ете, така беше некогаш, таков беше животот... што велиш ти – таков беше „стандардот“...

– Тоа било тогаш, дедо, но каков ни е стандардот денес?

– Денес? – широка насмевка огреа на лицето на дедото. – Ете, гледај ги врапчињата!

– Ги гледам, – вели – не колваат повеќе.

– Ете, гледаш ли, внучко: некогаш се умираше за корка леб... а во некои земји на светот и денес сè уште се гладува и жедува, а кај нас, гледај и врапчињата јадат наполитанки! Ете, тоа ти е – стандард!

– Нека биде така, дедо, но што е тоа зборче во реченицава... Граматички што е?

– Ее, внучко, јас ти објаснив што значи во животот, а во граматиката, во реченицата... нека ти го објасни учителот!

Така, внучето почна да се поти околу анализата на реченицата од четивото, а дедото, пак, си продолжи да ги анализира најновите настани во светот кои сè повеќе потсетуваа на оние мачни години на кои токму сега најмалку сакаше да се присетува.

***Киро Донев***

## Размисли и одговори ги следните прашања!

1. Кои ликови се јавуваат во текстот?
2. Каде и кога се одвива дејството?
3. На кој литературен род му припаѓа текстов?
4. За што разговараат ликовите?
5. Во кое лице е раскажан текстот?
6. Каква е улогата на врапчињата?
7. Дали во текстот има вметната приказна? Кој ја раскажува?
8. Која е темата, односно предметот што се обработува во текстот?
9. Определи ја идејата, односно пораката што ја испраќа авторот преку овој текст!



Расказот е куса прозна литературна творба во која се опишуваат мал број настани преку мал број ликови, но акцентот е ставен на еден настан и на еден до два лика.

Во расказот, може да има и споредни настани и ликови. Тие служат за да ги надополнат главните.

Роботот Крокси

Зена беше девојче како и секое друго од планетата Верна. Единствената разлика беше во тоа што таа си играше со поинакви игри – нејзината жед за знаење беше малку необична. Затоа, голем дел од слободното време таа го минуваше покрај Крокси, роботот за учење.

– Зена, зар не ги заврши веќе домашните задачи? – ја праша мајка ѝ тоа попладне.

– Да, мамо!

– Па зошто не излезеш малку да се прошеташ со твоите другарки?

– Но мамо, мене ова ми е поубава игра – толку интересни работи можам да научам од Крокси!

– Го почитувам тоа, Зена, ти знаеш, – рече мајка ѝ, – но потребно ти е и движење!

– Но мамо, Крокси навистина е златен, мене ми е задоволство да седам до него!

Зена, твојот Крокси е, сепак, само електронски мозок, компјутер, робот, значи машина! Роботот може да биде помалку или повеќе совршен, но тој е машина и не може да ти замени ниту една другарка, или другар. Ние ќе успееме роботите да работат за нас, но човекот е незаменлив!

– У-у, каде отиде ти! Па, јас не мислам да се вљубам во Крокси!

– Друго сакам да ти кажам, Зена. Природата е жива само додека во неа чука човековото срце, инаку таа е мртва пустина.

– Од наше гледиште, мамо!

– Се разбира, од наше гледиште. Ние, луѓето, сме свесниот дел на животот во вселената и нашата предност е во тоа што ние можеме да сториме светот околу нас да ни служи нам, а не ние нему!

***Томе Арсовски***



Пополни го петторедот за текстот „Роботот Крокси“!
– Наслов (именка).
– Опис (две придавки).
– Активност (три глаголи).
– Чувство (фраза од четири збора/идеја/порака).
– Приказ на суштината (тема, реченица од пет збора).

## Задача за час

Од библиотеката во училницата, пронајди збирка раскази! Определи ги нараторот, ликовите и настаните!

## Задача за дома

Направи свој расказ продолжувајќи ја следнава реченица: Жителите на Петтата Галаксија слетаа во училишниот двор...!







*„Потребна е голема историја за да се добие малку литература.“*
**Хенри Џејмс**

# РОМАН
# Поим и елементи

Внимателно и изразно прочитај го следниов извадок и размисли за формата на пишување, за настаните и ликовите!

Том и Хак

Двете деца занемени од ужас, трчаа како стрели кон градот. Одвреме-навреме, тие со страв се обѕираа наназад плашејќи се од следење. Секоја сенка на патот им се чинеше жив човек или непријател. Од страв дишењето им се прекинуваше. Кога поминуваа покрај осамените вили, лаењето на кучињата – чувари толку ги исплаши, што тие почнаа да трчаат уште побргу, така што и не ги чувствуваа нозете.

– Побргу да стасаме до кожарницата, – прошепоти Том, едвај дишејќи – немам повеќе сили! Нозете ми папсуваат.

Хаклбери ништо не одговори, а само силно дишеше. Најпосле стасаа до една ветва зграда, влегоа во отворената врата и паднаа на ѕидот, измачени, задишени, но со успокоено срце. Малку по малку, тие си дојдоа на себеси и срцето престана силно да им бие.Том промрморе:

– Што мислиш, што ќе излезе од сето тоа?

– Ако умре докторот Робинзон, работата ќе се заврши на бесилка.

– Ти, пак, од каде знаеш?

– Знам, запамети што ти велам. Знам.

Том се замисли малку, па рече:

– Но кој ќе каже. Ние ли?

– Што мислиш ти околу тоа? Претстави си, ако се случи, Индијанецот Џо да не го обесат – тогаш ќе нè убие без милост, порано или подоцна, штом ќе дознае дека ние сме го предале.

– И јас така мислам, Хак.

***

Хак беше изненаден од довербата на другар му и од красноречивоста на неговиот израз. Тој извади од реверот на џакетот една игла и веќе се токмеше да си го боде прстот, но Том го спречи:

– Почекај! Тоа е опасно зашто иглата е бакарна. Може да е оксидирана.

– А тоа, што е?

– Отров. Само малку да каснеш и смрт.

Паметниот Том го извади конецот од својата игла, потоа двајцата, еден по друг, си го боцнаа прстот и истискаа по една капка крв. Стискајќи неколкупати, Том со голема мака можеше да ја напише почетната буква на името служејќи се со врвот на малиот прст како со перо. Потоа, го научи својот другар како да ги напише
буквите Х и Ф. Со тоа беше извршена „церемонијата на клетвата“.

***

– Хак, што ќе речеш, ајде да појдеме да видиме. Јас ќе одам напред.

– Право да ти кажам, ми е страв Том. Ами, ако е тоа Индијанецот Џо?

Том се здрви, се наежи. Но искушението беше доста силно.

И така тие тргнаа на прсти како гуски, еден по друг. Кога се приближија на пет чекори од човекот што грчеше, Том неочекувано згазна едно суво стебло, од кое се разнесе тревожно шушкање. Човекот заофка! Се заврте и светлината на месечината падна точно врз неговото лице. Тоа беше несреќниот Џек Потер...

***

***Извадок од романот „Том Соер“ од Марк Твен***

Романот е долга епска творба во која има голем број ликови и повеќе настани. Тој опфаќа широк временски период и најчесто има општествено-историска основа. Покрај главната тема и главните ликови, има и повеќе споредни теми и ликови.

Разговор за текстот

1. Во каква форма е напишан извадокот?
2. Кој е главниот настан, темата во извадокот?
3. Кои ликови се среќаваат?
4. Определи ја локализацијата на дејството!

**ЗАДАЧА**

Прочитај некој авантуристички роман по избор и запиши ги главните ликови, раскажувачот, просторот, времето, темата и идејата!



> *„Мојата цел е да ставам на хартија сè што гледам или доживувам, на најдобар и наједноставен начин.“*
>
> **Ернест Хемингвеј**

# АВАНТУРИСТИЧКИ РОМАН

А сега, си рече сам на себеси. Види дали е добро врзан ножот и дали сече. Потоа подготви ги рацете бидејќи ќе се појават уште многу морски кучиња.

„Би сакал да имам камен наместо нож“, рече старецот, откога ги провери врзалките на веслото. „Требаше да понесам камен. Требаше да понесеш многу работи, помисли тој. Но не ги понесе, старче. Сега не е време да мислиш за она што го немаш. Мисли што можеш да направиш со она што го имаш. Ми даваш многу добри совети“, рече гласно, „Уморен сум од нив.“

Држејќи ја рачката од кормилото, под мишка ги кладе двете раце во вода додека се движеше чунот напред. „Господ знае колку зеде она последното“, рече тој. „Но сега е многу полесна“. Не сакаше да мисли на искасапената долна страна на рибата.

Знаеше дека секое тресење на морското куче значи корнење месо и дека рибата сега остава широка трага за сите морски кучиња, широка како морски автопат.

Тоа беше риба од која човек би можел да живее цело лето, помисли тој. „Не мисли на тоа. Сега одморај се и обиди се пак да ги оспособиш рацете за да го одбранат она што остана од рибата. Мирисот на крвта од моите раце не значи ништо во споредба со сета смрдеа во водата. Освен тоа, тие и не крварат многу. Не се толку многу исечени. Крвавењето, можеби, ќе ѝ помогне на левата рака да се опушти.“

***

Двете морски кучиња се приближија заедно и кога виде дека едното се приближува со отворена уста и оти ги забодува забите во сребрената страна на рибата, замавна со стапот и удри силно по сплеснатата глава на морското куче. Кога го удри по глава, почувствува како да удира на гума. Но ја почувствува исто така и цврстината на коската, па го удри уште еднаш по носот кога се одлепи од рибата. Другото куче се појавуваше и загубуваше и сега се приближи со раширени вилици. Старецот виде дека едно парче бело месо од рибата виси на краиштата на неговите вилици. Тој замавна и го удри само по главата, а кучето го погледна и откина месо побавно.

Старецот уште еднаш го удри кога тоа се спушти да го изеде месото што го откина, но му се стори како да удри по нешто тешко, цврсто и еластично.

„Дојди, галано“, рече старецот. „Дојди уште еднаш“...

*Извадок од романот „Старецот и морето“ од Ернест Хемингвеј*

## Прашања за размислување

1. Каков настан е опишан во извадокот?
2. Кој е главниот лик? Опиши го!
3. Со што се бори старецот?
4. Што претставува неговиот улов?
5. Кои се ликовите противници?

**Авантуристичките романи раскажуваат возбудливи, несекојдневни и реални настани.**
Тие најчесто се одвиваат во пустина, дивина, планина, покрај вода (море, река, океан, езеро).

**ЗАДАЧИ**

1. Избери лик од прочитан роман и стави се во негова улога, па раскажи некој негов настан! Потоа раскажи твоја или видена слична случка од секојдневието!
2. Гледај филм кој е снимен според некој авантуристички роман (на пр.: „Авантурите на Том Соер“, „Хаклбери Фин“, „Робинзон Крусо “ и др.) и определи ги главните ликови и настани во него!







## Провери го знаењето!

1. Каков прозен текст е расказот?
2. Кои се елементите на расказот?
3. Кои епски видови ги научи досега?
4. Што е роман?
5. Од каде се инспирираат авторите за пишување на раскази и романи?
6. Каква е основата на романот?

# ПОДРАЧЈЕ
# ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ

РАСКАЖУВАЊЕ И ПРЕРАСКАЖУВАЊЕ
ОПИШУВАЊЕ
САМОСТОЈНО ПИШУВАЊЕ ТЕКСТОВИ
ЧИТАЊЕ И СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ
ПИШУВАЊЕ ТЕКСТОВИ СО КОРИСТЕЊЕ ПОДАТОЦИ

„Јазикот е олицетворение на мислата.
Колку е побогата мислата толку е побогат и јазикот.“

Максим Рилски

„Човекот што не чита нема предност пред човекот што не знае да чита.“

Марк Твен

# РАСКАЖУВАЊЕ И ПРЕРАСКАЖУВАЊЕ

Прочитај го изразно следниов текст и обрни внимание на глаголските форми!

Портрет

Тоа беше „чудо од дете“. Низ градот се ширеа многу убави зборови за него. Неговото име беше Тоше, но многумина го нарекуваа „Моцарт на платно“. И имаа право. Тој навистина правеше чуда на платното. Му се восхитуваа дури и професорите од ликовната академија.

Таткото на градот, легитимно избраниот градоначалник, посака да направи портрет на син му кај ова талентирано дете. Тој планираше да го закачи портретот на ѕидот во дневната соба и да им се фали на пријателите дека купил слика од дете со Даунов синдром. Не му беше дојдено до сликата, туку со тоа, планираше да води политичка кампања и да ги освои симпатиите на народот. Го донесе син му и го седна на столчето за сликање. Откако Тоше го нацрта синот на градоначалникот, со гордост ја сврте сликата кон нив. Мускулите на лицето на градоначалникот останаа неподвижни, но син му беше одушевен од сопствениот израз на платното и тоа не го криеше. Градоначалникот му се заблагодари на Тоше, ја зеде сликата и тргна да си оди.

Тоше: Господине градоначалник, мислам дека заборавивте нешто.

Градоначалникот: Што сум заборавил, сине?

Тоше: Заборавивте да ми платите.

Градоначалникот, навреден од зборовите на Тоше, се обидуваше да се воздржи од пцовките што честопати ги користеше во канцеларијата на работа. Овој пат со него беше син му и не сакаше да го учи на недолични зборови.

Градоначалникот: Но сине, јас сум татко на градот, јас се грижам за сите вас, за целото твое семејство. Зар не го знаеш тоа?

Тоше: Го знам тоа, но сепак, ќе мора да ми платите, исто како сите.

Градоначалникот: Мал си ти за овие работи, уште. Викни го татко ти да поразговараме со него. Тој ќе ме сфати. Патем, од мене никој не барал да му платам досега.

Тоше: Татко ми ме советуваше дека треба да си ја ценам работата и талентот и дека треба да наплатам за тоа, без разлика за кој се работи.

Градоначалникот: Добро, дете. Ќе морам малку да те разочарам, но оваа слика не личи на син ми и затоа јас нема да ја купам. Син му го погледна зачудено и како да сакаше да каже нешто, но градоначалникот го повлече кон себе и повторно му се обрати на Тоше.

Градоначалникот: Задржи ја сликата, можеби, ќе ја продадеш на некој друг.

Тоше: Во ред, нека биде така. Јас мислам дека личи на син Ви, но ако Вие не мислите така, Ве молам потпишете се тука дека тоа не е Вашиот син и можете даси одите, без да ми платите. Градоначалникот потпиша дека тоа не е син му и си замина од домот на Тоше.

Тоше се подготвуваше за својата прва самостојна ликовна изложба што ќе биде одржана по еден месец во галерискиот простор на Центарот за култура. Тој имаше триесетина ликовни дела со разновидни варијации на тема, во кои низ боите го слеал сопствениот пулс на живеење. Во неговите слики како најчести мотиви се наѕираа слики од пејзажи, коњи, човечка фигура, мртва природа. Едноставно, неговата рака создаваше вонвременски и инспиративни ликовни решенија и насочуваше кон еден свет без граници, кон светот на радоста, играта, љубовта и солидарноста.

Дојде и тој ден. Сликите беа изложени. На настанот присуствуваа еминентни луѓе. Меѓу нив беше и министерот за култура, како и други претставници на културната јавност. Градоначалникот, пак, сметаше дека нема потреба да се појави. За делата на Тоше, говореа угледни писатели и почитувани етнолози, го претставуваа како еден од најуспешните ликовни творци на негова возраст, а Друштвото на ликовни уметници му додели и награда за животно дело. Присутните се одушевуваа од сликите на Тоше и му честитаа со голема почит.

Тоше ги беше изложил сите негови досегашни дела, меѓу кои и сликата од синот на градоначалникот. Сите беа изненадени колку таа слика личи на него. Но уште поизненадени беа од написот врз самата слика. Министерот за култура го забележа написот и побрза да му ја каже новонастанатата ситуација на градоначалникот.

Градоначалникот побесна. Не му се веруваше дека едно дете е способно за такво нешто. Без двоумење му нареди на министерот да ја купи сликата, без разлика колку и да чини.

Сликата чинеше 5 000 евра и носеше наслов „Синот на еден лажго“.

***Денис Бојаров***

## Размисли и одговори!

1. Која е темата во текстот?
2. Определи ги главните ликови!
3. Кој е раскажувачот и во кое лице раскажува?
4. Каде се случува дејството?
5. Чиј портрет го нацртал Тоше?
6. Како Тоше си ги цени својот талент и својата работа?
7. Кои мотиви ги употребувал во своите слики?
8. Каков бил насловот на сликата која ја нацртал за градоначалникот?
9. Која е идејата на овој расказ?

**Се раскажуваат настани во кои раскажувачот директно учествува или е сведок на тие настани. Притоа, се користат глаголи во прво лице, еднина и множина.**

**Се прераскажуваат настани за кои раскажувачот прочитал некаде или некој му ги раскажал.**

## Задачи по групи

1. Напиши расказ со наслов Нацртав портрет на...!
   Раскажувај користејќи глаголи во прво лице!
2. Прераскажи ја содржината на последната прочитана книга или на гледан филм!
   Внимавај на правописните правила!



## Читај го изразно текстот наглас!

Кино

Бранко беше дојден од Скопје. Неговите се доселија во една куќа во нашето маало, па ние за неколку дена се запознавме со него. Не измина долго време, тој рече пред сите:

– Дојдете вечер кај нас, да гледате кино. Билетот чини една пара. Сам го направив киното.

Ние се зачудивме што му е тоа кино, па по цело маало ја разгласивме таа вест и вечерта побрзавме да одиме кај Бранко, да видиме какво е тоа чудо. Наседнавме под тремот, а таму под скалите, беше распната една тенка хартија. Над неа имаше натпис: „Кино Уранија“. Што имаше зад хартијата – не се гледаше. Ние сакавме да ѕирнеме таму, но Бранко се лутеше и не даваше.

– Ех, од таму ништо не се гледа. Седнете напред и сè ќе видите.

Кога се стемни, Бранко се скри зад хартијата. Запали свеќа и на хартијата се појавуваа двајца боксери како се тепаат, како лета авион, како плови брод и што ти не. Кочо, кој седеше до мене, одеднаш во темницата се крена. Го фатив за ракавот и го прашав тивко:

– Каде? Зарем ќе си одиш?

Тој се наведна над мене и ми шепна:

– Молчи! Сакам нешто да видам... Ќе се вратам – рече и се провре кон хартијата зад која беше Бранко.

Никој не го забележа зашто сите гледаа во разиграните слики.

***Цане Андреевски***

## Задачи за дома

1. Раскажи го прозниот текст во прво лице!
2. Прераскажи го текстот во трето лице!
3. Продолжи го текстот со своја идеја!



# ОПИШУВАЊЕ

## Опишување на природна појава, пејзаж, предмет, лик, личност, настан

Опишувањето (дескрипцијата) е важен елемент на литературната творба.
Описот ќе биде успешен ако се забележат карактеристиките на предметите, суштествата, поимите, појавите, ликовите, личностите, пејзажите. Описот значи набљудување и запишување на големината, бојата или на друга особина на она што се набљудува. При описот, се користат: визуелни и аудитивни елементи и стилски фигури.

## Опис на природна појава

Именувај некоја природна појава: град, дожд, грмежи, торнадо, земјотрес и сл.! Запиши  ги сите зборови што се поврзани со таа појава, а потоа, од нив, направи опис на појавата!













# Опис на пејзаж

***Кое годишно време мами насмевка на твоето лице?***

Зимски пејзаж

– Зошто токму зимата? – ќе се запрашаме. Таа е самовила која ги краде нашите топли рачиња, таа ѕвезда која силно сјае на нашите усни. Зимата ни подарува снег, игра, задоволство, среќа, радост, прекрасни утра и насмеани ноќи. Зимата е кралица на сите годишни времиња. Јас ја сакам најмногу. Во зима, лудуваме по снегот, се прпелкаме покрај Снешковците, се смееме на снегулките кои паѓаат од небото. За нас, радоста е токму во доживувањето на белината која ги одмора очите, која ја полни душата. Ние децата сме највесели за време на зимскиот распуст. Тие денови ни се најисполнети. Најмногу се радуваме на слободата бидејќи можеме да навлеземе во играта и да го доживуваме шармот на годишното време кое го мами човекот.

Прекрасни се планините во зима. Јас едвај чекам да одам и да се санкам или скијам на прекрасниот снег, да се радувам на џагорот од луѓето. Дрвјата се покриени со белиот снег, ливадите кои некогаш биле шарени сега се бели и нудат задоволство. Птиците летаат во јата, се хранат заедно. А животните се скриени некаде во пештерите. Човекот е намамен од убавината и слободата што ја дава зимата. Колку е убаво да се скијаш, а потоа да се напиеш еден топол чај за да го почувствуваш доживувањето.

Снежната кралица е богата во душата, без неа човек не би можел да живее. Во зима, освен што студи, сè е прекрасно. Таа ја доловува магијата на исполнување на секоја детска желба.

***Јована Матевска-Атанасова***

## Прашања

1. Пронајди ги придавките во текстот!
2. Како е опишана природата во зима?
3. Издвој ги реченици со кои е претставен описот на природата!
4. Какви чувства изразува раскажувачот?
5. Опиши го твоето омиленото годишно време и нацртај цртеж што ќе одговара на текстот!

Описот на природата се нарекува ПЕЈЗАЖ.



# Опис на предмет

Се прашувате кој е мојот омилен предмет? Ќе ви кажам, тоа е една кутија. Кутија како кутија, сета мислиш украсена со дијамантски камчиња. Не, едноставна, кафеава, исшкртана со некакви златно-жолти букви. Ја добив на подарок за роденден. Нејзините врвки ме потсетуваат на нешто необично. Таа кутија ја чувам до мојот кревет, крај мојата глава, некој да не ми ја украде. Ако се случи тоа, како да ми го украл сето детство. А во неа, ех, во неа се моите тајни! Понекогаш ја отворам, ѝ ги кажувам сите мои случки од денот којшто изминал, па ја затворам. Таа ги крие моите воздишки, мојата свест, совест, надежта, љубовта, копнежот по еден живот во кој ќе имам слобода за да ги остварам моите цели. Во таа кутија ќе најдете и по некое ливче. Навидум обични, но секое крие убави желби: среќен роденден, среќно детство, биди здрава и жива, те гушкаат мама и тато, биди своја... Сите овие пораки ме потсетуваат дека сама треба да ја изградам својата иднина, со труд и со надеж!

***Ученички состав***

## Прашања

1. Кој предмет е опишан?
2. Издвој ги највпечатливите реченици што содржат опис на предметот!
3. Кој е твојот омилен предмет? Опиши го во краток состав во електронска верзија и презентирај го на наредниот час, а потоа, креирај електронски весник со описи!

# ОПИС НА ЛИК

Пожртвуваност

Баба ми се грижеше за мене кога тато и мама беа на работа. Оздравував со нејзиното млеко со подгорен шеќер и заедно ги гледавме сериските филмови. Ми покажуваше како убаво да пишувам и ми читаше приказни. Се запишав на училиште, станав првоодделенка и дојде време да ја скратам нашата дружба. Иако ми требаше долго додека да се навикнам на идејата да поминувам дел од денот без неа, се радував на промената, на можноста да запознаам другарчиња. Барем таа ќе ме отпраќа до училиште, се успокоив со утешната мисла.

Се радуваше за мојот прв училиштен ден, како да го преживуваше истиот по третпат, покрај нејзиниот и оној на тато. Ми стави чаша вода пред скалите која со еден шут требаше да ја турнам. Силно замавнав со ногата и таа тркалајќи се, оставаше водена трага при падот, особено изразена на неколку скалила. Чашата својот пад го заврши речиси во подножјето. Баба радосно ме бакна во челото.

Баба ми беше домаќинка која рано го загубила сопругот. Така, рано го изгубила и интересот за секоја женска одлика, освен за таа поврзана со кујната и со мајчинството. Никогаш не сум ја видела да користи руменило или да ја промени фризурата. Беше скромна и повлечена женичка со своите парчиња облека кои знаеше да ги прекрпува и по десеттина пати сè додека конечно не се излитеа, и конецот веќе не им беше спас.

Си ја бакнав сочно во образот пред да влезам во училницата, ја прегрнав толку силно зашто таа прегратка требаше да ме држи следните неколку часа, така што речиси ја згмечив. Го зарив носето во нејзиниот џемпер, старата волница мирисаше на износено. Забележав дека сите нè следеа некако будно, потајно, потсмешливо. Не им обрнав внимание. Јас знаев со што се гордеам и ничие потценување немаше да ме скрши.

Следните денови децата започнаа да зборуваат, да шепотат. Моите уши ги фаќаа ваквите ниски фреквенции кои беа создадени да ме повредат. Јас бев подметот во нивните реченици. Наместо да свиткам глава и дома затворена да плачам во својата соба, па да го мразам почетокот на секој училиштен ден, јас се охрабрив и го сторив тоа што најдобро го знаев – бев гласна. Ја одбрав Илина, се чинеше најдобродушна во дружината, знаев дека ако настојувам, искрено ќе ми одговори : – Што зборувате?

– Паааа... – се вртеше наоколу бараше поддршка и одобрување од другите. Кога не најде, усрамено прошепоти: – За баба ти. По овие зборови, ја свитка главата како голем и тежок, вжештен чингел. Да, овој чингел беше срамот кој ја влечеше надолу.

– Што за неа? Дека ги прави највкусните овошни колачи? Дека прави мелеми од кои за миг исчезнува секоја настинка? Или, можеби, ве интересира тајната состојка во зелникот со тиква?

Молчеа. Ама можев да ги прочитам. Точно знаев што размислуваа за мојата баба. Таа не носеше крзнена јака околу палтото, ги користеше дланките да го затвори остриот отвор на нејзиното тенко палто, несоодветно за зима. Го набљудуваат нејзиното предвреме збрчкано лице и седата, ретка коса, чевлите кои ги носеше и на снег и по мраз, иако низ нив ѕиркаше голата кожа и една голема странична дупка.

Наместо да се распрснам како и водата по скалите во повеќе млазови, јас целосно се насочив да го изгасам нивниот пламен од злоба во зачеток. Од каде знаеја тие како се сака една пожртвувана баба?

***Јована Матевска-Атанасова***

**ЗАДАЧИ**

1. Опиши го главниот лик!
2. Преку Пајаковата мрежа, анализирај го текстот!
3. Опиши го најинтересниот лик од твојата омилена книга!



# ОПИС НА ЛИЧНОСТ



Александар Македонски
(356 пр. н. е. – 323 пр. н. е.)

*Неверојатното момче што на многу мала возраст го започна своето владеење со најголемата античка империја*

„Сите ме паметат како еден од најголемите освојувачи во историјата, но и јас некогаш бев момче.

Дури и кога бев само бебе, очекувањата од мене беа огромни. На крајот на краиштата, бев син на Филип II Македонски, владетелот на Античка Македонија, познат воин и храбар војсководец. Мој тутор беше славниот Аристотел, најмудриот филозоф од тоа време. Мајка ми Олимпија, принцеза од Епир, ме сметаше за еден вид полубог, од иста лоза со легендарниот Ахил. Таа постојано ми велеше дека ми е пишано да постигнам восхитувачки нешта и да доживеам неверојатен успех. Не бев сигурен дали да ѝ верувам, но мојот талент наскоро беше потврден.

Еден ден, еден трговец со коњи донесе во палатата еден убав коњ: величествен, горд и силен, но никој не можеше да го јава. Јас им кажав на сите дека ќе го скротам коњот. Игнорирајќи ги досетливите дофрлања и кикотењето на луѓето околу мене, почнав да го галам по муцката додека не се смири.Тогаш, во вистинскиот миг, скокнав решително на неговиот грб. Животното веднаш се опушти и од тој миг не дозволуваше никој друг освен мене да го јава. Го нареков Букефал и тој ми стана неразделен придружник и во мир и за време на војна. И навистина се боревме заедно во многу битки!...“

*(Извадок од книгата „20 неверојатни момчиња кои го променија светот“)*

## Дали знаеш која е разликата меѓу ЛИК и ЛИЧНОСТ?

Ликот живее во литературните творби: во сказните, приказните, митовите, расказите, романите, драмите, песните...
Личноста живее или живеела во секојдневниот живот.
Литературата може секоја личност да ја претвори во лик.

**ЗАДАЧИ**

1. Наведи личност што живее како лик на страниците на некоја книга!
2. Опиши личност од секојдневниот живот!
3. Опиши истакната личност од некоја област!

# ОПИС НА НАСТАН

Направив грешка

Тој тринаесетти роденден никогаш нема да го заборавам. Се подготвував скоро цела недела за роденденската забава: торта, покани, простор, време и сл. Но мигот чукна. Додека бевме на училиште, на вратата од нашата училница се појави едно девојче. Најверојатно, беше ново во училиштето. Наставничката по математика ја претстави, се викаше Теодора. Таа замоли да седне покрај некого. Јас го истуркав Јан, мојот најдобар другар од мојата клупа, а девојчето седна до мене. Од првиот час бевме заедно. Јан нè гледаше, ме праша дали ќе одам да јадам, јас го одбив, му реков дека ќе јадам со Теодора. Тој зачудено ме набљудуваше. Јас без размислување шетав со неа, не ја испуштав од вид цел ден. На последниот час ја поканив да дојде на роденден. И дојде шест часот. Сите другари пристигнаа кај мене дома. Дојде и Теодора. Во играта сум се занел и не сум забележал дека Јан беше отсутен. Се збунив. Се прашував зошто не е дојден.

Истрчав кај него дома, а тој беше заигран и не ми обрна внимание. Го прашав зошто не е кај мене на роденден. Јан ладнокрвно ме погледна и ми рече:

„Сега имаш другарка, не ти требам јас“ – и ми ја затвори вратата. Јас, посрамотен, си заминав дома, а таму имаше забава во која не зедов активно учество.

***Ристо Давчевски***

Анализирај го текстот!

## ОПИС НА НАСТАН

- Тема.
- Ликови.
- Раскажувач.
- Главен настан.

**ЗАДАЧА**

Опиши настан од твоето детство што го паметиш!



# САМОСТОЈНО ПИШУВАЊЕ ТЕКСТОВИ

Секој прозен, литературен текст е составен од ВОВЕД, ГЛАВЕН ДЕЛ и ЗАВРШЕН ДЕЛ.

Подели го текстот на содржински целини и наслови ги!

Вистинско богатство

Еден ден, таткото на богато семејство решил да го одведе својот син на пат за да му покаже колку се богати и како живеат обичните луѓе. Таткото и синот поминаа неколку дена и ноќи на фармата на сиромашно семејство.
Кога се вратил дома, таткото го прашал својот син:
– Па, сине, како ти се допадна патувањето?
– Ооо, супер беше тато!
– Дали видовте колку се сиромашни некои луѓе? – праша таткото.
Синот одговори:
– Видов дека имаме куче, а тие четири. Имаме базен, а тие имаат огромно езерце. Имаме сијалици во градината, тие имаат многу ѕвезди на небото. Имаме парче земја, тие имаат широки полиња што се протегаат надвор од хоризонтот. Имаме слуги,а тие им служат на другите. Ние ја купуваме нашата храна, тие ја одгледуваат. Имаме ѕидови кои го штитат нашиот имот, тие имаат пријатели кои ги штитат.
Од зборовите на неговиот син, таткото се засрамил. Синот тогаш додал:
– Тато, ти благодарам што ми покажа колку сме сиромашни!

Извадок од „Дневникот на Ана Франк“

Вторник, 1 август 1944 г.

„... Најдрага Кети,

Еден глас во мене липа, „Ете, гледаш ли што стана од тебе... Опкружена си со негативни мислења, незадоволни погледи и подбивачки лица и луѓе што не те сакаат, и тоа само затоа што не ги слушаш советите на сопствената подобра половина“. Верувај ми, би сакала да ги слушам – ама не оди, зашто ако сум тивка и сериозна, сите мислат дека пак се преправам и морам да се спасувам со шега, и кога го велам ова не мислам само на моето семејство, кои тогаш претпоставуваат дека мора да сум болна, па почнуваат да ме клукаат со аспирини и седативи, ми го проверуваат вратот и челото за да видат да не имам температура, ме прашуваат за состојбата со желудникот и цревата и ме прекоруваат поради лошото расположение, сè додека најпосле, едноставно, не можам да издржам повеќе зашто тогаш кога сите ќе застанат околу мене станувам лута, па тажна, и на крајот завршувам така што целосно си ја истурам душата, притоа исфрлувајќи ја лошата страна и задржувајќи си ја добрата, постојано трудејќи се да најдам начин да станам она што би сакала и што би можела да бидам кога... само кога би немало други луѓе на светот.“

Твојата Ана М. Франк

**Биди креативен!**

1. Избери и ти една страница од твојот дневник, па во електронска форма, претстави ја пред твоите соученици!
Потоа, од страниците на сите ученици, креирај електронска книга на одделението!
2. Напиши прозен текст на тема по избор во кој ќе бидат застапени сите делови (воведен, главен и завршен)!
Употребувај стилски фигури и почитувај ги правописните правила!

# ПОДРАЧЈЕ
# МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

УЛОГАТА НА НОВИНАРСТВОТО

СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ ВО ДИГИТАЛНИОТ ПРОСТОР

СТЕРЕОТИПИ И ГОВОР НА ОМРАЗА ВО МЕДИУМИТЕ И НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ

„Човекот во светот го гледа тоа што го носи во срцето.“

„Човекот го слуша само тоа што го разбира.“

Гете

# МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

## УЛОГАТА НА НОВИНАРСТВОТО



Медиум е комуникациски систем за пренесување пораки до публиката.



Во новинарството, се собираат, потврдуваат, прикажуваат и анализираат информации врзани за актуелни настани вклучувајќи трендови, различни теми и луѓе. Професионалците што се занимаваат со новинарство се познати како новинари.

**ЗАДАЧА**

Прочитај ги дадените извадоци од новинарски текстови!

**ВРЕМЕ ЗА ОДЛУКА: Утре ќе биде објавен конкурсот за упис на факултетите**

Конкурсот за упис во високо образование ќе биде објавен утре во печатените медиуми и на веб-страницата на Министерството за образование и наука, објави министерот Спиро Ристовски. „Информации за критериумите и условите за запишување на студентските програми, за потребните документи, како и за роковите и местото за поднесување на документите по уписни рокови, сите заинтересирани можат да добијат на факултетот каде што сакаат да го продолжат своето образование, односно во конкурсите кои ќе бидат објавени од страна на секој универзитет поединечно“, истакна Ристовски. Министерот Ристовски апелира до матурантите добро да размислат пред да го направат конечниот избор на кој факултет ќе се запишат,потенцирајќи дека техничките и природно-математичките струки се дефицитарни на македонскиот пазар на труд.

***Преземено од веб-страницата на „Фактор“***

Нов пад на температурите и интензивни врнежи од дожд

Поларниот вртлог ќе ни прави друштво уште долго време, постојано ќе бидеме под влијание на продор на СВЕЖИ воздушни маси од север кои се НЕВООБИЧАЕНИ за овој период од годината. Од вторник, очекуваме нов ГОЛЕМ ПАД на температурите на воздухот, кои дури и во најтоплите централни и југоисточни предели од Македонија ќе бидат под 20 степени, вели Славчо Попоски.

Од вторник, исто така, на многу места максималните дневни температури ќе бидат дури и под 15 степени, а на највисоките планински врвови на запад и на северозапад од Македонија, ќе има услови дури и за повторно провејување на снег.

Инаку, во новата седмица која е пред нас во Македонија, ќе има честа појава на врнежи од дожд. Локално ќе биде нестабилно со пороен дожд, грмежи и засилен ветер во зоната на нестабилност, а можна е и појава на локално невреме, проследено со обилен пороен дожд, електрични празнења, силен ветер и услови за појава на суградица и на град.

***Преземено од веб-страницата на „Фактор“***

**Овие текстови имаат информативен карактер. Тие даваат информации за определена област, односно за одредена тема.**

Дигиталниот свет – најнебезбеден простор за деца



Трите најчести причини за насилство помеѓу врсниците се: докажувањето сила, љубомора и проблеми во однесувањето – соопштија од Меѓаши.

Оттаму информираат дека дел од проблемите со кои се соочуваат децата и младите од аспект на безбедност се: немањето врсничка поддршка и солидарност, зголемувањето на врсничко насилство, како и меѓугенерациskiот пренос на насилство (повисоките класови кон пониските класови). Овие девијантни појави може сериозно да ги нарушат дигнитетот на децата, нивното чувство дека училиштата се безбедна средина за нивен престој и нивното ниво на самодоверба на социјализација со своите врсници.

***Преземено од веб-страницата на „Македонски медиа сервис“***

Стекнете здрави навики и применувајте ги до крајот на вашиот живот.

Ова се само еден мал дел од многубројните здрави навики, но сосема се доволни како за почеток.

Чај – чајот од нане содржи хесперединин – моќен антиоксиданс, кој за 52 % ги намалува оксидативниот стрес и воспалението со шеќерната болест. Заштитете се од оваа непосакувана болест со консумирање на незасладен чај од нане.

Здрава ужина за дремка – истражувачи на Тајван открија дека кивито може да помогне околу спиењето. Кога луѓето кои страдаат од несоница би јаделе по 2 киви еден час пред да легнат, секоја вечер во период од две недели, би заспале за 35 % побрзо. Кивито ја содржи супстанцата серотонин, хемикалија која го регулира циклусот на спиење.

Почнете да грицкате – ако во исхраната додадете ореви, можете да се заштитите од опасните последици на дијабетесот. Во една студија, се заклучува дека луѓето кои боледувале од дијабетес тип 2, а јаделе по една рака ореви секој ден, имале многу постабилно ниво на шеќер во крвта. Со замена на јагленохидратите со здрави масти, можете да го регулирате нивото на шеќер во крвта, а со тоа, да го држите дијабетесот подалеку од вас.

***Преземено од веб-страницата на „Мој портал“***

Новинарските текстови треба да изнесуваат непристрасно и балансирано мислење на определени теми.
Тие може да придонесат за решавање на проблемите во општеството.

**Работа во групи**

Прва група: Кои информации и проблеми ги опфаќа секој од текстовите?

Втора група: Какво е влијанието на секој текст врз читателите?

Трета група: Како текстовите погоре може да придонесат за решавање на проблемите во општеството?

Домашна задача: Биди новинар!

Истражи ја најактуелната тема во твоето опкружување и направи новинарски извештај или напиши текст на таа тема!



# СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ ВО ДИГИТАЛНИОТ ПРОСТОР

Студентски проект на ФИНКИ: Новиот свет на виртуелна реалност

Замислете да можете да истражувате историски знаменитости или егзотични локации, без да ја напуштите вашата дневна соба, да присуствувате на виртуелни состаноци на далечни места или да проучувате сложени теми, преку магични визуализации.

Зората на новиот свет на виртуелната (ВР) и аугментираната реалност (АР) навестува ера на трансформација во која нашата физичка и дигитална реалност се спојуваат. Оваа технологија што изгледа недостижно и фиктивно за луѓето, веќе е дел од секојдневниот живот на човекот отворајќи прозорец во нова димензија на свет со возбудливи можности и искуства. Виртуелната реалност создава симулирана средина што ги транспортира луѓето во компјутерски генериран свет, целосно потопувајќи ги во дигитално искуство.

Со носење ВР-слушалки можеме да патуваме во поинаква реалност, било да е тоа истражување на фантастичен пејзаж, играње виртуелна игра или учење преку интерактивни едукативни симулации. Од друга страна, аугментираната реалност ја подобрува нашата реална средина со преклопување на дигитални информации и предмети од нашата физичка околина.

***Преземено од веб-страницата на fakulteti.mk***

**„Кога пишуваш детска литература, мора да користиш многу имагинација и да си внимателен со зборовите“, разговор со авторката на детски приказни, Маја Богоевска**

Денот на литературата секоја година се одбележува на 2 април. За првпат е прославен во 1967 година, а оттогаш секоја година во светот се одбележува за да се промовира љубовта кон читањето кај децата и да се нагласи важноста на книгите. Датумот го означува роденденот на Ханс Кристијан Андерсен, прочуениот дански автор, познат по делата: „Грдото пајче“, „Малата сирена“, „Девојчето со кибритчиња“ и многу други. Пораката за 2022 година е „Приказните се крилјата со чија помош секојдневно се вивнувате во светот на фантазијата“. Темата ја прикажува моќта на книгите за деца да ги прошират хоризонтите, да ја развијат имагинацијата и да изградат разбирање. Тоа е ден кога низ целиот свет се одржуваат средби со писателите за деца, се организираат креативни работилници, се чита, се раскажува и се зборува за најубавото нешто на светот – КНИГАТА ЗА ДЕЦА. А, само со книгата в раце, може да сонуваме со отворени очи. Затоа, продолжете да сонувате и да патувате во светот во кој сè е возможно и остварливо – во волшебниот свет на нејзиното височество – КНИГАТА ЗА ДЕЦА, вели нашата соговорничка Маја Богоевска од Битола.

***Преземено од „Женски магазин“***

## Размисли и одговори!

Кои информации и проблеми ги опфаќа секој од  текстовите?
Како влијаат врз нас, читателите? Дали ни помагаат?

**Новинарските текстови треба да бидат НЕПРИСТРАСНИ И БАЛАНСИРАНИ. Тие треба да помогнат во добивање информации за решавање на проблемите што се појавуваат во секое општество. Во новинарските текстови, новинарите треба да ја задржат својата слобода на изразување, но да внимаваат на етичкото однесување, односно текстовите не треба да содржат навреди и предрасуди.**

**ЗАДАЧИ**

- Посочи примери за позитивни и негативни коментари на социјалните (друштвените) мрежи и примери за начинот на кој треба етички да се однесуваме во дигиталниот простор (користи видеа или пишани документи/пораки)!
- Избери актуелна вест од некој електронски медиум, прочитај ги коментарите што се однесуваат на неа и подели ги, според твое видување, на позитивни и негативни! Одговорите спореди ги со другарчето до тебе!



# СТЕРЕОТИПИ И ГОВОР НА ОМРАЗА ВО МЕДИУМИТЕ И НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ

Стереотипи се погрешно изградени мислења за група луѓе, врз основа на однесувањето на поединци од истата група.
Се темелат на недоволно познавање на групата за која се зборува или пишува и наметнуваат погрешна слика за групата луѓе, според етничката припадност, религиозната и сексуалната определба, полот и според други категории.
На социјалните (друштвените) мрежи, стереотипите се користат во негативна смисла, му штетат на општеството, односно шират непријателство и насилство.

На пример: Италијанците се „бучни жабари“, Власите и Евреите се „скржави“, Англичаните се „грди“ , Американците се „глупави и дебели“, жените се „домаќинки“ и сл.
Тоа што е многу важно за медиумите, при обработка на информациите, е да ги разбијат ваквите стереотипи.

Говор на омраза претставува секоја комуникација што оцрнува личност или група, врз основа на одредени карактеристики, како што се: расата, бојата на кожата, полот, националноста, етничката припадност, религијата и слично.
Елементите на говорот на омраза се: намерата, содржината и последиците.

КАКО ДА ПРЕПОЗНАЕМЕ ГОВОР НА ОМРАЗА ВО МЕДИУМИТЕ И НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ?

– Преку навреди искажани во директен говор.
– Преку јавно користење навредувачки симболи и нивно прикажување.
– Преку палење симболи и знаци на одредени заедници (на пр.: крстови, знамиња и сл.
– Преку испишување графити со навредливи содржини.
– Преку лепење на плакати/делење на летоци со навредливи содржини.
– Преку несоодветно изразување на радио или ТВ.
– Преку несоодветно изразување на интернет.



РАЗМИСЛИ! БИДИ КРЕАТИВЕН! СПРЕЧИ ГИ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА И УПОТРЕБАТА НА СТЕРЕОТИПИТЕ!

Како да ги спречиме употребата на стереотипите и говорот на омраза во медиумите и на социјалните мрежи?
Дај предлози, запиши ги во документ, или сними корисно видео, а следниот час, презентирај ги! Може позитивно да влијаеш врз твојата околина.

# СПИСОК НА НЕПОЗНАТИ И ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ЗБОРОВИ

# СПИСОК НА НЕПОЗНАТИ И ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ЗБОРОВИ

А
аргументира – го искажува своето мислење со докази
алтан – златник
ад – пекол

Б
борч – долг
баеги – многу
бодар – витален, исполнет со енергија
бајрак – знаме
брвна – почна засилено
беда – сиромаштија
бечви – дел од машка носија (вид панталони)
балансирано – урамнотежено, има рамнотежа

В
вилаeт – област
врана – гавран
ветроказ – насока за ветрот
везден – постојано
вишнее – издигнува
вири – се создава вир од вода
вепар – дива свиња
ветерничаво – непостојано, променливо
ветва – стара
вртлог – вител, силен ветер во круг

Г
галеб – вид птица која живее покрај море, езеро...
галано – мило

Д
дигнитет – углед
да залеи – да наполни
домен – опсег на гледање
да била кабиљ – да можела, да била способна
дефицитарни – во загуба
девијантно однесување – однесување што ги крши правилата
дискриминација – омаловажување

Е
еволуирале – се развива, преминува од една во друга состојба
експонирање – изложување
етичко – правилно

Ж
жуборно – шум што го создава водата

З
замези – малку проба, поткасна
заговор – тајно дејствување против некого или нешто

Ѕ
ѕуница – виножито
ѕвечење – звук од монети

И
испилен – тукушто роден

К
клокот – звук, шум предизвикан од зовриена вода
кофинансирање – финансирање со помош
консумира – зема/прима
кодекс – правила на однесување
кабиљ – способен, подготвен нешто да направи

Л
лека – лесна
лицемерно – дволично

М
метеж – гужва
мансарда – мала просторија под таванот
маштеа – примајка
молец – вид инсект
модри – посинети
момок – помошник во селска куќа
муза – инспирација

Н
нитки – делови извезени со конец
наратив – раскажување
наизуст – напамет
назив – име/наслов
напевно – со песна
не се излитија – не се истрошија
неолна – неспособна, слаба

О
обѕира – се свртува
одајче – мала соба
ока – мерка за тежина

П
пуплат – распупуваат, гранките раѓаат пупки на дрвјата
питом – кроток
пека – многу силно сака
прохлада – разладување
паштерка – посвоена ќерка
полезен – корисен
плуг – вид орудие за орање
планктони – ситни, микроскопски организми
порив – силна желба или друго чувство
пекмез – густо сварено овошје, слатко
пурпурни – виолетови
патешествие – патување
пејоративи – погрдни зборови
патент – пронајдок, научно откритие

Р
раскласуваат – се групираат
ругузина – груба постилка
рулче – бебе, мало дете
рубин – вид скапоцен камен

С
се озабуваат – се истрошуваат, стануваат тапи
става – снага
скрита – скриена
се подбива – си игра со чувствата
се свила – се скрила
се притаи – се скри
сновеше – се движи во разни правци, талка
сафир – вид скапоцен камен
спаија – богат селанец
сводови – лакови што соединуваат ѕидови
снаже – дете што има малку сила, мала снага
се рути – се руши
сет – цел
скулптор – уметник кој изработува предмети од глина или сличен материјал
суградица – ситен град
стандард – пропис, норма

Т
троа – малку
трап – долг, тесен ископ
триумфира – победува
трендови – актуелни настани

Ќ
ќаи – овчари
ќуп – длабок земјен сад со две рачки отстрана

У
успокоен – смирен

Ф
филигран – начин на изработка на накит

Ц
целуваме – бакнуваме

Ч
чорбаџија – богаташ, големец, газда, господар
чингел – железна кука
чупа – девојка
чу – слушна

Џ
џагор – смеа, врева

Ш
шурка – млаз, блик
шака – дланка
шиник – мерка за тежина

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

Конески, Б. (2004). *Граматика на македонскиот литературен јазик.* Скопје: Детска радост.
Минова-Ѓуркова, Л. (2000). *Синтакса на македонскиот стандарден јазик.* Скопје: Радинг.
Паноска, Р. (1994). *Методика на наставата по македонски јазик*. Скопје: Просветно дело.
*Правопис на македонскиот јазик.* (2017). Скопје: Институт за македонски јазик „К. Мисирков“.

*Rečnik književnih termina.* (1985). Živković Dragiša (ur.). Beograd: Nolit.
Саздов, Т. (1981). *Студии за македонската народна книжевност.* Скопје: Студентски збор.
Саздов, Т. (1997). *Историја на македонската книжевност. Усна народна книжевност.* Скопје: Институт за македонска литература и Детска радост.